**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 април 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Есад Рахиќ, Зоран Томиќ, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска Цветанова, Љубе Бошковски, Али Ахмети, Мендух Тачи, Орданчо Тасев, Љубчо Георгиевски, Слободан Чашуле, Ангелка Пеева Лауренчиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Во меѓувреме сум известен, тоа е нашата слабост да не доаѓаме на време, дека се потпишани само 43 пратеника, а бидејќи нас ни треба и пола час, така сум информиран да се внесат во системот новите пратеници, објавувам пауза од половина час за да имаме доволен број на пратенизи за кворум.

(Објавувам пауза од половина час)

(По паузата седницата продолжи со работа во 10,30 часот)

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата.

Колку што сум информиран на листата за присутност потпишани се над 80 пратеници.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 58 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 72 пратеници.

Констатирам дека на седницита присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; претседателот на Републичкиот судски совет и Јавниот обвинител на Република Македонија; претседателот на Основниот суд Скопје I - Скопје; претседателите на основните судови во Кичево и Охрид и заменикот на претседателот на Основниот суд во Струга; претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата и претседателот на Државната изборна комисија.

Записниците од записниците од 83-та, 86-та, 88-та, 91-та и 93-та седница на Собранието, Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (нема).

Бидејќи никој нема забелешки на записниците, констатирам дека записниците од 83-та, 86-та, 88-та, 91-та и 93-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Согласно член 6 став 2 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, констатирам дека со изборот на пратениците: Трифун Костовски за градоначалник на град Скопје; Зоран Заев за градоначалник на општина Струмица; Коце Трајановски за градоначалник на општина Гази Баба; Слободан Даневски за градоначалник на општина Свети Николе и Невзат Бејта за градоначалник на општина Гостивар им престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Каме Петров предлага на оваа седница да се разгледаат: Предлогот на одлука за огласување и именување заменици на јавни обвинители во основните јавни обвинителства; Предлогот на одлуката за огласување и именување на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Берово и Кичево и Предлогот на одлуката за огласување и именување заменици на јавните обвинители во Вишите јавни обвинителства во Битола и Скопје.

Заради рационалност пратеникот Каме Петров ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров.

**Каме Петров:** Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

На денешната седница предлагам да се разгледаат и да се донесат неколку одлуки од доменот на огласувањето и изборот на повеќе функции, како што е спомнато и на повеќе инстанци на основните јавни обвинителства, заменици јавни обвинители и за Вишото јавно обвинителство. За кои одлуки станува збор, јавно ги соопшти претседателот на Собранието на Република Македонија. Затоа, согласно потребата од навремена кадровска екипираност на овие органи и врз основа на член 66 од Деловникто на Собранието на Република Македонија, укажувам на итната и неодложна потреба, денес да се донесат овие одлуки.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:**Благодарам.

Предлогот на пратеникот Каме Петров, предлогот на Одлуката за огласување и именување заменици на јавните обвинители во основните јавни обвинителства, да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров, Предлогот на одлуката за огласување и именување јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Берово и Кичево да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров, Предлогот на одлуката за огласување и именување заменици на јавните обвинители во Вишите јавни обвинителства во Битола и Скопје да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 58 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлогот за верификација Ви е доставен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да ја образложи итната и неодложна потреба, верификацијата на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, предлогот на Комисијата за деловнички мандатно имунитетни прашања, на оваа седница да се дополни дневниот ред и да се верифицираат мандатите на новите пет пратеници од листата кои станаа дополнително пратеници, се состои во тоа што согласно член 66, итната и неодложна потреба е наложена со тоа што веќе нашите колеги пратеници кои беа избрани за градоначалници на локалните избори добија уверение од општинските изборни комисии и по сила на закон им престанува мандатот, како што констатиравме на оваа седница. Така што согласно член 16 од Деловникот, пратениците кои стануваат пратеници за остатокот на мандатот, Собранието е должно да им ги верифицира нивните мандати на првата наредна седница. Затоа, согласно член 66 од Деловникот, бараме и предлагаме да се дополни дневниот ред на оваа седница.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Кондарко.

Предлокот на Комисијата, верификацијата да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледа Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за електронски комуникации.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, господинот Каме Петров да ја образложи основната и неодложна потреба, Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, господинот Каме Петров.

**Каме Петров:** Господине претседателе, колешки и колеги пратеници,

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија одлучи да му предложи на Собранието по итна постапка дополнување на уште една точка на дневниот ред.

Комисијата, како што рековте, предлага донесување на Одлука за именување на членови на Комисијата за електронските комуникации.

Итноста и неодложноста на оваа точка да биде предмет на усвојување е член 145 од Законот за електронски комуникации објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 13 од 2005 година.

Предлогот е доставен и до пратеници кои може да се запознаат со биографските податоци на предложениот претседател и тројцата кандидати за членови на Комисијата. Преостанатиот петти член ќе биде дополнително предложен.

Затоа врз основа на спомнатиот член од Деловникот, предлагам оваа точка да се стави на дневниот ред денес.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за електронски комуникации да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласаме.

Гласале 57 пратеници, 52 гласале за, нема воздржан, 5 гласале против.

Во салата се присутни 75 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;

2. Интерпелација за работата на министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева;

3. Предлози за разрешување на судии на апелационите судови во Скопје и Битола;

4. Предлози за разрешување на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје;

5. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје;

6. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово;

7. Предлог за разрешување на судии поротници во Основниот суд Скопје I - Скопје;

8. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Кичево;

9. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Охрид.

10. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Струга.

11. Предлог за именување член на Советот на Народната банка на Република Македонија;

12. Предлог на одлука за огласување именување заменици на јавните обвинители во основните јавни обвинителства;

13. Предлог на одлука за огласување именување јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Берово и Кичево;

14. Предлог на одлука за огласување именување заменици на јавните обвинители во вишите јавни обвинителства во Битола и Скопје;

15. Предлог на одлука за именување на претседатели и членови на Комисијата за електронски комуникации;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандман на Договорот за основање на Европската банка за обнова и развој, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за забрана или ограничување на употребата на мини, стапици и други средства, дополнет на 3 мај 1996 година (Протокол 2 дополнет на 3 мај 1996 година), со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протокол за пристапување на Европската заедница кон Меѓународната конвенција на Еуроконтрол за соработка во безбедноста на воздушниот сообраќај од 13 декември 1960 година, со разните измени и дополненија и утврдена со Протоколот од 27 јуни 1997 година, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 14 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи за измена на контролниот механизам на Конвенцијата, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Женевскиот акт на Хашкиот договор кој се однесува на меѓународната регистрација на индустриски дизајн, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори, илегалната миграција и други нелегални активности, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид - Подградец, со Предлог на закон;

23. Предлог на закон за управување со кризи;

24. Предлог на закон за установите;

25. Предлог на закон за извршување;

26. Предлог на закон за здравје на растенијата;

27. Предлог за донесување на закон за трансформација на Јавното претпријатие "Македонски железници" - Ц.О. Скопје, со Предлог на закон;

28. Предлог за донесување на закон за железници;

29. Предлог за донесување на закон за поништување на локалните избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница и Јегуновце, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи;

31. Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија;

32. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година;

33. Извештај за преземените мерки и активности од Владата на Република Македонија за санирање на состојбите и ублажување на последиците од елементарните непогоди што ја зафатија земјата во јуни, јули и август 2004 година.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Повелете господине Каме Петров.

**Каме Петров:** Со оглед на тоа што и пред малку ја образложив итната потреба, особено именувањето на Комисијата за електронски комуникации заснована врз основа на член 145 од Законот за електронски комуникации и со оглед на обврските што ги имаме спрема органите на ЕУ, во овој поглед и со оглед на потребата Комисијата да донесе нормативни акти со кои под итно ќе треба да се основа Агенција од оваа област, па врз таа основа сметам дека добро е оваа точка наместо 15-та да биде втора точка со тоа што ништо суштински во однос на другите точки на дневниот ред нема да се измени.

Значи, предлагам наместо 15-та точка да биде втора точка на дневен ред на Собранието. Благодрам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Петров по утврдениот ред ќе дискутираме за редоследот. Сега зборуваме дали има дополнување, измени на дневниот ред. Тоа ќе го имам во предвид кога ќе го утврдиме дневниот ред.

Бидејќи  нема други предлози, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 64 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Ако сакате господине Петров уште еднаш формулирајте го предлогот на  кое место треба да дојде таа точка.

**Каме Петров:** Од донесувањето на одлуката за именување членови на Комисијата за електронски комуникации наместо 15-та да биде втора точка од дневниот ред на денешната седница на Собранието на Република Македонија. Мислам дека мотивите доволно ги објаснив.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на господинот Каме Петров точката 15 како што е прочитана и усвоена да биде втора точка.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале  62 пратеника, 58 гласале за, 1 воздржан, 3 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали има други предлози во врска со редоследот? (Нема).

Констатирам дека со оваа измена дневниот ред е утврден и усвоен, а во текот на расправата ќе го добиете дефинитивниот редослед на дневниот ред.

**Минуваме на точката 1. -  Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно иминутетни прашања Ви е доставен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитувани пратеници, Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија. ДИК ја спроведе постапката, согласно Законот за избор на пратеници, така што новите пратеници од листата дадоа писмени изјави со кои ги прифаќаат мандатите да станат пратеници и ДИК веќе им издаде уверенија за пратеници. Врз основа на тоа Комисијата констатираше дека нема никакви законски пречки да му предложи на Собранието да ги верификува мандатите на новите пратеници на денешната седница. Тоа се Александар Флоровски од листата на ВМРО-ДПМНЕ и Либерална Партија од изборната единица број 2. Господинот Добре Рековски од изборната единица број 4 од листата на СДСМ и останатите 9 партии од Коалицијата за Македонија заедно, госпоѓата Милка Митковска, од листата на ВРМО ДПМНЕ и Либералната партија, од изборната единица број 3, господинот Тома Глигориевски, од листата на Либерално-демократската партија и сите 9 партии од Коалицијата за Македонија заедно од изб орната единица број 2, и госпоѓата Сенјал Хасани од Демократската Унија за интеграција од изборната единица број 6. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи  никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На гласање го ставам Извештајот од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на мандатот на пратениците: Александар Флоровски, Добре Рековски, Милка Митковска, Тома Глигориевски и Сенјал Хасани.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеника, 73 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратениците Александар Флоровски, Добре Рековски, Милка Митковска, Тома глигориевски и Сенјал Хасани.

Им честитам за верификацијата, се надевам дека ќе имаме консруктивни пратеници во Парламентот, нови пратеници, а службите нека ги поделат картичките за да можат активно да учествуваат во работата.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за електронски комуникации**

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 53 гласале за, 2 воздржани, нема против, а во салата се присутни 72 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претседател и членови на Комисијата за електронски комуникации.

**Минуваме на точката 3. - Интерпелација за работата на министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева.**

Интерепелацијата и одговорот на министерот за надворешни работи ви се доставени.

Отворам претрес.

Согласно член 45 став 1, од Деловникот на Собранието еден од пратениците што ја поднел интерпелацијата има право на ссědницата на Собранието да ја образложи во траење од 20 минути.

Дали некој од пратениците сака да ја образложи интерпелацијата?

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ и Либералната партија на 21 јануари 2005 година до Собранието на Република Македонија достави интерпелација за работата на министерот за надворешни работи госпоѓата Илинка Митрева.

Согласно членот 43 и 44 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија каде јасно се утврдени роковите во кои треба да се постави точката на дневен ред и да добиеме писмен извештај - одговор од страна на мимнистерот. Гледаме дека од тогаш поминаа три месеци, конечно извештајот односно интерпелацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија се најде на дневен ред.

Накратко би сакала да ги образложам причините зошто се одлучивме како пратенички групи тогаш да ја доставиме оваа интерпелација.

Како основна причина за поднесување на интерпелацијата за работата на министерот за надворешни работи Илинка Митрева беше дипломатскиот скандал во Министерството за надворешни работи. Имено, предложувањето на господинот Џевад Адеми, за извршување на функцијата амбасадор во Софија - Република Бугарија.

Господинот Џевад Адеми се наоѓа на црната листа на САД, но и покрај тој факт, тој беше именуван како кандидат за амбасадор во Софија, Република Бугарија.

Оправдувањето на министерот за надворешни работи госпоѓата Илинка Митрева беше дека впрочем се работи за недовршена Владина постапка без да се признае дека всушност ваквиот пропуст е нејзина одговорност, со оглед на тоа дека во МНР функционира соодветна тајна служба која извршува и објавува проверки од таков карактер.

Министерот за надворешни работи се обиде да ја дислоцира својата одговорност врз ДУИ како коалиционен партнер на СДСМ. Нејзината аргументација беше дека се работело за подметнување и несериозност при предлагањето на кандидати за амбасадори. Впрочем, тука е основниот проблем во функционирањето на Министерството за надворешни работи и принципиелноста на министерот за надворешни работи. Во име на партиските прераспределби на амбасадорските претставништва на Република Македонија се опструира професионалниот ангажман на лица со богато дипломатско искуство кои сериозно ќе пристапат во промовирањето на Република Македонија како држава со квалитетен надворешно-политички потенцијал.Необјаснива, неоправдана и антидржавна е тенденцијата и практиката на форсирање на дипломатски кадри по претходен политички договор за сметка на националниот интерес на државата.

Последниот случај со господинот Џевад Адеми само ја потврди лошата организациона поставеност во МНР. Покрај тоа што тој се наоѓа на црната листа на нашиот стратешки партнер САД, неговата биографија доволно кажува за некомпатибилноста на неговиот личен и професионален ангажман со професионалното извршување на функцијата амбасадор во Софија - Република Бугарија, тој беше предложен. Се поставува прашањето дали министерот за надворешни работи не бил зазпознаен со неговиот досегашен ангажман и неговото работно искуство што би требало да претставува основа за неговото именување амбасадор. Имено, Џевад Адеми е поранешен затвореник во Идризово и Пожаревац, но според МНР и тоа не претставувало проблем, бидејќи се работело за осуда од политички причини. Но, во биографијата на господинот Џевад Адеми не е наведено дека тој се наоѓа на црната листа. . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева овде не е на интерпелација господинот Адеми, туку министерот. Ве молам ако можете да бидете малку . . .

**Силвана Бонева:** Господине претседателе ги образложувам причините заради што е доставена интерпелацијата. . . .

**Љупчо Јордановски:** Сосема ве разбирам, вие зборувате за биографијата на Адеми во детали, можете само со неколку збора да го кажете.

**Силвана Бонева:** Да, една од причините е и тоа.

Повторно ќе кажам дека во биографијата не е наведено дека тој се наоѓа на црната листа на САД ниту дека тој е еден од експонентите за новото државно уредување на Република Македонија односно за федерализација на државата, што директно се коси со принципите на Рамковниот договор.

Впрочем, своите екстремни политички ставови господинот Џевад Адеми на повеќе наврати јасно ги искажа и тие говорат за неговата радикална политичка опција, што не е во согласност со официјалната политика на Република Македонија.

Не аргументирани се тврдењата на министерот за надворешни работи дека ДУИ е одговорен за ваквиот дипломатски скандал. Република Македонија имаше именувано амбасадор во Република Бугарија господинот Ризван Сулејмани по добиената согласност од официјална Софија. Но, господинот Ризван Сулејмани беше повлечен и беше именуван за министер за локална самоуправа.

За само три месеци се случи уште еден скандал со предлогот на господинот Џевад Адеми за амбасадор во Република Бугарија, а таквото

однесување на официјално Скопје, спрема официјална Софија, само води кон нарушување на досегашните дипломатски односи и воспоставување на политиката на добрососедство и добри меѓународни односи. Со тоа само се презентираат состојбите во МНР каде амбасадорски места кои имаат иманентно значење за развојот на добрососедските односи се сведуваат на политички распределби помеѓу владеачките партии, за сметка на професионалното ангажирање и развој на позитивна регионална и добрососедска политика, што е предуслов за прием во Евроатлантските интеграции.

Девалвирањето на значењето на дипломатските активности во соседството говорат за наметнување на партискиот над националниот интерес посебно во време кога Република Македонија треба да претставува промотор на солидна и позитивна регионална политика. Однесувањето на официјално Скопје спрема официјална Софија може да има негативни реперкусии во развојот на билатералните односи, а секако претставува и девалвација на државата на надворешно политички план.

Имено, фактот дека лице кое се наоѓа на црна листа на нашиот стратешки партнер САД се предлага за амбасадор во Република Бугарија говори, повторно ќе кажам, за самата организациона поставеност на државата, а посебно на Министерството за надворешни работи.

Причина плус за поднесување на интерпелацијата за работата на министерката за надворешни работи госпоѓата Илинка Митрева беше и трагедијата што се случи со македонските државјани во Ирак односно нивната груба егзекуција и МНР тогаш неоправдано не реагираше брзо и соодветно и не воспостави соработка со сите релевантни институции во државата и надвор од неа за да ги пронајде македонските државјани како вистинска извршна власт која согласно Уставот и законите е должна да ги заштитува правата и интересите на македонските државјани во странство.

Имено, по објавувањето на информацијата дека двајцата македонски државјани се киднапирани од терористичко-екстремистички групации, МНР не предложи никаков став и решение на овој проблем, туку напротив се обидуваше да избегне секаква одговорност префрлајќи ја вината на американската фирма "Солфан-инженеринг", со што го занемари фактот дека како Министерство за надворешни работи, како државна институција е должно да ги преземе сите активности и расположиви мерки за заштита на животите на македонските државјани.

Министерката за надворешни работи е директно одговорна за внесувањето на информативна конфузија во јавноста дислоцирајќи го проблемот како чин инспириран од криминални мотиви, маргинализирајќи го прашањето дека всушност киднапирањето е инспирирано од политички мотиви. МНР се вклучи два месеци по киднапирањето по наредба на премиерот и претседателот на државата кога требаше да се утврди вистината за убиството на нашите сограѓани.

Досега наведените состојби во МНР секако се резултат на непрофесионалноста и партизацијата што води кон целосна деградација на надворешно политичките позиции на Република Македонија, а отсуството на конкретен надворешно политички ангажман на Република Македонија и дава имиџ на земја без државотворен капацитет.

МНР перманентно го опструираше правното нормирање и на работата на МНР преку донесувањето на конкретен закон за надворешни работи што е основа за професионално работење на МНР, согласно принципите на европското законодавство. Имено, законот за надворешни работи претставува приоритет за дефинирање на правната рамка за професионална организациона поставеност на МНР и неговите надлежности компатибилна со легислативата и практиката на земјите членки на ЕУ.

Ќе се согласите сите, почитувани дами и господа, дека подобро за државата ќе беше доколку прашањата од Евро-прашалникот се одговореа според законот за надворешни работи, а не според интерни правилници на МНР.

Понатаму, и покрај тоа што министерката неколку пати досега ветуваше, а последен пат тоа беше пред три месеци дека Законот за надворешни работи ќе биде готов за наредните два месеци. Од тогаш поминаа три месеци, последниот рок што беше кажан, колку што успеавме да пресметаме 18 март 2005 година, меѓутоа, месец дена после тој кажан рок сеуште законот не можеме да го видиме. Се поставува прашањето дали ваквата незаконитост промовирана со намерната опструкција на донесувањето на законот за надворешни работи и одговара на министерката, па најверојатно затоа се кочи носењето на законот за надворешни работи. Да потсетиме дека законот за надворешни работи беше предложен од страна на опозицијата, меѓутоа, не беше прифатен и оттогаш па натаму, постојано се зборува дека еве туку што ќе се донесе закон за надворешни работи.

Самоволието, непотизмот и неодговорноста на министерката во Министерството за надворешни работи доведе до целосно дефокусирање на приоритетите на Република Македонија на надворешно политички план, односно на надворешно политичката стратегија за профилирање на Република Македонија, како сериозен претендент и кандидат за прием во евроатланските структури.

Во повеќе национални презентации во странство, се случија дипломатски скандали, без адекватна презентација на економско - политичкиот потенцијал на државата. Не постои елементарна надворешно-политичка стратегија за економско презентирање на државата и потребите за привлекување на толку неопходните странски

инвестиции во Република Македонија. За пример само ќе го земам сајтот на Министерството за надворешни работи што требаше да биде наш прозорец кон светот, каде што можат да се добијат информации за економската дипломатија, гранко-дипломатијата за која што Република Македонија има насушна потреба и таму ќе видиме дека има навистина оскудни информации.

На делот од сајтот каде што стои-Зошто да се инвестира во Македонија, нема ништо. Логично се поставува прашањето што ќе се случи кога економските субјекти ќе го отворат тој сајт?

Внатре пишува - Нема соодветни содржини за тоа мени. Ова е текстот што се појавува при отворањето на делот од сајтот чиј што наслов е Економска дипломатија.

Ова е доста нелогично, посебно доколку се земе фактот дека економската дипломатија од страна на министерката е нагласена како подрачје каде што МНР ќе посвети голем дел од своите капацитети. Не само што нема никакви содржини на сајтот од оваа област, туку и во дипломатската пракса на Министерството не се забележани никакви чекори на унапредувањето на економската дипломатија. Еве, само во овој сегмент каква е навестената, некогаш агресивна политика на Министерството за надворешни работи од страна на госпоѓата Илинка Митреба.

Понатаму, од 163 држави со кои што Македонија има воспоставено дипломатски односи, македонските граѓани без виза можат да патуваат само во 12 земји. Добивањето виза за студентите, добивање виза за престој, работна, иселеничка или други, дури и туристичка виза претставува кошмар за голем број наши граѓани. Голем трошок за нив е, често и поле за корупција за разни посредници и криминалци.

Укинувањето на шенген визите, шенген визниот режим требаше да биде еден од врвните приоритети и на Министерството за надворешни работи.

Иако склучувањето на договорите за реадмисија не се во надлежност на МНР, што требаше сепак да преземе Министерството за надворешни работи во насока на укинување на шенген визите? Требаше минситерката за надворешни работи, заедно со Министерството да воспостави координација и официјално да побара од надлежните министерства што е можно побрзо завршување на веќе почнатите преговори за реадмисија, уште побрзо започнување на преговори за склучување договори за реадмисија со државите со кои што ги немаме склучено и целата постапка да се брои во денови, а не во недели или месеци.

МНР требаше да упати официјално барање до Владата на Република Македонија со цел укинување на визниот режим и Владата, на итна седница да го задолжеше МВР да започне итна постапка за склучување на договори за реадмисија со сите земји членки на шенген визниот режим и Европската унија.

Почитувани дами и господо,

Доколку МНР, исто така, сакаше да ја забрза постапката за укинување на шенген визниот режим требаше да обезбеди потребно ниво односно да изврши притисок врз надлежните министерства и Владата да се обезбеди потребно ниво на контрола на граничните премини и нивно оспособување за издавање визи на самите гранични премини за граѓаните од земјите во кои што Македонија нема свое конзуларно претставништво. Оваа обврска, повторно ќе кажам, иако не е во надлежност на Министерството за надворешни работи, сепак требаше да има координација помеѓу надлежните министерства и Владата на Република Македонија и да се интензивираат сите овие постапки со цел да се надмине овој огромен проблем за граѓаните во Република Македонија.

Доколку се сакаше цела оваа постапка во однос на реадмисиите да трае многу пократко и да не си го губиме времето во нови преговори, тогаш, можеби, требаше да се размисли и за побарување, односно да се побара обновување на старите договори за реадмисија што СФРЈ ги има склучено со тие земји. Ако нема со сите, тогаш со оние што ги имала.

Конкретно ќе посочам како Словенија и Хрватска ги решија проблемите со договорите за реадмисија. Словенија, сеуште го користи бившиот Договор за реадмисија на бившата СФРЈ со Шпанија. Исто така, го користи и стариот Договор на СФРЈ со Велика Британија. Значи, се со цел да се скратат овие рокови за потпишување на нови договори за реадмисија и Хрватска и Словенија најдоа начин како тоа да го изведат многу побрзо отколку тоа што се случува во Република Македонија.

Хрватска ги има обновено старите договори за реадмисија на бивша СФРЈ со Бугарија и Турција. А, според кажување на раководителот во Министерството за надворешни работи на Хрватска, сегашниот безвизен режим на Хрватска, во 80% од случаевите се должи на обновените договори со бивша СФРЈ.

Јапонија, сеуште се држи до стариот Договор со СФРЈ и ги применува на сите бивши ЈУ републики. Куба исто така. Да не редам понатаму.

Значи, требаше малку повеќе добра волја и малку повеќе ангажман и граѓаните на Република Македонија да почувствуваат дека Министерството за надворешни работи се ангажирало заедно со сите министерства во Владата на Република Македонија за надминување и на овој проблем. Значи, и во однос на оваа сфера немаме, речи си, никаков виден напредок.

Стагнација има и на дипломатските активности за промовирање и унапредување на односите на Република Македонија со Европската унија и НАТО и отсуство на конкретни дипломатски

активности преку дипломатски мисии во Брисел, како центар на евроатланстките текови во надворешната политика...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Согласно член 45 став 2 од Деловникот на Собраниеоет на Република Македонија , министерот има право на седницата на Собранието да го образложи својот извештај или да даде одговор на поставената интерпелација во траење од 20 минути.

Дали министерот за надворешни работи, госпоѓа Илинка Митреба сака да го образложи својот Извештај, односно да даде одговор на поставената интерпелација?

Збор има минситерот за надворешни работи, госпоѓа Илинка Митрева.

**Силвана Бонева:** Дали можам да ја завршам реченицата?

**Љупчо Јордановски:** Не може. На 20-те минути имавте сигнал. 20 минути поминаа. Доволни се.

Повелете госпоѓо министер.

**Илинка Митрева:** Благодарам господине претседателе.

Ќе оценам, благодарам на упатувањето дека имам право да одговорам на Интерпелацијата од говорницата на ова Собрание, но дозволете ми да оценам кога ќе го сторам тоа.

**Љупчо Јордановски:** Јас само ве потсетувам Деловнички кое право го имате.

За збор се јави господинот Стојан Андов, а потоа нека се подготви пратеникот Илија Србиновски.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Почитуван господине претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги рпатеници,

Интерпелацијата, како што ни е нам овде познато е инструмент на парламентарна контрола врз работењето на институциите од извршната власт.

И овој пат имаме можност да видиме како функционира нашата парламентарна контрола, како Парламентот ги контролира активностите на одговорните органи и личности и институции од извршната власт, т.е. на кој начин функционира еден од клучните критериуми од оние Копенхашки критериуми што ги викаме ние од 1993 година, што ги донела Европската унија.

Интерпелацијата секогаш содржи и политички квалифиакции. Содржи политички квалификации како во текстот на поднесокот на интерпелацијата, така и во одговорот на наводите во интерпелацијата што ги даваат и личностите на кои се однесува интерпелацијата и институциите. Меѓутоа, таа има смисла ако во текот на овој судир на аргументи и на искажувања, сепак, работите, барем по некои најважни прашања и најконкретни прашања изнесени во поднесокот, станат појасни.

Јас сега апелирам кон сите нас, кои ќе учествуваме во расправата, барем неколку работи да разјасниме, ако не повеќе отколку кога биле во јавноста присутни пред да биде поднесена интерпелацијата.

Текстот што ни е поделен овде од министерстерот за надворешни работи, госпоѓа Илинка Митреба не помага некое прашање содржано во Интерпелацијата да биде разјаснето, да се утврдат фактите како точно стоеле работите по тоа прашање. Јас за тоа ќе дадам и пример.

Меѓутоа, дисквалификации и квалификации политички има многу во текстот. Тоа не е добро. Тоа не е добро минситерот да го прави. Министерот е функционер на извршната власт. Тоа повеќе им припаѓа на пратениците овде, кои зборуваат и застапуваат партиски интереси и т.н. Меѓутоа, тоа не може да го прави државен функционер од извршната власт. Тоа е власт врз сите и на сите.

Би сакал, барем две прашања, ако може, во своето излагање што го најави министерката да разјасни. Може таа да ги разјасни и треба да ги разјасни, без да дава квалификации кои што, како рекол и колку вреди тоа што го рекол. Тоа е напишано во текстот и е речено така.

На пример, би требало да се разјасни до која фаза дошло кандидирањето за амбасадор на господинот Адеми? Треба да се утврди, таа да објасни.

Таа, во одговорот зборува за процедурата, па вели "процедурата на именување на амбасадори се одвива во неколку фази во кои што учествуваат повеќе чинители. Поранешните министри, потписници на Интерпелацијата, би требало да го знаат тоа".

Тука е во право госпоѓа Митрева од причини што тоа навистина може да го знаат само поранешните министри, а не и пратениците, не и јавноста, бидејќи нема закон за тоа и со актите не се утврдени, никој не може да утврди кои се сите тие фази на процедурата и кои се чинителите во процедурата.

Затоа е ред таа да објасни каков е текот на процедурата, како било. Чинителите се веројатно, претпоставуваме прво партиите членки на коалицијата, па потоа веројатно Министерството до Владата, тие до Министерството, а Министерството до Владата, Владата го утврдува предлогот и го дава до Претседателот кој донесува решение за именување или одлука за изменување на амбасадор. Се разбира, пред потпишување на указот за именување на амбасадор и негово заминување, сигурно е дека треба да се бара и агреман. На таа основа, откако ќе се добие агреманот, да биде потпишан указот и да може господинот амбасадор, кој и да е, да замине таму.

Е сега, овде треба да се каже, не да се каже дека процедурата вака и така, туку во случајот на господинот Адеми, предлогот за негово именување за амбасадор беше даден од тој и тој до тој, до таа и таа институција. Тоа треба да утврди, до каде дошло. Ако предлогот го дала

партијата што е член во Кадровската комисија или не знам што на партијата и ако е тоа обичај и ако тоа дошло до Министерството за надворешни работи, значи и запрело тука е една работа.

Ако Министерството за надворешни работи го проследила предлогот до Владата, тоа е веќе друга работа. Тоа е веќе сосема друга работа. Ќе знаеме до каде било тоа.

Се разбира, партијата не може да одговара, нејзината партиска комисија ако тоа го предложила, овде само политички одговара, меѓутоа сигурно е дека Министерството, пред да оди во јавноста, тоа требало да го објасни на луѓето. Сега не навлегувам кој што требало да прави, но да видиме како е направено, кој што направил и до каде е дојдено за да го разјасниме овој случај со господинот Адеми. И, да се каже, тоа да се каже дека, бидејќи така и така стои, наводите во Интерплацијата држат или не држат. Тоа треба да се утврди сега.

И второ, околу киднапираните тројца работници од Куманово во Ирак. Треба, навистина, точно да се наведе кога Министерството и со која институција или со кој фактор кој влијаел на судбината на киднапираните стапило во контакт, на кој начин, преку кои линии, кој бил резултатот и зошто така таа работа завршила. Ова, дека бил мобилизиран целиот потенцијал, вака-така, тоа ништо не значи. Можат да се даваат изјави за новинарите, весниците, за јавноста кога сакаме да промовираме некој политички став, така и така. Меѓутоа, кога преку интерпелација треба да се расчисти дали постои или не постои одговорност во постапка што е предвидена со Уставот и е придобивка на целата парламентарна практика во сите развиени демократски земји, да се утврди одговорноста, да се оствари парламентарна контрола од страна на законодавната власт врз извршната власт, не може така. Мора фактите да се наведат. Да се наведе тој и тој функционер беше тогаш и тогаш задолжен, тоа и тоа направил, со тој и тој стапил во контакт, така и така тие информации ги побаравме од родителите и нивните роднини, тие од фирмата, тие од амбасадата, таа што е надлежна таму наша, таа од Ирачката амбасада што не покрива некоја, таа од американската фирма, таа од американската амбасада и т.н. Така да се добие претстава овде, да видиме има одговорност или нема одговорност.

Овие работи ги очекувам од настапот на минситерката. Инаку нема да се впуштам во политички квалификации дали и колку сме отишле по оваа линија или по онаа линија. Тоа не е суштина на интерпелациите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Илија Србиновски, а нека се подготви Илија Китановски.

**Илија Србиновски:** Почитуван претседателе, дами и господо, почитувани пратеници, почитувана јавност,

Да бидам искрен и објективен, ми претставува особено задоволство што денес имаме можност, како претставници, со мандат од граѓаните, односно пратеници да отвориме една тема и конечно да отвориме една дебата што до сега, навистина, беше малку експлоатирана, како од политичарите, така и од јавноста. Реално можам да кажам дека претставува tera it unita, односно непозната земја.

Но, како што кажав на почетокот, задоволството да проговориме за оваа тема не ми е туку така само иницирано од фактот што сум опозиционер, па еве ми се укажува убава можност да критикувам и да поентирам, туку од една загрижувачка реалност што ја имаме пред нас во областа од надворешните работи и дипломатијата. Би бил необјективен ако кажам дека до периодот 2002 година сме немале многу слабости и лоши политички проценки во надворешната политика, но за тоа цената се плаќа на избори на кои што граѓаните одлучуваат. И кога граѓаните одлучуваат кој ќе ја носи одговорноста во 2002 година тогаш можеме полесно да ја дијагностицираме и болеста за одговорноста на личноста која го води ресорот за надворешни работи. Затоа денеска имаме еден конкретен проблем, една конкретна личност и една интерпелација која мислам дека е повеќе од заслужена и тоа интерпелација за работата на министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева.

Прво, морам да истакнам дека многу повеќе очекував од одговорот на интерпелацијата кој ни беше доставен од министерот, но за кратко време и откако го прочитав останав разочаран. И само еден лаички поглед на одговорот ќе ви даде за право да заклучите дека тој е пишуван меѓу две кафе паузи од страна на личното обезбедување на министерката, или некои од службите за општи и заеднички работи и не сум сигурен дали со ваков одговор министерката имала интенција да го омаловажи значењето на интерпелацијата како политички документ и да не омаловажи нас пратениците.

Како и да е во тоа сигурно успеала, но овде не се работи за лична пресметка туку во прашање се државни работи и државна политика за која сите сме одговорни како извршната така и законодавната власт. Но, ова мое првично разочарување од одговорот на интерпелацијата само повеќе ме убеди дека денес овде со право дебатираме за една ситуација и за многу наталожени проблеми.

Значи, денес имаме една фактичка ситуација и една дискрапанца, еден голем расчекор помеѓу ветеното и стореното. Имено, Владата на СДСМ кога ја доби довербата од граѓаните ни ветуваше многу работи од кои ништо не видовме. Едноставно не излага. Не излажа и со ветувањата во областа на надворешните работи. Но, да се задржиме на некои битни моменти кои ни ги ветија и тоа:

Република Македонија активно ќе работи на преземање мерки за либерализација и укинување на визниот режим и првите резултати ќе ги видиме за две години.

Во Република Македонија ќе се етаблира ефикасна и стручна дипломатија со стручни и компетентни луѓе.

Ќе се воведе ред во Министерството за надворешни работи и ќе се воведат мерки против непотизмот, корупцијата и криминалот во истото министерство.

Ќе се донесе закон за надворешни работи.

Се ветува и многу други работи, но за овие како суштествени ќе се задржиме малку повеќе.

Во Република Македонија за овие две ипол години ама буквално ништо не е направено, ниту пак се работи на некакви мерки за либерализација и укинување на визниот режим спрема Република Македонија. За ова, впрочем, најдобар показател се граѓаните. Едноставно ако не верувате прашајте ги граѓаните, тие ви се најмеродавниот критериум.

Имено, граѓаните на Република Македонија се повеќе се ориентираат кон вадење на бугарски пасоши поради немање можност да патуваат и поради Шенгенскиот ѕид и така за време на оваа влада ќе добиеме повеќе од 100.000 државјани на соседна земја. Секако одговорноста на министерот е голема и Министерството за надворешни работи треба да биде двигател на овој процес за укинување на визниот режим.

Не видовме никаква иницијативност од Министерството да ги анимира и другите ресори кои се вклучени во овој процес.

Друго битно прашање кое заслужува внимание подолг временски период е Законот за надворешни работи. Не ми е јасно зошто на Владата не и одговара да го нормира ова подрачје со еден закон кој ќе ги регулира надворешните работи, како и правата и обврските на функционерите во вршење на надворешните работи. Овој закон има огромно значење за секоја држава која претендира да стане членка на Европската Унија. Не постои друго разумно однесување за недонесувањето на овој закон освен тоа дека долготрајното опстојување на правен вакум нуди можност за прикривање на хаосот и конфузијата. И криминалот во Министерството, и повторно овде голема одговорност на министерот, пред три месеци ни беше најавен некој закон, но сеуште не сме виделе ништо.

Друг битен момент кој сакам да го потенцирам е ситуацијата во Министерството со непотизмот, корупцијата и криминалот.

Министерот буквално на овој план не знае што му се случува во ресорот, а тоа може да ни го потврди и секој вработен таму. Овој тренд на непотизам и фамилијарни релации продолжува и понатаму.

По прашањето за компетентна и стручна дипломатија останува статус кво и повторно ништо не е направено на овој план. Во Министерството беше формирана комисија која откри криминал и злоупотреби на некои државни пари од некои државни функционери и дипломати и тоа и беше транспарентно предочено на министерката, но повторно ништо не беше преземено. Тоа е класично покривање на криминалот.

Сега доаѓаме до еден момент кој ја разбрануваше и ја потресе нашата јавност и уште еднаш ја потврди нашата слаба и импровизирачка дипломатија. И тука главната одговорност мораме да ја лоцираме во министерот не поради тоа што не можеше ништо да се направи за нашите егзутирани работници во Ирак, туку се што се направи беше пост фестум, откако тие веќе беа егзутирани. И каде е тука одговорноста да се поднесе оставка,како во секоја европска држава за ваков случај. Но, големиот број на гафови и непрофесионални потези можам да констатирам дека стана редовна пракса во функционирањето на Министерството за надворешни работи и затоа во ова излагање натаму следува, кое според мене има големо значење по нарушеното функционирање на ова Министерство и кое исто така беа едни од многуте причини за поднесување на оваа интерпелација на министерката Илинка Митрева.

Дипломатски инцидент што пред извесен период се случи со испраќањето на заменикот министер за надворешни работи во Полска, како највисок претставник на Република Македонија ја отсликува кулминацијата на мизеријата и крахот на македонската дипломатија.

Многу интересно е што како и секогаш досега никој за ништо не е виновен, ниту пак одговорен. Едноставно стариот испробан рецепт во Министерството за надворешни работи функционира беспрекорно, а тоа е или се молчи, или вината се лоцира кај некој друг. Барем јас не се сеќавам нешто Министерството за надворешни работи да било доблесно и еднаш да ја лоцирало одговорноста за вакви мега скандали, или некои слични на нив кај себе. Домашната јавност можеби и може да се заобиколи, но има и незаобиколиви протоколи надвор од нашите граници.

Како илустрација интересно е да се спомне доцнењето на претседателот на Русија Владимир Путин на истиот настан од полските евро-парламентарци беше оценето како скандал односно како навреда за полскиот народ. Имајќи го сево ова предвид во предвид очајно и заради официјалното објаснување на министерката Митрева дека грешката се случила затоа што не била адресирана поканата.

За да покажеме на конкретен случај колку се работите драматични ќе проследиме како се одвиваше наспроти како требаше да се одвива, што се случи, а не смееше да се случи, а што мораше да се случи.

Овој случај со нашето присуство или поточно кажано неприсуство е многу лесен за опишување и анализирање. Тоа од проста причина што нема што да се анализира владеачката гарнитура на Министерството за надворешни работи во името на сите нас, во името на државата навреди еден народ кој што сеуште се сеќава на обидот за истребување со голема горчина. Респект кон страдањата на тој народ секоја година на највисоко ниво оддаваат голем број на држави. Во таква ситуација логично е да се постави прашањето каква порака и зошто сакала да испрати нашата дипломатија со испраќање на заменик министерот, што е неприфатливо ниско ниво во овој случај, во ваков случај, или што е уште полошо, а исто така делува како реалност дека никој во Министерството за надворешни работи воопшто не води сметка ама баш за ништо. Тажно, тоа се случи, а не смееше да се случи. И толку, ситуација е зад нас. Нема одговорни, нема никој кој што ќе ни даде прифаливо објаснување зошто се дозволи еден ваков скандал. Штетата за нашата држава е сторена и верувајте тоа некој внимателно го нотира.

А, еве што требаше да се стори.

По добивањето на поканата, на која како што велат дека немало наслов до кој е упатена Министерството за надворешни работи морало по службена должност да упати циркуларно писмо до сите наши амбасади. Во него морало да се даде наредба да се провери нивото на кое што ќе бидат застапени соодветните земји на настанот. Амбасадата на Република Македонија во Полска морала да има уште поголема активност и да биде во постојана комуникација со телото кое што раководело со организацијата на целиот наста. Сериозните држави формираат штабови кога на нивна територија се наоѓаат голем број на странски државници. Таа активност секако дека ќе се следи и предвидува до најситен детал. По службена должност можело да се дознае се ако се сакало. Тоа мораше да се случи.

По утврдувањето на нивото министерот дава предлог кој треба да ја претставува Македонија. Ако се утврди дека таму ќе бидат присутни неколку десетини претседатели на држави тогаш нормално е да предложи и нашата држава да ја претставува претседателот додавајќи на на тоа и значајноста на настанот. Ако евентуално повеќето државни најавиле присуство на министри за надворешни работи тогаш соодветно е на такво ниво и нашата држава да биде застапена. Тоа мораше да се случи.

Техниката и потенцијалот се во Министерството за надворешни работи. Дури поканата и да била адресирана за претседателот истата процедура погоре наведена морале да ја повторат. Кабинетот на претседателот на државата ја нема на располагање логистиката што ја има Министерството за надворешни работи. Министерството за надворешни работи е државен орган кој што мора да има по службена должност увид во се што се случува како сообраќај кон државата и од неа на надвор. Ова не е ништо ново, ова се вообичаени принципи на функционирање на сите министерства за надворешни работи. Меѓутоа, би сакал да нагласам, принцип на функционирање и сите министерства за надворешни работи кој што имаат закон за надворешни работи. Навистина интересно да се размислува што се случува внатре во Министерството за надворешни работи и дали некој воопшто нешто работи.

Државата секојдневно трпи штета од ова жонглирање со надворешно-политичките државни интереси на Република Македонија.

Како друг еклантен пример на занемарувања на државните интереси на Република Македонија е индолентниот однос на Министерството во однос на решавањето на проблемот со обележување на северната граница кон Косово.

И покрај најавувањето за скорешно затворање на проблемот со обележувањето на границата со Косово ова прашање продолжува да биде неразрешено. Доколку се погледне проблемот од аспект на најавите за скорешно решавање на статусот на Косово, како и можните насилства и нереди кои би се јавиле при таа разрешница логично се наметнува заклучокот дека во интерес на Република Македонија е да ги затвори сите отворени прашања со северниот сосед. Во спротивно тие отворени прашање би можеле да се искористат како основ за вовлекување на Република Македонија во идното потенцијално кризно жариште. Овој процес се влече со години, а од Министерството не може да се забележи никаква засилена дипломатска активност за негово решавање. Мислам дека со право си го поставувам прашањето дали Министерството за надворешни работи во координација со Министерството за одбрана воопшто е способно да подготви прецизен план и методологија во однос на процесот на решавање на ова прашање, како и да додаде одреден рок во кој евентуално би се затворил овој жежок проблем.

Единствената активност на Министерството во овој правец се декларативите и празни изјави дадени со цел за смирување и залажување на македонската јавност и опозиционите политички субјекти.

Покрај многуте сметам дека една од суштинските причини за ваквата некоординираност и нефункционалност на Министерството за надворешни работи е непостоењето на закон за надвроешни работи. Иако во законодавниот дом на Република Македонија веќе подолг временски период постои иницијатива за донесување на закон за надворешни работи тој упорно е одбиван од страна на Министерството за надворешни работи со образложение дека ќе достави само предлог закон со кој на еден поквалитетен начин ќе биде регулирана сферата на надворешните работи. Министерството со ваквото образложение пред Собранието на Република Македонија излегува период веќе подолг од година дена при

што од предлог законот кој треба да биде доставен од тоа Министерство нема ниту трага ниту глас.

Ваквото однесување на Министерството за надворешни работи резултира со раѓање на длабок сомнеж во врска со вистинските мотиви и цели за ваквото одолговлекување на постапката, иако познато е дека законското регулирање на областа на надворешните работи е од суштинско значење за функционирањето на Република Македонија и изразување на нејзината самостојност и сувереност.

Затоа целата македонска јавност треба да си го постави прашањето кои се мотивите на Министеството за надворешни работи за одбегнување на законското регулирање на неговата дејност.

Сметам дека веќе наброив доволно причини поради кои во секоја нормална демократска земја министерот за надворешни работи би поднел неотповиклива оставка бидејќи ваквиот потег е просто незамислив во функционирањето на владеачката политичка гарнитура.

Апелирам до сите пратеници во македонскиот Парламент за позитивно изјаснување при гласањето за оваа интерпелација. Со ваквиот чин ќе придонесат за поставување далеку подобар кадар на раководните места во Министерството кои што далеку посоодветно и покомплетно ќе ги брани македонските државни интереси во горливиот период кој што ни претстои на надворешно полилтички план.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Србиновски.

Повелете господине Китановски, а потоа нека се подготви пратеникот Рафис Алити.

Се извинувам за реплика се јави господинот Гештаковски.

**Кире Гештаковски:**Само накратко сакам да му реплицирам на мојог колега Србиновски и тоа исклучиво во делот каде што кажа дека Министерството за надворешни работи околу изборот што го врши за наши претставници во дипломатско-конзуларните претставништва поставува нестручни кадри предложени од политичките парии и некомпетентни.

Сакам да нагласам дека за прв пат од осамостојувањето на Република Македонија овој министер за надворешни работи се придржува на принципот за испраќање на чисти професионалци во нашите дипломатско-конзуларни претставништва. Она што е во директна ингеренција на Министерството за надворешни работи, потполнување на сите дипломатски места од втората позиција, од министер - советник па надолу до третиот секретар во изминативе две ипол години се врши исклучиво од професионални кадри исклучиво вработени во Министерството за надворешни работи преку интерни конкурси.

За потполнување на првите луѓе односно амбасадорите тука ингеренциите се помешани измеѓу Владата, Министерството за надворешни работи и претседателот на државата. Но сепак во изминатите две ипол години од поставени 15 амбасадори 8 се чисти професионалци вработени во Министерството за надворешни работи. Се разбира поставени се и амбасадори предложени од редовите на политичките партии или личности од јавниот живот, бидејќи сложените коалициски односи мора да се рефлектираат и во дипломатијата. Но, не треба никогаш мојот колега Србиновски да заборави дека таа пракса започна од 1998 година, од времето на нивното владеење. Со одлука донесена на Влада каде што буквално се вели: "Ниеден предлог, ниеден закон...", а во случајот се работи за предлог за потполнување на некое амбасадорско место," до претседателот на државата да не може да излезе од владина процедура додека со консензус, концесуално не се усогласат тројцата партиципиенти во власта", во тоа време беше ВМРО-ДПМНЕ, беа ДПА, а во втората фаза се приклучи Либералната партија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски имате ли желба за контра реплика?

Една минута повелете.

**Илија Србиновски:** Навистина незнам и уште какви аргументи му се потребни на нивниот премиер за да свати каков министер има во своите радови. Според сите објективни критериуми најслабиот и најконфузниот шеф на дипломатијата од осамостојувањето на Република Македонија, кој дипломатијата ја сваќа како временски ограничена шопинг тура по европските метрополи со времетраење од четири години. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** И покрај два месеци пауза не сте излегле надвор од кондиција господине Србиновски.

Повелете господине Китаноски, а потоа е господинот Рафис Алити.

**Илија Китаноски:** Почитуван господине претседаеле, дами и господа пратенинци, министерката не е тука, инаку и неа ќе ја поздравев.

Повод за поднесување на интерпелацијата за работа на министерката за надворешни работи, госпоѓа Илинка Митрева, се секако, редицата на гафови и скандали, кои што се случуваат во изминатите две години во Министерството за надворешни работи и нејзиниот неодговорен и непрофесионален однос према работните задачи што ги изисскува позицијата министер за надворешни работи.

Во последните две години, овие скандали и гафови, навистина, беа многубројни иако се релативизирани под притисок од вкупните лоши состојби и односи во државата, сепак, ќе ми дозволите да наведам неколку од нив кои што навистина, во изминатиот период ја преокупираа македонската јавност и граѓаните на Република Македонија. А несериозноста на Министерството за надворешни работи и на министерката госпоѓа

Илинка Митрева во ангажирањето за спасување на животите на нашите граѓани: Далибор Лазаревски, Зоран Насковски и Драган Марковиќ, кои беа киднапирани и трагично погубени во Ирак, е доволно јасна порака за потребата од итно отстранување, или оставка на министерката од функцијата министер за надворешни работи на Република Македонија.

Имено, како што целокупната македонска јавност знае скоро два месеци по киднапирањето на Македонците во Ирак, не се презеде никаква акција, со цел да се извлечат младите Македонци од заложништво и да се спасат нивните животи. Едноставно, беа препуштени на суровата судбина, која однапред им се закануваше со смрт.

Веста за погубувањето на кумановчаните во Ирак, која ја објави Катарската телевизија АЛЏЕЗИРА длабоко ја потресе и ја револтира македонската јавност, која и после неколку месеци нема валидни информации за овој случај.

Семејствата на исчезнатите сеуште очекуваат факти кои што им ги вети Министерството за надворешни работи.

Министерството за надворешни работи со кое раководи госпоѓа Илинка Митрева, како надлежна институција за спроведување на надворешната политика на Република Македонија, со цел заштита на интересите на државата и правата на македонските граѓани во странство, по кој знае кој пат во овој случај ја потврди својата неефикасност, неспремност, нестручност и непрофесионалност за извршување на овие функции. На државата и нанесе големи политички, економски и материјални штети, а интересите и безбедноста на сопствените граѓани во странство се потполно незаштитени.

Значителен придонес за вкупните сложени состојби во Република Македонија отпаѓа на нестручната и неефикасна работа на Министерството за надворешни работи, кое е непримерно раководено од министерката Илинка Митрева.

Со отстранување на министерката Илинка Митрева од функцијата министер за надворешни работи и со поставување на компетентно лице, може да се очекува деблокирање на економските процеси во самото Министерство и остварување на позитивни резултати во доменот на надворешната политика на Република Македонија.

Случајот со киднапирањето на нашите граѓани, не случајно го ставаме на прво место, со цел прво да го извлечеме од зоната на заташкување, како многу други, каде вешто го лоцира Министерството за надворешни работи, секако, со знаење на министерката Илинка Митрева.

Целата македонска јавност е сведок дека Министерството за надворешни работи не се ни обиде да изнајде соодветно решение за спасување на животите на нашите сограѓани.

По веста за киднапирањето на тројцата млади кумановчани на 21 август 2004 година, Министерството за надворешни работи, наместо веднаш да испрати стручна екипа во тој регион, која ќе остане таму до дефинитивното нивно ослободување од заложништво МНР, дури после два месеца испрати свој претставник во Багдат на еден ден, веројатно, само да го пријави случајот кај привремената ирачка Влада и Амбасадата на САД во Багдат. Секако требаше да знае дека привремената ирачка Влада и американските бази во Багдат не можат ништо да сторат, бидејќи не ја контролираат целата ирачка територија.

Со таквиот неконструктивен приод, Министерството за надворешни работи обелодени тотална нестручност, неодговорност и негрижа, поради што, ако госпоѓата Илинка Митрева има доблест, треба сама да си поднесе оставка на функцијата министер за надворешни работи, само за овој случај.

Како виновни за оваа трагедија, не треба да останат неказнети и останатите чинители, односно функционери во Министерството за надворешни работи, кои што по сила на својата функција требаше соодветно да реагираат или да се обидат нешто да сторат, во смисла на заштита на животите и безбедноста на нашите сограѓани.

Загрижувачката непрофесионалност на Министерството можеше да се препознае на самиот почеток на борбените дејствија во Ирак, кога Министерството за надворешни работи не се огласи преку медиумите со повеќекратни соопштенија до јавноста за влошените безбедносни состојби во Ирак, со нагласена порака до граѓаните да не патуваат во таа земја, односно да го напуштат Ирак сите македонски граѓани, кои по било каков основ престојуваат во таа држава.

Неизвршувањето на таквата законска обврска на МНР и недостатокот на други објективни информации од државните структури, создадоа информативен простор за политичко-проприагадните информации, со кои јавноста беше доведена во заблуда и изманипулирана.

Министерството за надворешни работи немаше право да ја лиши јавноста од објективни информации, посебно, кога тие имаат безбедносен карактер.

Негрижата, несовесното и неодговорно однесување на МНР и лично на министерката, придонесе за трагичниот епилог на овој сслучај.

Катарската телевизија АЛЏЕЗИРА на 18 октомври 2004 година, ја објавила информацијата за погубувањето на нашите сограѓани. Веста не стигна од органите на привремената ирачка Влада и Американската амбасада во Багдат, од каде, наводно, се очекуваше било каква информација или помош. Тие ја немаа ни иформацијата за објавената снимка на Катарската телевизија АЛЏЕЗИРА, со што се потврди вистината дека не се грижеле за судбината на киднапираните Македонци. Наместо ние од нив, тие , а и МНР на Република Македонија преку

електронските медиуми дојдоа до информацијата за снимката на Катарската телевизија. Не беше реално од ирачаните и од Американците во Багдат да очекуваме поголема грижа од нашето еднодневно посветено внимание на нашите сограѓани.

Дека Министерството за надворешни работи немал активен однос према случајот, се потврди со фактот, што и министерката не можеше да оствари телефонски контакт со надлежните органи на привремената Ирачка Влада, цели 14 часа. Тоа не би се случило, ако такви контакти претходно постоеле, ако службите во МНР и госпоѓа Илинка Митрева одржувале било каков дијалог со личности од привремената Владата на Ирак и персоналот во Американската амбасада во Багдат.

Министерството за надворешни работи се вклучи во решавање на случајот два месеци после киднапирањето и тоа по наредба на премиерот и претседателот на државата, во моментот кога требаше да се утврди вистината за убиството на нашите сограѓани, односно да се констатира смртта, а не во моментот кога требаше да се спасуваат нивните животи.

Кординативното тело формирано за таа цел, кое го раководеше заменикот министер Фуад Хасановиќ, веднаш после тоа ги прекина најавените активности и се случи повеќе од 8 месеци македонската јавност сеуште да нема никакви информации во врска со овој случај. Тие активности во трраење од не цела недела беа изнудени, со притисок на медиумите и македонската јавност и лишени од суштинската цел: спасување на трите млади животи.

За таквата непримерна одговорност и нестручност, посебно кога се во прашае човечки животи, за волја на вистината, патриотизмот, дипломатската етика и човечкиот морал, првиот човек на МНР требаше да поднесе оставка на својата функција и со претходно јавно извинување на семејствата на исчезнатите кумановци.

Истовремено, не треба да бидат ослободени од одговорноста и најблиските соработници на министерката: заменикот министер Фуад Хасановиќ и државниот секретар Игор Џундев, високите чиновници во МНР, кои се назначени со објаснување како искусни професионалци. Поради тоа што не покажале восока стручност и иницијативност да и помогнат на министерката, прекутно дозволиле случајот да добие трагичен епилог.

Од сите нив треба да се побара изјави и соодветно да се санкционира нивната неодговорност. Се потврди дека нивната професионалност е на ниско ниво и дека на нивниот придонес во иднина не треба да се смета.

Спротивно на тоа министерката Митрева потчинувајќи се на својата ароганција, не само што не се обиде да ангажира компетентни и искусни дипломати за решавање на вакви сложени случаи, кои се составен дел на дипломатската работа, туку на крајно не примерен начин ги отстррани од МНР, само заради тоа што не се членови на СДСМ.

Скандалот на Владата со донесувањето и повлекувањето на одлуката за кандидирање на Џевад Адеми за амбасадор во Република Бугарија, поради тоа што господинот Џеват Адеми е на црната листа на Бушовата администрација, ја шокира македонската јавност, почитувани колеги.

Со овој скандал се обелоденија сите претходни скандали направени и прикривани од македонската јавност. Имено, за сите кандидати кои МНР ги предлага на Владата на Република Македонија за амбасадорски функции, Министерството не се сметало за надлежно, според изјавата на министерката Митрева и не вршело проверки на компетентноста на кандидати. Тоа е еден аспект на овој скандал, кој доволно зборува за елементарното непознавање и на госпоѓата Илинка Митрева и на нејзините најблиски соработници на функциите и задачите на Министерството со кое раководат.

Другиот аспект, кој многу повеќе треба да не загрижува е објаснувањето и разбирањето на госпоѓа Илинка Митрева дека тој предлог бил на ДУИ и дека тоа прашање не е во надлежност на МНР. Се наметнува прашањето дали оваа своевидна политичка диверзија е сопствен производ поради дефектно разбирање на госпоѓата Илинка Митрева за политичкиот систем на Република Македонија , или е тоа политика на СДСМ во која госпоѓа Илинка Митрева има висока функција. Било чија и да е, и двете се опасни за опстојување на Унитарниот систем на државата.

Скандалите и постапките од ваков вид експлицитно зборуваат дека Илинка Митрева во себе не расчистила со сопственото сознание за политичкиот систем на Република Македонија кој треба да го афирмира во меѓународните политички структури.

Се наметнува заклучокот дека само министерот за надворешни работи, не знае дека предлозите за одредување шефови на дипломатско конзуларните претставништва до Владата ги поднесува МНР, по претходно усогласување на ставовите за компетентноста на секој поединечно.

Објаснувањата на госпоѓата министерка во медиумите дека предлогот бил на ДУИ и дека процедурата не е завршена, се трагикомични и политички штетни. Овој случај ја искомпромитира Владата со донесувањето и повлекувањето на својата одлука, функцијата на министерот за надворешни работи и Македонија како држава. Оваа штета која што е направена е исто толку голема, ако не и поголема од штетата ако господинот Џевад Адеми заминеше за амбасадор во соседна Бугарија.

Оваа скандалозна грешка, секако, немаше да биде откриена, ако не беше претходната направена со објавувањето на имињата на кандидатите. Во овој случај, констатирани се

повеќе грешки, кои само ја потврдуваат вистината дека госпоѓа Илинка Митрева не ја познава работата и не е во состојба да ја контролира работата на своите најблиски соработници, кои очигледно нејзиното непознавање го злоупотребуваат. Последиците предизвикани од вакви случаи се своевидна диверзија изведена од МНР, со учество на самата министерка.

Поради тоа, не треба да зачудува што нашата држава во меѓународните односи, денес е политички маргинализирана, економски блокирана, информативно-пропагадно отсутна, со најригорозен визен режим, со оспорено уставно име, автокефалност на Македонската православна црква и присвојувања од други држави на наши историски и културни вредности.

Од првиот ден, по превземањето на функцијата, госпоѓата Илинка Митрева започна со јавни закани и дескредитирање на македонските амбасадори во повеќе земји пред македонската јавност и во земјите каде што тие работеа.

Секојдневно, во медиумите се појавуваа имињата на одредени амбасадори и на тој начин, не само што се вршеше медиумски линч на нивниот дигнитет, туку се рушеше угледот на македонската дипломатија и македонската држава.

После таквите напади, ирационално беше нивното понатамошно останување на амбасадорските функции. Неможејќи да ја издржат жестоката пресија во медиумите, некои амбасадори си поднесоа оставка и си заминаа од Министерството. Ваква појава не е забележана во историјата на дипломатијата на независна Република Македонија.

Последиците од таквиот непромислен потез, се неколку македонски амбасади останати без амбасадори подолго време, меѓу кои и Мисијата при ОН, повеќе од една година, што е непростива грешка во време кога Македонија се бори за афирмација на својата државност за вселување во светската заедница на народите со своето уставно име.

Очигледно, министерката Митрева не успеа да ги научи основните начела на дипломатскиот кодекс дека своите амбасадори може да ги критикува одкако ќе се вратат во земјата, а не додека се во странство и ја обавуваат функцијата, бидејќи на тој начин ги дескредитира и амбасадорите и државата во очите на натамошната јавност и им ја лимитира нивната функција, која им ја поверил претседателот на државата.

Од сето претходно изнесено, со сигурност може да се заклучи дека госпоѓа Илинка Митрева нема капацитет да создаде нормална работна атмосфера во Министерството, финансиска и безбедносна дисвиплина и есенционални претпоставки за некаков успех во работата на Министерството и самата министерка.

Ако згора на тоа се додаде и непознавањето на дел од проблематиката и погрешниот кадровски состав, кој лично го создала, не е тешко да се објаснат причините за лошото спроведување на македонската надворешна политика.

Апстиненцијата на претседателот Бранко Црвенковски од учеството во Аушвиц во Полска на одбележувањето на шеесет-годишнината од ослободувањето на заробените во логорот, е исто така еден од поголемите гафови, токму поради бројните слични слабости и непрофесионализми во МНР како матична институција за спроведување на надворешната политика на Република Македонија.

Објаснувањата дека Министерството не ја примило поканата и слично, сосема јасно зборува дека Министерството и дипломатко-конзуларните претставништва воопшто не живеат со работните тековни проблеми, односно дека дипломатско-конзуларните претставништва не ги следат збивањата во земјите каде се акредитирани и каде работат.

Манифестацијата, конкретната, е припремана најмалку шест месеци и за неа се зборувало во дипломатските кругови повеќе од една година. Ако нашата амбасада во Варшава имала активен однос кон работата, не би можела да не знае дека се припрема таква манифестација. Ако пак знаела дека треба да оствари контакт со организаторите и да се информира како е планирана манифестацијата: датумот, местото на одржување, државите и личностите кои се поканети, кој ќе биде покровителот и сл. и конкретно да го постави прашањето дали е предвидено учество на Република Македонија и на кое ниво. Со содржината на тие информации, амбасадата би требало да го информира МНР, кое е во координација со претседателот на државата, премиерот, па и претседателот на Собранието, да дефинира став по тоа прашање и да го информира македонскиот амбасадор во Варшава.

Ако амбасадата на Република Македонија во Варшава затаила од било какви причини, МНР, не е ослободено од одговорноста, сите претходно наведени информации да ги побара од амбасадата на Република Полска во Скопје. Министерството за надворешни работи, поточно , Секторот кој ја покрива Полска бил должен да знае за текот на припремите на таа манифестација, бидејќи припремите се одвиваа повеќе транспарентно и за нив имаше информации во електронските медиуми и домашниот и странскиот печат. МНР било должно преку своите дипломатско-конзуларни претставништва да добие информации кој од која земја ќе учествува на манифестацијата и врз база на тие сознанија да испрати предлог до кабинетот на претседателот на Република Македонија, премиерот и претседателот на Собранието на кое ниво Република Македонија треба да учествува на тој собир.

Од објаснувањето на министерката дека поканата не стигнала во МНР, дека со задоцнување е примена од кабинетот на претседателот и сл. јасно се гледа дека МНР и амбасадата во

Варшава, тотално не ја познаваат технологијата на едноставните дипломатски работи.

Госпоѓата Илинка Митрева, како министер за надворешни работи, исто така не покажа ни посебен интерес за приближување на нашите иселеници кон татковината. Многубројните патувања во САД и Канада, кои ги правдаше со помпезни најавувања за првлекување на странски капитал од нашите сонародници се покажа дека биле нереални. Како нашите сонародници го чувствуваат делувањето на нашите амбасади према нив, најдобро зборуваат нивните искажувања, писма во печатените медиуми, во иселеништвото и во нашата земја.

Во таа насока би потсетил, она што е претходно кажано дека МНР понатаму е без закон за надворешни работи, дека во сите наши позначајни амбасади сеуште нема економски советници итн.

Најлошо од сето тоа, како последица од претходно најавените состојби и односи е што не е остварен никаков напредок на Република Македонија во меѓународните односи. Македонија остана, ќе повторам, политички изолирана, маргинализирана, економски блокирана, културно историски оспорувана со името, црквата, нацијата и со најригорозен визен режим во светот.

Поради ова апелирам до колегите пратеници и до оние на позицијата да ја надминат теснопартиската поделеност и да ја поддржат оваа интерпелација, овозможувајќи на оваа позиција конечно да дојде кадар, кој со својата иницијативност, решителност и стручност ќе ја поведе македонската дипломатија во вистинска насока.
Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Кире Гештаковски:

**Кире Гештаковски:** Благодарам, господине претседателе.

Би реплицирал на колегата Китаноски само на последните негови реченици, кога кажа дека Република Македонија останала меѓународно изолирана држава. Заборава како ја презеде оваа власт Република Македонија во 2002 година: тотално меѓународно изолирана, понижена од целиот свет, кога се зборуваше за еден меѓународен договор за уништување на Република Македонија, кога од нивната власт НАТО беше оквалификуван како агресор, Обединетите нации преку нивниот протекторат Косово како агресор врз Република Македонија итн. За разлика од тогаш, сега Република Македонија е високо почитувана држава во меѓународни размери.

Признавањето на уставното име од САД, иако опозицијата постојано зборува дека тоа било направено само за да не успее референдумот, заборава дека тоа е тешко одработено, дека требаше да се донесат тешки одлуки точно од ова министерство и од политичкиот врв на Република Македонија. Требаше да се донесе тешка одлука за изземање на американските војници од Меѓународниот кривичен суд, тоа беше тешка одлука и опозицијата жестоко ја критикуваше. Со право, бидејќи имаше опасност. Можеби имавме среќа, можеби беше погоден моментот, но се протнавме низ иглени уши, без некои големи за белешки од Европската унија, а со стекнување на симпатиите на САД.

Исто така, втората храбра одлука што ја донесе Република Македонија за учество на војниците во мировните сили во Авганистан и посебно во Ирак и приклучувањето кон меѓународната антитетористичка коалиција предводена од САД, сето тоа е капитал, тешки одлуки кои припомогнаа САД да ја признаат Република Македонија под нејзиното уставно име, што е добар старт за натамошната борба на Република Македонија со наметнатиот спор за името.

Во политиката нема ништо случајно. Во политиката нема милост, нема симпатии, нема заедничка љубов. Постојат само заеднички интереси. Република Македонија со меѓународната заедница ги најде тие заеднички интереси и затоа сега е почитувана од севкупната меѓународна организација и ги има пријателите и во САД и во Европската унија. Има одлично воспоставени односи и со Кина и со Русија и со сите соседи. Само за потсетување, признанието стигна пред еден месец и од соседна Република Бугарија, која е спомната тука во интерпелацијата, кога констатираат двете држави дека никогаш подобри односите не биле.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Китаноски, имате контра реплика една минута.

**Илија Китаноски:** Само кратко би кажал, би сакал и граѓаните на Република Македонија да имаат ваков оптимистички тон и вакво оптимистичко гледање на работите како што има колегата Гештаковски. Би сакал да е така, и јас би сакал да е така, меѓутоа, фактите друго говорат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Реплика има господинот Стоилковиќ, повелете три минути.

**Иван Стоилковиќ:** Благодарам господине претседателе,

Јас не знам дали господинот Китаноски внимателно се слушаше што зборува или пак гледаше во тоа што читаше додека зборуваше. Меѓутоа, направи една многу голема грешка, а мислам дека во политиката некои работи се повеќе од допуштени, меѓутоа, мислам дека не треба да копаме по раните на семејствата на убиените кумановци во Ирак и сосема невкусно беше споменувањето на нивните имиња, глумејќи дека всушност се случило нешто што некој можел да го спречи.

Затоа, господине Китаноски, ве молам уште еднаш не копајте по раните на загинатите кумановци.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Китаноски една минута.

**Илија Китаноски:** Навистина најискрено им се извинувам на семејствата на нашите загинати сограѓани во Ирак ако на било кој начин сум ги повредил нивните чувства.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Кондарко, имате реплика три минути, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

И јас сакав да го споменам она што претходно го кажа пратеникот Стоиљковиќ дека голем дел од говорот, за жал, се злоупотребува во политички цели и се употребува како политички маркетинг трагедијата на трагично загинатите наши граѓани во Ирак. Сметам дека тоа се политички памфлети употребени од страна на пратеникот Китановски, а притоа критиките кои ги упатува до министерката односно до Министерството не ги поткрепува со свои основани предлози како требало Министерството или по кои правила и прописи да реагира. Сметам дека не е ни во состојба пратеникот Китаноски да одговори на тоа, бидејќи говорот му беше пишан, а не содржеше такви предлози во што се состои непочитувањето на прописите од страна на министерката, односно во што се состои пропустот.

Понатаму истакна квалификации дека, замислете, министерката не смеела да ги критикува амбасадорите додека биле на должност во странство, што е нонсенс и не заслужува никаков коментар, а тоа да го прави дури откако ќе се вратат по завршувањето на нивната мисија во Република Македонија, што воопшто не може да придонесе за подобрување и следење на нивната работа таму, но притоа заборава дека можеби госпоѓата Митрева е единствената министерка и ова е единствената Влада која во Република Македонија ги остави и не ги смени амбасадорите на именувани од претходната Влада. Тоа многу говори, понатаму не сакам да коментирам.

Исто така, господинот Китаноски изнесе квалификации за некои нешта дека наводно ги немало во историјата на дипломатијата. Се поставува себе си како да е дипломатски историчар и хроничар на дипломатијата, што се разбира дека е многу несериозно бидејќи се работи за пишан говор и очигледно дека дипломатијата и меѓународните односи не се фах на господинот Китаноски, така што објективно за жал тој не е во можност да суди за работата на министерката Илинка Митрева.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Китаноски една минута.

**Илија Китаноски:** Прво, јас сум пратеник во Собранието и имам право да судам за работата на Министерството, министерката и на целата Влада. Тоа право го имам.

Второ, околу тоа кои мерки или како требало да постапи Министерството или министерот за надворешни работи во случајот со Ирак, прво, јас како пратеник не би можел да најдам некој законски акт по кој би требало да извлекувам одредени факти и според нив да можам да кажам дека би требало да се постапи вака или така затоа што, за жал, сеуште нема закон за надворешни работи.

Исто така, стојам на тоа дека секоја критика на амбасадорите додека ја вршат функцијата, секоја неаргументирана и неодмерена критика од страна на сопствената Влада додека се на функција и нанесува штета на угледот и на самата Влада, а што е полошо и на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Рафис Алити имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Каролина Ристова.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Внимателно ја прочитав интерпелацијата и со големо внимание ги слушнав и предлагачите кои ја предлагаат за разрешување на госпоѓата министер Илинка Митрева од позицијата министер за надворешни работи.

Интерпелацијата најповеќе е мотивирана од причина зошто е предложен за амбасадорот господинот Џевад Адеми, така што сигурно на господата им е познато дека тој предлог произлезе од ДУИ и се разбира дека тој предлог и е предложен на госпоѓата министер Илинка Митрева.

Се гледа јасно дека парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ внимателно го има прочитано досието на господинот Џевад Адеми, за тоа колку години бил во затвор и каде ги поминал тие затворски години, во кое време и кој режим го има осудено гоподинот Џевад Адеми. Тука се гледа јасно дека господата тоа го знаат, меѓутоа, за оваа работа сигурно не сакаат да говорат. Велам сигурно дека предлагачите треба да се вратат во факторот време и во кои години е осуден господинот Џевад Адеми. Повторно ќе нагласам односно ќе го нагласам фактот од кој режим е осуден и сигурно ќе им биде јасно дека разрешувањето или зошто е тргнат од листата господинот Џевад Адеми им е погрешно. Погрешно им е што нивната интерпелација ја поврзуваат со минатото на членот на ДУИ кој што беше предложен. Сите ние треба да говориме убави зборови не само за господинот Џевад Адеми и за неговите другари кои страдаа во затворите на поранешна Југославија, а ние еве веќе денес во Собранието на Република Македонија имаме право на слободен збор и глас. И ова е причината зошто господинот Џевад Адеми страдаше во минатото во затвори или во поранешните републики на Југославија.

Почитувани господа, и државници и дипломати од светски ранг како Ватслав Хавел, Мендела и други страдале по затвори, меѓутоа, истите беа успешни државници, истите беа успешни дипломати од светски ранг и јас мислам дека ништо не изгубил господинот Џевад Адеми со тоа

што е тргнат од листата да биде амбасадор во Република Бугарија и мислам дека има изгубено дипломатијата на Република Македонија со тоа кадар како што е господинот Џевад Адеми да не ја врши функцијата на амбасадор во Република Бугарија. Обвиненијата од страна на парламентарната група која што ја предлага интерпелацијата мислам дека се незасновани и ние нема да ја поддржиме ваквата иницијатива.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска три минути.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Тука од господинот Рафис Алити беа искажани толку големи зборови, јас само на два ќе се навратам. Неговите колеги лежеле по затворите во поранешна Југославија, за тоа одговорност ќе си бара од Јосип Броз Тито, да не бара од нас.

И второ, ако господинот Џевад Адеми го споредувате со Нелсон Мендела, мислам дека е срамота. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Една минута контра реплика господине Рафис.

**Рафис Алити:** Госпоѓо Којзеклиска, и вие сте една од оние кои го имаат тоа право на слободен глас и збор. Имајќи го предвид дека господинот Џевад Адеми и многу негови другари лежат по затвори и го изменија тој режим за кој вие говорите, а сигурно дека треба да се извините и вие и сите тие кои учествувале или биле службеници во минатиот режим на Југославија. Благодарам.

(Уфрлување на пратеникот Којзеклиска од место со зборовите "На кого да се извинам?")

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, немојте од место.

Госпоѓо Каролина Ристова, имате збор.

Господине Андов, се пријавивте за реплика откако почнаа репликите, а правилата се дека откако ќе почнат репликите, не ги признаваме другите пријавени за реплика.

Повелете госпоѓо Ристова.

**Каролина Ристова:** Благодарам, господине претседател.

Почитувани колеги и колешки пратеници, мислам дека од досегашните реплики на пратеничката група на СДСМ, а и воопшто од пратеници од коалицијата може да се навести дека владеачката коалиција и парламентарното мнозинство не ја поддржува оваа иницијатива за изгласување недоверба на министерката за надворешни работи Илинка Митрева.

Ние се согласуваме со она што го кажа колегата пратеник Стојан Андов дека интерпелацијата е инструмент со кој може да се бара одговорност за извршување на работата на било кој министер и тоа е навистина важен демократски инструмент во рацете на пратениците. Меѓутоа, таквата важност и значење е придружено и со негово одговорно употребување, а не негова тривијализација. Токму и тоа сметаме, со оглед на она што го имаме како образложение на интерпелацијата, дека вака поднесената интерпелација од пратеничката група, практично од пратеничката група иако е од група пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, претставува тривијализација на инструментот интерпелација, а како недостиг на реални алтернативи во однос на генералната политика на оваа Влада, особено во недостиг на алтернативи во делот на надворешната политика на оваа Влада. Крунскиот аргумент за ваквиот наш став е фактот дека оваа интерпелација е насочена токму против министерот кој што е одговорен за македонската надворешна политика, сфера во која секој просечен следбеник на настаните во областа на надворешната политика и воопшто секој граѓанин кој бар малку следи политика знае дека Македонија, значи Владата на Република Македонија остварува најголеми успеси, односно оваа област е област во која и успехот на оваа Влада е најочигледен. Велам најочигледен бидејќи на сите ни е познато дека успесите во надворешната политика се тесна корелација и со успесите во внатрешната политика, меѓутоа, фрустрацијата на внатрешната политика е што некогаш одредени чекори или одредени успеси или мерки кои што се преземаат многу потешко можат да се видат.

Денес во надворешната политика на Република Македонија зборуваме не за тоа дали ќе бидеме членки на НАТО или на Европската унија, дали сме меѓународно изолирани, дали имаме контакти на највисоко ниво, туку веќе зборуваме кога ќе станеме членки на НАТО и на Европската унија, дали можеме побрзо, па лицитираме со годините и со термините. Значи сме стигнати дури во таа фаза во делот на македонската надворешна политика.

Јас ќе бидам фер во третирањето на инструментот интерпелација и ќе се држам до она што е наведено во интерпелацијата, иако многу од колегите кои се иницијатори на интерпелацијата не се држат до она што го навеле како причина за интерпелацијата, туку потоа шират и некои други теми кои не се наведени како теми, заради кои што треба од министерката да се бара некаква одговорност или да се цени нејзината работа. Значи, да одиме по ред.

Во делот на случајот за поставувањето на амбасадорско место во Бугарија на господинот Адеми, во својот одговор на интерпелацијата наша оценка е дека министерката всушност одговори и многу искрено и многу директно, а кое практично го кажува она што мислам, барем тоа е моја оценка, го кажа и господинот Стојан Андов, а тоа е дека ние имаме во тој дел системски проблеми, проблеми и на обичај. Затоа кога опишуваме во која фаза и во која институција, каде запнала работата, многу јасно станува дека во оваа проблематика имаме системска слабост, и не е фер целата таа системска слабост да се

свали врз неа како министер. Напротив, она што можеме да зборуваме е дали министерката за надворешни работи како министер додека трае нејзиниот мандат вложува напори тие системски слабости да бидат отстранети. Значи ние не можеме за сето она што значи 14 години пракса во именувањето амбасадори со сите слабости што постојат да ги свалиме на грбот на еден минситер, во случајот на министерката Митрева. Ефектот од она што значи почетни чекори, сериозни чекори во надминувањето на сите слабости е фактот што господинот Адеми не стана амбасадор.

Потоа, веќе имаме најава дека Законот за надворешни работи е во владина процедура и наскоро ќе се најде во нашиот законодавен дом. Мислам дека тогаш ќе имаме голема можност на широко и на долго да расправаме токму за овие системски слабости, кои што не можеме повторно ќе кажам, да ги персонализираме и да ставаме име и презиме на само еден министер. Тогаш ќе може и да заклучиме дека всушност тој Закон за надворешни работи, со кој што ќе се отстранат голем број на овие проблеми, е донесен токму во мандатот на овој министер.

Ние, исто така, може овде да мудруваме колку сакаме зошто досега не е донесен овој закон. Некои сакаат да го сведат само на периодот додека министерката Митрева е министер, меѓутоа, факт е дека во нејзиното министерување од две и нешто години всушност се работело сериозно на овој закон. Имаше иницијатива од колегата пратеник Андов и постојано ние добивавме од Владата објаснување дека Законот е во подготовка и дека тој предлог што го нуди колегата Андов не го опфаќа и не го регулира целиот проблем на најсеопфатен начин и сега ние тука можеме да разговараме и незнам дали можеме да навлегуваме во деталите колку имало концепциски разлики, колку имало стручни работи кои што требало да се инсконсултираат компаративни искуства, за да оцениме дали временскиот период, кој што во мандатот на овој министер било потребно да се дојде до конкретен предлог во владина процедура на еден ваков закон било брзо или бавно. Но, факт е, пак ќе повторам, дека овој закон ќе влезе во процедура во време на мандатот на оваа министерка. А, зошто толку долго односно зошто 14-тина години колку што постои, некои од претходните дискутанти од редовите на опозицијата тие нека кажат зошто во претходниот мандат не бил донесен таков закон, особено што мислам дека иницијатива за тоа имаше и тогаш.

Ова само зборува за сериозноста во пристапот кој што го промовира ова министерка за надворешни работи.

Втората причина која што се наведува во делот, како причина за барање одговорност и за интерпелација на министерката е, според мене, и мислам дека тоа е сентиментот, чувството што го имаат повеќето пратеници од владеачката коалиција, а тоа е фасцинантно срамотната злоупотреба на семејните трагедии на македонски граѓани, што им се случи несреќата во Ирак, а кои што го користат без аргументи во делот на она што значи објективна или субјективна одговорност на министерот за надворешни работи. На пример, се лепи етикета дека Министерството за надворешни работи и министерката покажале арогантен однос, што е многу тешка квалификација, а нема никакво образложение во што се состоел тој арогантен однос. Потоа, што требало да направи министерката, а што не било направено односно што требало Министерството да направи, а не било напрвено. Повторно нема никаква елементарна аргументација. Се зборува за информативна конфузија и знаете покрај она објективното дека секогаш кога имате вакви несреќни случаи, додека не се добие комплетната информација, постои објективно информативна конфузија во делот на Министерството за надворешни работи, апсолутно не може да се каже дека има некаков придонес. Мислам дека колегите од опозицијата зборуваа буквално по 15,20 минути само со лепење етикети без да даваат аргументи, а мислам дека и во тој дел ние кога зборуваме за одговорноста треба да ги покренеме стандардите и да бараме и тој кој што обвинува и тој кој што бара одговорност и тој кој што лепи етикети многу убаво да се подготви и да ги аргументира. Затоа, јас ќе си дозволам во делот на одбраната и аргументацијата на работата на министерката Митрева да бидам поекстензивна, дури и кога ги сллушав колегите пратеници, особено оној кој беше носечки говорник во име на групата пратеници, госпоѓата пратеник Бонева, јас не можев да се изначудам, како можеше само да ја прочита интерпелацијата без понатаму да ги изнесува подетално своите аргументи, освен што дополнителен аргумент што го немаше во пишаниот текст, кој што е декларативно практично обвинување е само дека го провериле веб сајтот на Министерството за надворешни работи и ништо друго поконкретно и подетално. Во тој дел мислам дека, како што кажав, а јас во одбраната тука собрав информации и за случајот за Ирак и преглед за сите позначајни работи во областа на надворешната политика и во односите со ЕУ и во односите со НАТО и склучени меѓународни договори во време на мандатот на министерката Митрева и во отворени дипломатски конзуларни претставништва итн. Прктично, многу посериозно го сватив инструментот интерпелација, initiран од опозицијата, отколку што самата опозиција. Меѓутоа, мислам дека веќе треба да престанеме со декларативни обвинувања. Сето ова го кажувам, господине претседател, за да ја оправдам мојата екстензивност во делот на. .

**Љупчо Јордановски:** Само ве молам до 13,00 часот.

**Каролина Ристова:** Во делот на токму основот за одговорност. Не, ако бидеме сериозни, да бидеме сериозни, а не само да бидеме декларативни. Имате среќа што во Македонија не се бара

поголема одговорност и конкретност во настапите и аргументацијата од опозицијата. Тоа се бара само од позицијата, меѓутоа, време е веќе тоа да се бара и од опозицијата.

Значи, во делот на основот кој што се спомнува како основ за оговорност на министерката за случајот, на несреќниот случај на наши македонски граѓани во Ирак, само ќе изнесам неколку работи односно поекстензивно ќе ги изнесам. По првичните информации за евентуалното заложништво на македонските граѓани во Ирак, Далибор Лазаревски, Драган Марковиќ и Зоран Ацковски, министерот за надворешни работи на Република Македонија, госпоѓата Илинка Митрева донесе одлука за упатување на државниот советник Игор Попов координатор на областа за воневропски земји во Министерството за надворешни работи како специјален претставник на Министерството за надворешни работи во Багдад, со цел остварување дипломатски контакти и разговори со ирачките власти и со останатите релевантни безбедносни фактори во Ирак. Исто така, беа преземени редица активности со цел по дипломатски канали да се проверат информациите за исчезнатите македонски граѓани во Ирак. Беа испратени инструкции и до амбасадите на Република Македонија во Анкара, Софија и Каиро. Дипломатските ноти се испратени и до амбасадите на Ирак, во Анкара, Софија и Каиро, при што е побарано да се проверат добиените информации во врска со овој случај. Министерот за надворешни работи на Република Македонија Илинка Митрева на два пати оствари телефонски разговор со Хошијар Зевари, министерот за надворешни работи на Преодниот совет на министри на Ирак, а кој тоа нешто спомна дека не можело да се оствари контакт, во кој е побарано негово лично инволвирање во случајов како итен одговор на вербалната нота упатена до нивната Влада. При посетата на Ирак од 4 до 9 септември 2004 година делегација од Министерството за надворешни работи оствари средби со министерот за внатрешни работи на Ирак, амбасадорот на САД во Ирак, Негра Фонте, шефот на одделот за конзуларни работи при Министерството за надворешни работи на Ирак, амбасадорот Салах Абдул Салам, заменикот шеф на Мисијата на САД, господинот Амбасадорот Џефри, координаторот на групата која што се занимава со исчезнатите лица, капетанот Ден Ошеј, претставници на фирмата Софан итн. Во Министерството на Ирак беа изнесени сите дотогашни познати податоци околу киднапирањето на тројцата македонски граѓани и беше побарано итно решавање на случајот. Наедно, беше пренсена загриженоста на македонските граѓани и неговото раководство во врска со настанатата ситуација. Ирачкиот министер за внатрешни работи потоа ги даде сите свои инфорамции во врска со случајот. Тука имам низа податоци за разговорите со сите споменати лица и контактирани организации и институции.

Потоа, при патувањето до Ирак, во Аман беше остварена средба со висок претставник на МНР на Јордан, Амбасадорот Медаха, директор на областа за соработка со земјите од Блискиот Исток и Арапскиот свет. Беше ветено дека ќе бидат на располагање сите информации кои тие ќе ги добијат преку нивни канали за овој случај. Истовремено во Аман беше одржан состанок на Министерството за надворешни работи на Јордан, потоа МНР на Ирак, за формирање на Мешовит висок комитет за соработка, кој ќе работи на прашања од ваков вид. Преземени активности во врска со случајот на киднапираните македонски граѓани во Ирак по враќањето на оваа официјална испратена група од Министерството за надворешни работи од Багдад. Брифинг на претставниците на медиумите заедно со заменикот министер за надворешни работи господинот Хасановиќ и потпаролот господинот Узуновски. Потоа, средба со семејствата на киднапираните на Ацковски, Марковиќ и Лазаревски, во присуство на заменикот министер Хасановиќ и потпаролот Узунов. Тоа се случило на 11 септември 2004 година. Испратени нови инструкции до Амбасадите на Република Македонија во Софија, Анкара и Каиро за воспоставување контакти со дипломатско конзуларните претставништва и дипломати на Ирак во земјите на нивната акредитација. Потоа, имате низа други активности кои што се направени дома во различни безбедносни институции. Мислам дека можеме понатаму, доколку некој сака да зборува детално што се направила министерката и Министерството, да зборуваме и понатаму за оваа проблематика. Значи, овој основ апсолутно не држи, ако земеме да ги гледаме конкретните активности што се направени од министерката и Министерството. А, стандардот за политичка одговорност е дали министерката го направила сето тоа што можело да го направи, сето тоа што е вообичаено во вакви ситуации да се направи, а не го направила. Сакаме да сллушнеме таков стандард да биде применет во вашата аргументација за одговорноста на министерката за овој несреќен случај и ве молам, да не ги злоупотребувате трагедиите на споменатите семејства.

Понатаму, како следен основ кој што се наведува во однос на одговорноста на министрката Митрева, иако мислам дека не е по тој редослед наведено, е непрофесионалност, партизација и целосно изместени критериуми за дипломатскиот кадар и непотизам. Овде сум ставила сто прашалници. Мислам, каде Ви се аргументите? Кои се тие случаи на непотизам на министерката Митрева, изнесете ги во јавноста и изнесете ги овде. Потоа, во именувањето на амбасадорски места или во конзулатите сето тоа што е во надлежност или барем во што министерката и Министерството се учесници, досега е најтранспарентна процедура, особено во делот на амбасадорите. Да ве потсетам дека за прв пат во Собранискиот мандат на овој пратенички состав ние прет Комисијата за надворешна политика

имаме можност да ги видиме амбасадорите кои што се поставени да имаме своевиден настап нивен во вршењето на нивната дипломатска мисија. Досега, јас не се сеќавам дека било кое од имињата кое било предложено од страна на министрката заедно со сите актери во законската процедура имаме такви некои непријатни ситуации и скандали или било какви контраверзи, со исклучок на случајот Адеми. Наведете ги другите случаи, кои се тие, или ние можеме и посебна седница на Комисијата за надворешна политика да имаме, можеби тоа ќе беше и пологичниот редослед да ги гледаме сите именувања на амбасадори кои се поставени во мандатот на министерката Митрева, па да видиме дали има основ за некаква одговорност. И, обратно, за оние дипломатски преставници кои биле повлечени, да видиме зошто биле повлечени. Малку има противречност во делот каде што се вели дека се толерира нестручност , незаконско работење, непотизам, а од друга страна кога министерката по такво објаснување ќе повлече одредени чекори, е, сега, не го правела заради тоа, туку го правела заради нешто друго и да се осудува, а без притоа да се изнесат било какви аргументи. Станува збор не за метафизика, станува збор не за за нешто апстрактно, туку за конкретни лица, за конкретни постапки, конкретни временски периоди и сето тоа може многу лесно да се лоцира и како процедура и како одговорност и во однос на тие лица и во однос на работата на министерката Митрева. Во делот на непотизмот, навистина сакам да кажете едно име и презиме на непотистички случај во однос на министерката Митрева. Мислам дека тоа на јавноста и го должите кога се лепат тешки квалификации, треба да се изнесат и тешки аргументи.

Понатаму, се зборува за основна одговорност наведена како деградација на надворешно политички план, дефокусирање на приоритетите и стагнација на дипломатските активности за НАТО и ЕУ. Најпрво, ќе почнам од најлесното, дефокусирање на приоритетите. Мислам, иако е многу тешко да се подготвувате аргументирано, кога не знаете на што се однесува нападот или критиката, мислам кои се тие дефокусирани приоритети. Сите оние приоритети што и ние како парламент не сме изгледале во делот на надворешната политика, кои што биле со голема тежина, дали ќе било тоа наши трупи во Авганистан, дали во Ирак, дали во делот на апликацијата и слични такви ситуации на надворешно политички план, ако јас добро се сеќавам, секогаш сме имале концензус, освен во делот на Ирак, мислам дека беше, нека ме корегира пратеничката група на Либералната партија или за договорот на Меѓународниот кривичен суд каде што само Либералната партија беше против. Сите други ги имаат прифатено со концензус чекорите на надворешно-политички план кој што ги презема македонската дипломатија, при што во ниеден момент не е зборувано, ниту кажувано заз некакви дефокусирани надворешно политички приоритети. Можеби за ова основ за одговорност, може и подетално да дискутираме подоцна кога ќе слушнеме и нешто и поконкретно.

Во делот на стагнацијата односно на деградацијата на надворешно политички план, јас мислам дека барем во овој момент е навистина депласирано да зборувам, бидејќи ние токку секојдневно во дневната политика сме бомбардирани со информации за сето тоа што се прави на планот на зачленувањето на Македонија кон НАТО и ЕУ. Веќе спомнав, дека имам цела серија овде и конкретни податоци од високи надворешно-политички средби до документи се што е направено во тој дел и не знам дали има потреба како она што се случи во Ирак да ги конкретизирам, меѓутоа, факт е дека она што го кажав на почетокот, ние во тој дел имаме направено се она што е потребно да се направи во оваа фаза на остварување на аспирациите на Македонија заз членство во НАТО и во ЕУ. Повторно стандардот е дали Република Македонија, дали надворешната политика на Република Македонија има нешто пропуштено во делот на зачленувањето на НАТО и ЕУ, дали ни фали некој инструмент, дали ни фали некаков пристап кон некој меѓународен форум, дали во однос на она што значи претпристапна стратегија за членство во ЕУ Македонија не е вклучена од страна на ЕУ и зошто итн., итн. Тоа е стандардот да ги слушнеме кои се вашите аргументи, што е тоа што во оваа фаза фали во делот на надворешната политика што не е направено, а требало да се направи, на пример, за да бидеме можеби чекор понапред. Сето она што е стандардно за тие процедури, за тие надворешно политички чекори Република Македонија ги има направено и резултатите, како што кажав, се видливи и навистина можеме и понатаму да дискутираме за тоа во дебатата по оваа точка на дневен ред, овде само така ќе го спомнам како неаргументиран основ за одговорност на министерката. Мислам дека и на граѓаните им е сосема јасно дека деградацијата на надворешно политички план како аргумент не само што не држи, туку е навистина тривијализација и навреда за секој оној граѓанин кој што ја следи надворешната политика на Република Македонија, а и воопшто на сите наши граѓани кои што живеат со она што значи наше политичко секојдневие. Стагнацијата, исто на дипломатските активности влегува во истата слика, само конкретно ќе се осврнам во делот на обвинувањето кое што се однесува за Шенген. Мислам дека потписниците на ова интерпелација имаат среќа што нема интерпелација за пратеници, затоа што во самата интерпелација во образложението стои дека, внимавајте, пропуст на министерката е што ние не сме ја потпишале Шенгенската спогодба. Мислам, тоа самото по себе кажува што овие потписници разбираат од проблематиката на визниот режим и на Шенген.

Дали вие знаете дека шенгенските спогодби ги потпишуваат држави членки на Европската унија.

Како можете тоа да и го сметате за пропуст на министерката Митрева.

Во делот на визниот режим многу пати сме дискутирале, она што е сегмент на одговорност и надлежност на министерката се договорите за реадмисија. Кажано конкретно низ факти ние имаме потпишано 11 такви спогодби од кои што 9 се веќе ратификувани. Во однос на сите други неколку пати во неколку наврати е кажано дека тоа не зависи само од нашата држава и од нашата дипломатија, туку и од дипломатијата на сите држави членки на Европската унија. И во тој дел мислам дека нема никакви забелешки ниту од страна на Европската унија, ако внимателно ги читаме нивните извештаи што се пишуваат за нашата држава, нормално повторно ќе кажам, ако ги читаме, а без да зборуваме на памет.

Во делот на визите во мандатот на оваа министерка се отвори Канцеларијата за совети за визната проблематика за македонските граѓани. Барем да имавте доблест да го спомнете тоа кога веќе зборувате за визите, да можете она типично по нашиот менталитет да кажете: до вчера ако не било направено добро, ако било направено, пак добро. Мислам не се смета ниту за плус, ниту за минус, а зборуваме за нечија одговорност.

Потоа, во нејзиниот мандат  кога зборуваме за билатерални и мултилатерални договори се склучени над 63 билатерални договори и над 33 мултилатерални договори. Јас го имам овој податок, министерката може да ме корегира ако имаме ажурирани понови податоци. Најголем дел, ако внимателно читате од која област се, токму се од областа и на конзуларните односи и од областа на она што колешката пратеник Бонева го кажа како економска дипломатија, а тоа е во делот на економската соработка, дали тоа биле договори за слободна трговија. Ние сме единствена земја во регионот кој што го имаме затворено тој круг со сите соседни земји, дали се договори за заштита од двојно оданочување, дали се договори за економска соработка, дали се договори за заштита на инвестиции и т.н.

Потоа, во мандатот на оваа министерка за прв пат е проширен составот, односно добиено е кадровско зајакнување на нашата мисија во Брисел. Ако земеме во предвид каков буџет на надворешната политика во овој Парламент изгласуваме, тогаш тоа е навистина голема умешност од страна на министерката, како што се голема умешност и нејзините активности во делот на реконструкцијата на одредени амбасади, отварање на амбасада во Камбера, отварање на конзулат во Детроит. отворање на конзулат во Солун и т.н.

И на крајот да констатирам дека во нејзиниот мандат бројот на склучени дипломатски односи со други држави е дојдено до бројката од 144 со кои што со стотина, односно со 100 е под уставното име на Република Македонија. Значи, да заклучам, надворешната политичка слика на Република Македонија не само што е добра, туку навистина претставува нешто што може оваа Влада и ова парламентарно мнозинство да си го препише како свој најочигледен, повторно ќе кажам, најочигледен, највидлив и најефективен успех. Само да потсетиме за драстичната разлика за сликата меѓу Македонија од 2002 година и 2005 година кога можеме да си го дозволиме луксузот да зборуваме за кандидатура за членство во Европската унија во што донесувањето на одлуката за апликацијата министерката меѓу другите актери покажа голема храброст и голема визија, а токму вие од опозицијата бевте прво и скептични и параноични дека тоа значи дефокусирање на вниманието на јавноста, а не вистински храбар чекор кој што претставува меѓу другото политички капитал и за самата министерка.

Значи, пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз смета дека нема никаков основ, ниту аргументација за сето она што е изнесено во иницијативата за нејзина интерпелација.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Каролина.

Нема време за реплики. Ќе продолжиме после паузата.

Немаме време ниту за процедурално. Процедурално после паузата.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(Пауза од 13,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов имате реплика три минути.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, мојата реплика сега ќе ја образложам накратко.

Внимателно ја слушав госпоѓа Каролина Ристова-Астеруд и не подлегнав на впечатокот што некои ми го изнесоа на паузата дека нејзиното излагање било како да е за неа поднесена интерпелацијата, па таа се брани од интерпелацијата и како што некои велат дека веројатно оценила дека не може да се одбрани министерката па она ја преземала функцијата.

Мислам дека таа изложи еден поширок текст и го прифаќам оној нејзин приод и залагање, да ја искористиме оваа интерпелација сепак во нејзиното изворно знажење. Тука малку ме разочара, даде многу широко излагање, меѓутоа не одговори на суштинскиот приговор во интерпелацијата дека господинот Адеми е кандидиран за амбасадор и ниту во одговорот на министерката,  ниту во одговорот на госпоѓата Каролина има податоци како течела постапката, кои чинители до која фаза ја истерале постапката. Тоа е најважното.

Бидејќи господинот Адеми и сите ние овде можеме да се цениме по разни основи, меѓутоа неговото кандидирање за амбасадор беше скандал во меѓународните односи, треба да се разјасни тоа и очекувам, покрај ваквото широко излагање, сепак министерката да објасни кои

чекори таа ги преземала и која фаза била кога се запре со таа постапка.

Понатаму, за киднапираните во Ирак многу слушавме кога се одело и кои оделе, но тоа по се изгледа е откако стигна веста дека тие се убиени. Се испуштени два месеци. И тоа да се разјасни.

Законот јас го предложив во 2003 година во јануари месец. До денес не е донесен. Сега, еве, во владина процедура ќе го дава Министерството, најавија. Меѓутоа, истата информација Министерството ја даде и во мај 2003 година и во март 2004 година.

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов ви поминаа трите минути.

Господине Флоровски имате реплика три минути.

Повелете.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, можеби не е вообичаено на првата седница да се стане и да се говори, но на еден ваков вдахновен и срцепарателен говор од госпоѓата Ристова која се обиде да ја одбрани министерката за надворешни работи која, за жал не е присутна тука, за случајот што сакав да го прокоментирам, но не е битно сигурно следи преку малите екрани.

Мојата реплика ќе биде многу кратка.

Кој е мојот впечаток? Впечатокот е она што господинот Андов го кажа дека тоа што госпоѓата Каролина овде го изнесе, е како самата себе да си се брани. Тоа е мојот личен впечаток, а верувам дека и граѓаните стекнаа таков впечаток.

Втората работа која е многу интересна и која, исто така, денес е пласирана дека денес утре или задутре ние веќе ќе станеме членка на Европската Унија и на НАТО, што е мислена именка и тоа апсолутно се пропагира преку медиумите, преку екраните, преку пишаните медиуми. Значи создавате една лажна клима пред македонската јавност.

Тешко е Македонија дека во следното десетолетие ќе влезе во Европската Унија, имајќи го предвид се она што го добивте како јавни шлаканици последнот месец дена околу спроведувањето на локалните избори. Тоа е жолт, да не кажам црвен картон, на вашата владеачка гарнитура, што се надевам дека 2006 година нема да биде.

Понатаму, велите дека постојат системски проблеми. Па кој треба да ги решава тие системски проблеми ако не министерката за надворешни работи. Зарем очекувате системските проблеми да ги решава опозицијата. Вие сте тие кои владеете со државата, вие сте тие кои раководите со државата, вие сте тие кои ги носите законите затоа што имате мнозинство. Тоа е разбирлива работа и вие фактички го канализирате патот на РМ, во ЕУ и во НАТО, што е тешко дека ќе го видиме во догледно време. Не може да се персонализираат проблемите во МНР, буквално така беше кажано, или да ставаме име и презиме. Постои личност со име и презиме, госпоѓата Илинка Митрева и таа е одговорна за сопственото министерство и за работата на тоа министерство.

Четиринаесет години што се правело не е битно, две ипол години владеевте, имавте време да го донесете и тој закон за кој вчера се изјасни господинот Бучковски дека треба да се донесе до февруари месец, но веќе мај доаѓа, а законот сеуште го нема. Тоа е исто така жолт картон, но за министерот за надворешни работи.

На граѓаните им било јасно. Што им е јасно? На граѓаните едно им е јасно, дека ништо не е јасно со власта на СДСМ.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Александар Флоровски:** Резултатите не се видливи..

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски ви поминаа трите минути. Одете си на место.

**Александар Флоровски:** Немојте да ја прикажувате идилична...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски нема да ви дадам збор воопшто во иднина.

**Александар Флоровски:** Дали ќе ми дадете или не не е тоа ваше право. Јас сум избран од граѓаните на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам исклучете го господинот Флоровски.

Ако сте биле отсутни две ипол години, овде има некои правила кои сите ги прифатиле.

Повелете госпоѓо Ристова имате една минута.

**Каролина Ристова:** Благодарам господине претседателе,

Јас најпрвин на колегата Флоровски да му посакам успешен мандат. Се надевам ќе се навикне на новите правила во Парламентот.

Господине Флоровски јас ја бранам надворешната политика на македонската Влада, што јас како дел од парламентарното мнозинство ја поддржувам и тоа е едно од суштинските поенти на парламентарната демократија, вклучително и во контекст на инструментот интерпелација.

Што се однесува до Европската Унија и НАТО, што ќе биде ако Македонија добие кандидатура?Дали тогаш ќе зборувате дека нашето членство или нашиот пат кон ЕУ и НАТО претставуваат мислени именки? Во однос на тоа вие ќе сносите одговорност пред граѓаните. Затоа јас апелирам и во мојот говор дека треба одговорно да се зборува.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Дика имате процедурално.

**Замир Дика:** Благодарам господине претседателе,

Јас се извинувам што не интервенирав на време, но Деловникот ни дозволува да интервенирам процедурално.

За да го образложам тоа сакам уште еднаш да нагласам дека Законот за поништување на

локалните избори во некои општини кои ги предложивме, знаете дека е поднесен пред три недели и се бараше да се расправа по брза постапка. Но не се свика итна седница и тогаш во договор и со вас се согласивме да се расправа на оваа седница во врска со овој закон кој е тесно поврзан со тоа што помина во дневниот ред. Имајќи ја предвид сериозноста на состојбата, имајќи ги предвид сите забелешки и податоци од ОДХР, од претставниците на НАТО, од ЕУ, од самите граѓани, ние цениме дека не е сериозно оваа седница да почне со други точки од дневниот ред. Па повикувајќи се на членот 74, вториот параграф каде се вели "Во текот на расправата во Собранието или по предлог од 10 пратеници, Собранието без претрес може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања".

Јас барам поддршка од 10 пратеници, точката 29 од дневниот ред да биде точка 4 и да продолжи веднаш по оваа расправа.

**Љупчо Јордановски:** Дали има поддршка од 10 пратеници? Има

(Реакции во салата дека треба да се изгласа предлогот).

Ќе го изгласаме. Ќе ја завршиме точката. Во текот на седницата, пишува.

Прво, да ви одговорам на еден ваш коментар што не е точен. Вие не баравте итна седница. Вие баравте Законот да се донесе по итна постапка.

Ве молам немојте да дофрлувате, јас го толкувам Деловникот.

Според тоа забелешката дека не е ставен веднаш, е на ваше конто.

Второ, да ја ставев како итна точка тогаш ќе требаше да се гласа. Добра волја е на позицијата и моја што ви укажав да одите во две фази за да можете да го кажете својот став.

Вие имате деловнички право да го побарате тоа, имате поддршка од 10 пратеници, јас сега тоа треба да го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Го ставам предлогот на господинот Замир Дика, поддржан од 10 пратеници, Законот за поништување на изборите што е точка 29, да биде после завршување на оваа точка, а тоа значи точка 4.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за предлогот гласале 26, 1 е воздржан и 39 гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Тука процедурално не давам повеќе право.

(Пратеничката група на ДПА бара друго процедурално прашање).

Другото процедурално откако ќе ја завршиме оваа точка.

Повелете господине Тачи што сакате процедурално?

**Мендух Тачи:** Почитуван господин претседател, бидејќи вашиот однос и на овој Парламент е еден однос од 15-тиот век и освен тоа што ни ги украдовте гласовите, и на опозицијата не и давате да земе збор, ви соопштувам дека Парламентарната група на ДПА ја напушта работата на Парламентот засекогаш и вие ќе бидете успешни во комунизмот и нацизмот кој го аплицирате овде.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мендух Тачи демократијата е право на избор.

Благодарам. Пријатно.

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева имате три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуваната наша колешка Каролина Ристова, меѓу другото во нејзиниот инспиративен говор кажа дека успехот на оваа Влада се отсликува токму преку Министерството за надворешни работи.

Јас ќе кажам дека во Министерството за надворешни работи, она што се случува фактички ја отсликува севкупната работа на Владата на РМ која ја карактеризира непрофесионалноста, партизацијата, деградацијата на квалитетните кадри и неодговорноста.

Сосема накратко ќе се задржам зошто велам деградација на квалитетните кадри, најпрвин внатре во Министерството, бидејќи пред само неколку месеци, повеќе од 50 луѓе беа деградирани по неколку степени надолу во своите работни обврски. Се работи за експерти во своите области. Беа поднесени 48 жалби од страна на вработените внатре во МНР кои беа одбиени со едно исто образложение дека врз основа на структурните реформи кои ги спроведува министерката. Според нејзино дискреционо овластување сите овие луѓе се сменети од нивните работни места, па би сакала, бидејќи госпоѓата Каролина се претстави овде буквално како потпарол на МНР и имаше огромен број на информации што ние обичните пратеници ги немаме, па би сакала да ја прашам и нејзе и министерката Митрева колку раководители на сектори сега во моментот имаат со средно образование кои се ставени после вака направената деградација на луѓето во МНР.

Понатаму, сосема накратко да се осврнам во делот на Шенгенскиот визен режим. Јас мислам дека многу јасно беше кажано од наша страна за македонската јавност, што е тоа што не е преземено и што можело да биде преземено за да има резултати во лидерацијата на Шенгенскиот визен режим и што требаше да остварат согласно со ветувањата дадени на 15 септември.

Слушнавме од госпоѓата Каролина Ристова, наброи многу меѓународни договори кои ги склучило Министерството, но не кажа колку конкретни договори за реадмисија, склучи оваа Влада од 15 септември наваму.

Понатаму, таа рече дека само членките на ЕУ се потписници на Шенгенската спогодба. Тоа не е точно и е голема доза на непознавање, ги користам истите зборови што таа ги користеше, бидејќи Велика Британија, Шведска, Данска се членки на ЕУ, а не се потписнички на Шенгенската спогодба, додека Норвешка не е членка на ЕУ а е потписник на Шенгенската спогодба.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева изминаа вашите 3 минути.

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате 3 минуту реплика.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Цитирам: "Среќа што во Република Македонија немав доволно казни од опозицијата за вакви работи". Ова го кажа колешката Каролина Ристова и од ова можам само едно да заклучам. Очигледно вам колешке не ви е потребна опозицијата кога ќе го критикува министерот за надворешни работи кој е ваш член, член на СДСМ и дел од Владата која раководи со РМ сега. Значи за критики на министерот не ви е потребна опозиција и не ја саката тогаш опозицијата. Арно ама кога ќе треба пред ЕУ да глумиме ни е заеднички настап и на опозицијата и на позицијата за, како што вели министерката во нејзиниот одговор, заеднички јуриш кон нашите европски и евроатлански сведоци, тогаш опозицијата ви треба. Искрено да ви кажам, од вашиот настап ми личевте како потпарол, и не правиот збор со кој би сакала да кажам, како застанавте во одбрана на министерот за надворешни работи, сепак тоа е функција, министер.Меѓутоа, кога веќе така ги елабориравте сите елементи од нејзината работа, се разбира во позитивна смисла.

Ајде да ги чуеме вашите аргументи или аргументите на министерот за надворешни работи во врска со спорот за името на Република Македонија, а да ги чуеме каде беше министерот за надворешни работи како излобира да не помине амандманот поднесен од Партијата на зелените во врска со спорот со името на Република Македонија, нели зборуваме за аргументи. Во Интерпелацијата не биле аргументи, ајде да ги чуеме вашите аргументи во однос на тие две работи.

Јас се надевам дека министерот за надворешни работи ќе се јави да не биде преку пратеници, туку тој сам да си образложи што, како и до каде е постапката.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Ристова една минута.

**Каролина Ристова:** Колешке Којзеклиска јас реков среќа што нема интерпелација за пратениците кога даваат сосема некомпетентни, неинформирани тврдења за тоа кој може да склучува шенгенска спогодба, а секако дека опозицијата има право формално-правно да критикува, меѓутоа јас апелирав тоа секогаш било одговорно, аргументирано и информирано. За тоа граѓаните имаат осет во однос на прашањето на политичката одговорност и дали тоа ќе ви се врати да ве прогонува како хендикеп.

Што се однесува до концензусот да, јас тоа го истакнав во делот кога зборував каква е критиката за дефокусирање на приоритетите кога на многу наврати опозицијата ја подржа позицијата во областа на надворешната политика.

**Љупчо Јордановски:** Господине Ѓорчев имате реплика или збор? (збор)

Господине Србиновски реплика или збор? (реплика)

Повелете три минути реплика.

**Илија Србиновски:** Почитуваната колешка во нејзиниот говор повеќе пати вели повикајте се да наведете некои конкретни примери за непотизмот во МНР. Еве ќе излеземе со конкретни примери. Имено, Блажевски Димитар, син на Ристо Блажевски, поранешен генерален секретар во МНР. Чокревска Ратка, роднина на Томислав Чокревски поранешен министер за внатрешни работи. Ханџиска Ана снаа на екс министерот Благој Ханџиски со едномесечно бебе испратена на работа во Амбасадата во Берлин.

Понатаму, таа сама рече повикајте се ако има такви примери. Ние се повикуваме. Благоја Крстановски, човек кој врши ревизија во Државниот завод, а потоа е вработен во МНР, втор човек во Амбасадата во Бугарија. Сите овие се блиски на СДСМ. Исто така Еленка Димитриевски балдза на претседателот Бранко Црвенковски. Значи, сето ова го открива МНР како херметички затворена институција во која работи херметички затворена група на луѓе кои се крвно поврзани и без никакво искуство во дипломатијата. Значи, институција со вакво позиционирање во поглед на кадровските решенија, внатрешните односи и државната поставеност едноставно не може да дава резултати.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Ристова.

**Каролина Ристова:** Колега, мислам дека имаме можеби различни дефиниции за тоа што е непотизам. Јас не слушнав ни еден случај име и презиме на родбинска врска со министерката за надворешни работи Илинка Митрева.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо министерке дали барате збор?

Видете Којзеклиска како ве слуша министерот, еве по ваша молба зема збор.

**Илинка Митрева:** Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Постојат моменти во внатрешниот живот на една држава кога треба да стивнат партиските ривалитети. Постојат моменти во кои сите ние треба да се ослободиме од рецидивите на политичкото паролаштво од нискиот пропагандизам, од плиткото навиваштво. Постојат моменти кога треба да се сплотиме околу виталните државни интереси и тој сојуз да

претставува моќна сила во одбраната на националните атрибути. Но, постои прашањето дали сме подготвени за таков подвиг. И постои прашањето дали вкусот и слухот кај некои е толку атрофиран од шумот на партиската музика што веќе не трпат ниту еден тон што е надпартиски, национален и државен.

Некои од раштимуваните ноти и сомнителни регистри на денешната парламентарна дебата посочија на едно фалш уво за восприемање на вистинската грижа на иднината на нашите национални проекти.

Битката за уставното име на Република Македонија, членството во НАТО и во ЕУ и во таа битка почитувани пратеници целата држава станува дипломатија. И не смее да има место за партитурите на партиската пропаганда. Ние работевме и САД го призна нашето уставно име. Ние работевме и Германскиот Парламент донесе резолуција за подршка на уставното име. Ние работевме и Комисијата за надворешна политика на Британскиот Парламент го подржа нашето уставно име. Има уште многу знаени и незнаени работи што сме ги сработеле, а кои допрва ќе се видат.

Но, вие почитувани пратеници наместо да ги користите вашите дипломатски пасоши за шопинзи и викенди употребете ги за повисока цел. Вклучете се преку посети на европски парламенти или преку контакти на партии што ви се блиски во достоинствената, упорна и систематска акција на оваа Влада признавањето на уставното име на Република Македонија ширум светот.

Поднесувачите на интерпелацијата зборуваат за "целосна деградација на надворешно-политичките позиции на Република Македонија за држава без државотворен капацитет, за стагнација на дипломатските активности за промовирање и унапредување на односите на Република Македонија со ЕУ и НАТО".

Па, ако ми дозволите, дами и господа, би ве потсетила на следното: Ако Република Македонија стана почитуван актер на меѓународната сцена и ако во изминатите две ипол години се случи признавање на уставното име од страна на САД, ако се случи Меѓународната заедница се погласно и се почесто да говори дека спорот со Грција е крајно ирационален, ако се случи на државата да и престои покана за влез во НАТО, ако и покрај домашниот скептицизам поднесете апликација за членство во ЕУ и ја усвоите поддршката на земјите членки, ако Европскиот прашалник ви го донесе лично претседателот на Европската комисија господинот Проди и ако во многу кус рок успеете на Брисел да му ги испорачате очекуваните одговори, ако имате постојан и висок квалитет на односи со Брисел, Вашингтон, Москва, Пекинг, избалансирани односи со соседите и се подобра регионална соработка, ако очекувате да започнат разговорите со Европската комисија за либерализација на визниот режим, тогаш е јасно дека оценките во оваа интерпелација се сосема неосновани.

Би можела, на пример, да направам паралела меѓу позицијата на Република Македонија денес и позицијата што ја затекнавме во 2002 година, но навистина немам намера да разгорувам непотребни и јалови дебати. Јасно ми е дека успесите на надворешната политика на Република Македонија не секогаш и не сите ги прават среќни. Некои кругови од јавниот и од политичкиот живот на Република Македонија очигледно се трудат на најразлични начини да ги минираат или да ги минимизираат тие успеси. Побудите се од најразлична природа, најчесто според мене, сомнителна. За среќа постои јавност во Република Македонија , онаа вистинската, што ја сочинуваат граѓаните на нашата држава и единствената релевантна оценка доаѓа од нив. Граѓаните на Република Македонија највисоко ги оценија токму постигнувањата на надворешната политика на оваа Влада, за што зборуваат сите сондажи на јавното мислење. Кон таквата оценка на мое чудо, но и со мое големо прифаќање во неколку наврати се приклучи и претседателот на партијата што сега ја поднесува оваа интерпелација. Тука не би сакала да ги изоставам оценките што доаѓаат од нашите пријатели од меѓународната сцена. Тие со восхит гледаат на напредокот на Македонија во изминатите три години. И не е моја, туку е нивна оценката дека во Македонија гледаат вистински стабилен и угледен партнер.

Почитувани пратеници, однапред се радувам на првата официјална посета на еден министер за надворешни работи на Република Македонија на Австралија која треба да се случи на почетокот на мај. Земја каде имаме бројна македонска заедница. Земја во која долги години многумина се обидуваа , но во 2003 година ние ја отворивме првата Македонска амбасада во Камбера.

Оваа посета ќе биде можност да се унапредат врските со Австралија, но тоа ќе биде исто така можност и тука да ја продолжам серијата средби што веќе ги имав со нашите иселеници во Канада, Америка, Финска, Шветска, Чешка, Холандија и во други европски земји. Го споменувам овој податок за да можам да ви го поставам следново прашање. Имате ли воопшто идеја за идеалната претстава што за својата татковина ја имаат Македонците ширум светот? Знаете ли колку на нашите им значи секој успех на Република Македонија? Јасно ли ви е што на пример за Детроит и не само за Детроит значеше признавањето на уставното име на Република Македонија од САД? И знаете ли дека на нас тука паѓа одговорноста не само да ја зачуваме таа претстава, туку и да ја преточиме во стварност и за нив и за сите граѓани на Република Македонија. Тоа е крупна задача во која своја улога има власта, но и опозицијата.

Дами и господа пратеници не како пледоаје за успешноста на надворешната политика, туку како гол факт сакав да предочам и да го насочам

вашето внимание кон она што го одбележа нашето доближување кон ЕУ и НАТО, но во интерес на времето ќе го скокнам, бидејќи веќе беа изнесени релевантни податоци на тој план. Можеби само да се регистрира воспоставувањето на внатрешната структура и координација на европските процеси, воспоставување на највисоката институционална структура за билатерален политички дијалог со ЕУ, Советот за стабилизација и асоцијација, приклучувањето на Македонија кон заедничката Европска и надворешна безбедносна политика со преку 350 документи кон кои сме пристапиле.Од делот на НАТО само ќе ја посочам политичката координација на Министерството за надворешни работи која ја врши во овој процес и ласкавите оценки за нашата годишна национална програма и оценката дека Македонија во рамките на Јадранската повелба е лидер во регионалната соработка.

Почитувани пратеници, дами и господа има некои прашања кои навистина не заслужуваат одговор. Но, респектот кон демократскиот институт-интерпелација ми наложува да дадам коментар. Наместо, како што велите хаос во дипломатијата, систематски настојувам да внесам ред во дипломатијата и не се откажувам од она што го најавив со преземањето на функцијата министер за надворешни работи професионална и ефикасна дипломатија. Беше кажано она што се директни ингеренции на МНР, а тоа е поставувањето на дипломатски ешалон после амбасадорскиот од 2002 наваму се врши исклучиво преку интерни конкурси и со дипломати од Министерството. Значи, одкако јас сум министер сите испратени во ДКП се професионалци. Друго е прашањето за првите луѓе на амбасадите односно амбасадорите. Ќе потсетам дека објективно МНР нема доволен потенцијал ниту по бројка ниту по формација што може да ги исполни потребите на Република Македонија да ги покрие сите 42 ДКП со амбасадори. Тоа е наследена ситуација.

Од познати причини во последните две години во државата се води исклучително рестриктивна политика на вработувања. Во целиот овој период одкако сум министер почитувани пратеници во МНР е примен само еден човек. Значи, моите повеќекратни укажувања дека Министерството старее и не може да продуцира млади квалитетни кадри сеуште не можат да бидат услишани. Кадровските слабости на МНР не се единствената причина што се избираат амбасадори од редовите на политичките партии или личности од јавниот живот, тие се рефлексија на екслузивните коалициони односи.

Сепак и нудам една мала статистика на јавноста. Од 2002 година, испратени се 15 амбасадори. Од нив 9 се професионалци. За споредба од 1998 година, до 2002 година, испратени се 17 амбасадори од кои 12 партиски луѓе.

Сега мал коментар за случајот Адеми за кој мислам дека е завршен случај и потсетување онака како што го имате пред вас. Процедурата за именување амбассадори се одвива во неколку фази во кои учествуваат неколку чинители. Поранешните министри овде присутни во салата тоа би требало да го знаат предлогот Џевад Адеми да биде кандидат за амбасадор во Република Бугарија беше во иницијална фаза и таму запре. Агреман од земјата на апликација се бара на крајот на изодената процедура, таа не е изодена, тоа е одговор за господинот Андов. Оттаму не може да се зборува за нарушување на досегашните дипломатски односи и воспоставување на политика на добрососедство и добри меѓународни односи, како што стои во интерпелацијата меѓу официјално Скопје и официјална Софија. Тоа е цитат од интерпелацијата.

Институционалното обликување на целата процедура на именување амбасадори и стандардите што треба да ги исполни кандидатот за амбасадор се детално регулирани во Законот за надворешни работи, закон што на Република Македонија и недостасуваше во изминатите 14 години, а на наше задоволство оваа недела и беше предаден на Владата и утре се очекува да биде разгледан од колегиумот на државните секретари.

Најпосле за една апологија на нехуманоста која денес зеде толкав простор во Парламентот. Тажно е што трагичната судбина на тројцата киднапирани Македонци во Ирак кога беше мобилизиран севкупниот дипломатски потенцијал и беа ставени во функција сите дипломатски механизми, денес се злоупотреби за политички цели. Да сакаа претставниците на ова Собрание навистина и навремено да имаат информација ќе ја побараа онаа што уште на почетокот на оваа есен ја доставивме до Владата.

Зборувате за непрофесионалност. Епа, овој непровесионален министер што се наоѓа денес пред вас наследи и врати ваш долг од 2.800.000 евра. Изврши градежна реконструкција на амбасадите во Вашингтон, Париз, Сараево, ги подмири сите меѓународни членарини и контрибуции на Македонија, целосно го компјутеризираше Министерството, воведе принцип на внатрешна електронска комуникација, креираше интерактивна ВЕБ страна која редовно се ажурира за оние кои имаат време да шетаат по неа, започна постапка за обезбедување на зголемена безбедност на комуникацијата меѓу Министерството и дипломатските претставништва, го реновираше Министерството освен својот кабинет, за прв пат по осамостојувањето на Македонија започна средување на дипломатската архива која е сведоштво за историјата на Македонија, го збогати библиотечниот фонд и сето тоа како резултат на едно непрофесионално работење и во услови на намален буџет.

На крајот апсолутно немам намера да се осврнам на податокот на поднесувачите на интерпелацијата кои или не знаат да ја отворат

или не сакаат да ја отворат интернет страницата на Министерството за делот на економската дипломатија. Ако тоа го направеа ќе видеа што стои таму надворешна економска политика и инвенстициски водич за 2005 година.

А сега почитувани дами и господа, со сета дипломатичност и куртуазност што е својствена на дипломатијата и дипломатската комуникација, сакам да ви ја упатам следната порака quo usque tandem. А освен пораката сакам да ви дадам и една препорака: Наместо да правите збрки на парламентарната говорница, засукајте ги ракавите и направете нешто за Македонија.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски, баравте процедурално, повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, морам да реагирам процедурално и тоа до вас.

Министерката треба да може и треба да знае една работа, а тоа е да не ги навредува пратениците. Да се каже од говорница јавно, пред цела македонска јавност, пред сите овде пратеници, да се каже дека ние, пратениците ги користиме дипломатските пасоши за шопинг е голема навреда.

Зошто? Треба да знае почитуваната министерка дека ова Собрание има парламентарни делегации што постојано одат таму каде што треба. И тоа што е нивна задача, тоа го прават, вклучително и вие почитуван претседателе.

Министерката не беше одамна кога беше пратеник и претседател на Комисијата за надворешна политика. Што треба да кажеме, дека таа Комисија не си ја брка работата или дека кога министерката беше пратеник одеше во шопинг со дипломатскиот пасош? Тоа се директни навреди на пратеникот како институција. Тоа треба да може и треба да го знае министерката. И, не "некои прашања не заслужуваа одговор" туку заслужуваат. А, тоа е токму ова.

Друга  реченица, што ја користи сега, на крајот "наместо да правите збрки на говорницата", повторно ни дели лекции.

Ние, почитувана министерке воопшто не правиме збрки на говорницата, туку го користиме нашето деловничко, уставно загарантирано право. Пратеникот е биран од граѓаните и има право да ви поднесе интерпелација и има право да дискутира по неа, без разлика дали тоа вам ви се допаѓа или не.

Вие сте бирани од нас и според тоа нам ни одговарате. А, дали ние правиме збрки, ќе го видите тоа многу брзо, кога на избори, како и на овие народот ќе ви го каже гласот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас ова нема да го сфатам како процедурално. Во првиот дел и јас мислам дека ...

**Жарко Караџоски:** Ова беше процедурално, не реплицирав.

**Љупчо Јордановски:** Не, не, не. Бидејќи вие реплициравте, фактички, давам можност да се одговори како реплика.

**Жарко Караџоски:** Не реплицирав. Јас сакам да реплицирам.

**Љупчо Јордановски:** Ова го прифаќам како реплика, бидејќи и онака беа три минути, така што нема потреба да се одговори.

Кој друг се јавува за реплика?

Госпоѓа Лалчевска вие сте пријавени.

Повелете, имате три минути реплика.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе.

Јас мојата реплика би ја поставила како еден вид прашање до госпоѓата министер и би ја прашала дали нејзиниот слух беше истанчен и издигнат над партискиот кога ја водеше процедурата за поставување на господинот Адеми за амбасадор во Софија? Дали, госпоѓо министерке, тогаш имавте слух само за музиката на ДУИ, а после, откако работите добија несакан тек, Вие, госпоѓо министерка вината за изборот ја префрливте токму на вашиот коалиционен партнер ДУИ и него го обвинивте за лошиот избор на господинот Адеми?

Јас тука би ве потсетила дека предлагач не може да биде ни една партија, туку предлагач пред Владата сте вие. И не можете постојано пред македонската јавност да се оправдувате за овој случај дека била процедурата незавршена. Затоа што предлогот беше дојден во Влада. Значи, Вие, како предлагач сте потврдиле, а притоа не сте извршиле соодветни подготовки, односно соодветна истрага околу тоа кој е господинот Адеми, дали е соодветен за такво поставување?

Исто така, не можам да сфатам, како на еден многу софистициран начин си го припишување признавањето на Македонија под уставното име на вашето конто, бидејќи, да ве потсетам и пред вас имаше министри за надворешни работи и пред вас имаше влади што работеа континуирано на ова прашање.

И тука би направила една паралела - зошто тогаш се одлучивте да предложите кандидат кој е на црната листа токму на САД за амбасадор во Софија, ако со такво воодушевување си го припишувате признавањето на Република Македонија на вашето конто? Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски барате збор процедурално? Повелете.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе,

Од името на пратеничката група на ВМРО - Народна партија бараме пауза од 10 минути пауза ...

**Љупчо Јордановски:** Вие не сте координатор.

**Жарко Караџоски:** Заменик координатор сум. Имам право.

**Љупчо Јордановски:** Координаторот е присутен тука, може само координаторот да побара.

**Жарко Караџоски:** Е, каде пишува дека може само координаторот?

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, повелете, имате три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе,

Ќе земам збор, бидејќи немам време во три минути да го искажам тоа што го мислам.

**Љупчо Јордановски:** Значи, барате збор.

Следниот говорник е пратеникот Ќуркчиев Никола.

Потоа нека се подготви пратеникот Никола Груевски.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Како што спомна еден наш колега на почетокот на денешната расправа, институтот интерпелација за работење на одреден министер е неспорен, е регуларен механизам за секоја парламентарна демократија.

Меѓутоа, според мое длабоко убедување оваа интерпелација доаѓа во сосема погрешно време и е задоцнета барем 3-4 години.

Од тоа што го разбрав читајќи го образложението на интерпелацијата поднесена за работата на министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева, надополнета, се разбира, со дисксиите што денес ги слушаме, колку и да се трудам јас навистина не можам сериозно квалификациите и критиките да ги поврзам со госпоѓата Илинка Митрева.

Имено, колегите од опозицијата кои се подносители на интерпелацијата, како што самите велат, сметале дека е потребно министерот за надворешни работи да сноси одговорност за "непрофесионално и непринципиелно раководење на министерството". По наоѓање на подносителите на интерпелацијата имало "многу причини" за да го поткрепат тоа прашање пред ова Собранието, меѓутоа сепак се одлучиле за неколку, наведувајќи ги како основни.

Во таа смисла, како клучни пропусти што се директна одговорност на госпоѓата минстер, во својство на министер за надворешни работи се наведуваат: предлог за кандидат за амбасадор на Република Македонија во Република Бугарија; киднапирањето и убиството на тројцата наши граѓани на привремена работа во Ирак; наводните опструкции на министерот за носење на закон за надворешни работи, патем речено сите знаеме до која фаза е тоа и дали е предаден или не; целосно дефокусирање на приоритетите на Република Македонија на надворешно политички план, односно стагнирање на процесите за прием на Република Македонија во евро атлантските структури и неприфаќањето на сугестиите на опозицијата и непреземање на никакви активности во процедурата на поттикнување, усогласување и потпишување на договорите за реад мисија, односно како што беше и денеска дискутирано, како што мислат подносителите на интерпелацијата, непреземањето на конкретни мерки на Република Македонија да стане потписник на Шенгенската спогодба.

Почитувани дами и господо пратеници,

Доколку колегите, потпишани на оваа интерпелација беа објективни во своите ставови, оценки, критики и доколку сериозно ги аргументираа причините што ги навеле како основни, ценам дека за оваа расправа, наспроти нив, ќе беше сосема доволно да го земат во предвид Мислењето што ни беше дадено на сите нас или пак изјавите што и до денешнава седница ги има дадено токму по овие прашања министерот за надворешни работи.

Меѓутоа, на секој, кој внимателно го прочатал образложението на интерпелацијата и со внимание ги следи дискусиите во прилог на истата, јасно му е дека цел на оваа интерпалација не е воопшто Илинка Митрева, како министер за надворешни работи. Цел на оваа интерпелација не е ниту некаков обид за одбрана на наводно загрозените приоритети на Република Македонија на надворешно политички план.

Цел на оваа интерпелација не е, дефинитивно, ниту грижата за, условно кажано, дополнителен, макар и политички импулс кон придвижување или правење на подонамичен, побрз тек на процесите од сферата на нашата надворешна политика.

Конечно, барем за мене, лично како пратеник, од она што го прочитав и слушнав, цел на оваа интерпелација е уште еден обид не само да се преоценува и аргументира односно да се критикува работењето на еден владин министер од страна на опозицијата, што навистина би било апсолутно во ред, туку директно да се делегитимира вкупната надворешна политика што ја води Република Македонија во последните две и пол години.

Почитувани колеги,

Уште на почетокот кажав, оваа интерпелација е во погрешно време и воопшто нема допирни точки со реалноста.

Зошто мислам така? Прво, се употребуваат термини и фрази од типот "дипломатски скандал", "необјаснива, неоправдлива, анти државна тенденција и пракса на форсирање на дипломатски кадри по претходен политички договор на сметка на националните интереси на државата", "хаос во македонската дипломатија", "непрофесионалност","непотизам", "партизација" и целосно изместени критериуми за создавање дипломатски кадар, што, според мислењето на дел од нашите колеги, резултира со деградација на надворешните политички позиции на Република Македонија.

За жал, Република Македонија, во делот на водењето на својата надворешна политика, навистина помина низ еден период за кој што квалификациите и оценките наведени во оваа интерпелација, па и уште пострашни од нив, навистина држат место.

Почитувајќи го дигнитетот на Собранието ќе бидам пристоен и нема да спомнувам имиња и

настани. Меѓутоа, и имињата и настаните што беа опишувани од нашите медиуми всушност беа преземани од странските агенции и европските престолнини како и од Соединетите американски држави. Така што нам, како пратеници, не на јавноста во Република Македонија, туку многу пошироко, синоним за нашата држава, за нашите стратешки интереси и цели беа личности и настани кои и ден денеска кај секој граѓанин на Република Македонија, освен очигледно кај нив самите, единствено може да побудат срам.

Почитувани колеги пратеници,

Госпоѓата Илинка Митрева ресорот надворешни работи во континуитет го раководи од крајот на 2002 година. Во интерпелацијата за нејзиното работење стои дека однесувањето на министерката Митрева довело до "целосно дефокусирање на приоритетите на Република Македонија на надворешно политички план, на надворешно политичката стратегија за профилирање на Република Македонија како сериозен претендент и кандидат за прием во евро атлантските структури и дека постои стагнација на дипломатските активности за промовирање и унапредување на односите на Република Македонија со Европската унија и НАТО.

Во прв момент, читајќи го ова, помислив дека навистина станува збор за печатна грешка. Затоа што имајќи го предвид исчекорот и напредокот што Република Македонија за изминатите две и пол години го направи токму на овој план, навистина е апсурдно да се помисли, а не пак да се тврди такво нешто.

Имајќи предвид дека стартот на министерката Митрева и Владата воопшто беше беше позиција на меѓународно изолирана држава, оставена без пријатели и сојузници, а Европската унија, Соединетите американски држави и НАТО претходната Влада ги анатемиса како "македонски непријатели" и ги обвини за соучесништво во агресијата врз Република Македонија, наспроти денешните меѓународни позиции и релации на Република Македонија со останатиот свет, навистина, верувајте ми, невозможно е било каква компарација на политики и излишен е секаков коментар.

Затоа е неспорен фактот дека спротивно на мислењата и тврдењата на опозицијата, токму како резултат на вонреден квалитетен активитет, денеска, реалноста е следна:

Република Македонија е во заслужено и реално очекување на поканата за членство. Проценка на евро комесарот за проширување на Унијата Оли Рен е дека Македонија сосема објективно го очекува статусот земја кандидат за членство во Унијата. А, според зборовите на директорот на Светска банка за Југоисточна Европа, Република Македонија за кусо време стана фактор на стабилност во регионот и е пример за успешна приказна и светла точка на Балканот.

Мислам дека, оправдано или не, меѓусебно ние, колегите во Парламентот можеме да си припишуваме субјективизам во нашите мислења и ставови. Но, тогаш во нашите дебати, колку и да се тие политички мотивирани треба и мора да го почитуваме и реално да го вреднуваме барем мислењето на релевантните меѓународни претставници и институции.

Затоа, почитувани дами и господо пратеници, уважени колеги, подносители на оваа интерпелација, ако ви е навистина сериозна намерата да го оспорите и критикувате работењето на министерот Митрева, на Владата генерално во делот на надворешната политика, не мора да ги имате во предвид нашите дискусии. Меѓутоа, колку и да не ви оди во прилог, имате обврска. Едноставно, мора да ги земете во предвид фактите:

Од една страна е искуството на една политика што вие ја практикувавте, ќе бидам слободен да ја наречам тотално непромислена авантура што ја започнавте со Тајван и ја завршивте со сите ефекти што сумирани на крајот во 2002 година за Република Македонија, најблаго речено, во секоја смисла значат тотална меѓународна изолираност.

Од друга страна, по истото прашање денеска ја имаме следнава ситуација: - Република Македонија со меѓународен углед, почитуван сојузник и пријател на многу поголеми и посилни од нас држави, партнер во најзначајните институции, сериозен аспирант за кандидатура на членство во НАТО и Европската унија, признавање на уставното име на нашата држава од страна на Соединетите американски држави, Резолуција од Германскиот Бундестаг и препорака на Комисијата на Британскиот парламент до Британската Влада по истото тоа, за нас многу важно прашање. И, да не набројувам.

Е, сега, ако некој навистина не сака или не може или нема интерес објективно да ја види димензијата на дипломатијата и надворешната политика на државата, ќе пишува интерпелации како оваа и ќе дискутира онака како што слушавме досега.

Впрочем, да бидам искрен до крај после острата реакција на опозицијата при донесување на поднесувањето на апликацијата со образложение дека е премногу рано за таков чекор, после скептицизмот дека Европската унија нема ниту да ни го достави Прашалникот, со прогноза дека Унијата ќе го пролонгира вообичаениот рок, после недовербата и тврдењето дека државната администрација апсолутно не поседува капацитет да даде соодветни одговори на Прашалникот, сега заменета, се разбира, со тезата дека одговорите на Прашалникот ќе бидат оценети како лоши и затоа Европската унија нема да ни го довери статусот земја кандидат, сосема логично и очекувано беше да дојде и нова и ваква интерпелација.

Меѓутоа со оваа интерпелација опозицијата можеби и несакајќи го отвори и прашањето. Ако според сите показатели и резултати надворешната политика е една од сферите што

во последните две и пол години се постигнати објективно најголемите успеси на Република Македонија на меѓународен план зошто се бара интерпелација за министерката која го води овој ресор.

Јас како пратеник сум во дилема и би имал два односно три можни одговори на ова прашање.

Првиот одговор со сите ситни измени во текстот на оваа интерпелација претпоставувам и почитувам ако некој каже дека е подготвувана пред три или четири години. Значи, оваа интерпелација со сите квалификации и оценки се држела евентуално кога би се поднела на адреса на претходната Влада избрана од пратениците кои денеска се потпишани на оваа интерпелација.

Вториот можен одговор, се разбира според мене е следниот.

Опозицијата претпоставувам од немај каде со цел да ја прикрие сопствената стерилност ради реда, без основа и без аргументи поднесува неиздржана интерпелација и со неа ја продолжува праксата на каква таква политичка активност со цел преку Парламентот да се сврти евентуално да го придобие интересот на јавноса.

И третото, можеби највероjатно, можно е ова да се прави со цел, со политичка предумисла верувајќи дека на тој начин ќе и наштети на Владата без притоа да води сметка за последиците кои несомнено ќе се одразат и ќе и наштетат многу повеќе на македонската надворешна политика и на Евроатланските интеграции и процеси отколку на самата Влада.

Затоа, почитувани колеги пратеници јас на оваа интерпелација гледам само како на можност, јавно да ја потврдам мојата доверба за работењето на министерот госпоѓа Илинка Митрева, овој министер, а се разбира јасно е како ќе гласам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Лалчевска имате реплика три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе,

Колегата на почетокот на своето излагање кажа дека не можел да ги поврзе интерпелацијата со името на министерката. Јас само ќе го прашам. - Кој беше министер за надворешни работи во времето кога требаше да се именува Адеми за амбасадор во Бугарија. Ќе добие сам одговор дали може да се поврзе со името на министерката или не.

Понатаму, во своето излагање рековте дека доколку опозицијата беше објективна, односно предлагачите ќе го прочиташе одговорот на интерпелацијата. Јас бев објективна и со внимание го прочитав одговорот на интерпелацијата.

Во одговорот на интерпелацијата некаде при крајот да ве потсетам стои дека околу случајот Адеми, а не случајно го нарекувам случај Адеми, затоа што и така е, затоа што и тоа како и нанесе штета на Министерството за надворешни работи овој случај, бидејќи не се водеше сметка кој се предлага за амбасадор во Бугарија. Реперкусии од тоа ќе имаме и во иднина.

Значи, самата министерка во својот одговор тврди дека агреман од земјата на акредитација се бара на крајот од изведената процедура. Процедурата беше во Влада, значи беше потврдена од министерката и беше изодена и се чекаше агреманот. Точно потврдува дека направила грешка во оваа процедура.

Исто така, потврдува дека процедурите ќе биле детално регулирани во Законот за надворешни работи што ќе бил донесен наскоро. Јас сум две ипол години парламентарец и точно толку слушам од госпоѓата министер дека ќе се донесе законот. За мене тоа некако многу долго трае.

Исто така, вие господине колега ја обвинивте опозицијата за стерилност. Јас не би рекла воопшто дека опозицијата е стерилна, и тоа како е продуктивна, а интерпелацијата ќе ја сруши вашата инфериорност од која ништо понатаму не гледате.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам,

Има збор пратеникот Никола Груевски, а потоа нека се подготви пратеникот Игор Ивановски.

Се извинувам, за реплика се јави господинот Куркчиев. Повелете една минута господине.

**Никола Куркчиев:** Благодарам.

Колешке веројатно вие со вашите три минути сакавте да ми кажете дека односот на сегашниот министер во врска со професионалноста на дипломатскиот кадар не е на она ниво кое што е потребна. Дозволете ми да ве прашам дали се сеќавате на случајот на она момче што вие го пративте за конзул во САД, кој својата висока професионалност ја демонстрираше на еден телевизиски настап, ми се чини дека беше тоа на еден дневник од А1 Телевизија, кога од сите важни личности претседатели и директори на многу битни меѓународни организации и институции со седиште во САД единствено успеа едвај да го погоди името на претседателот на САД.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам.

Повелете господине Груевски, се извинувам што морам да ве вратам назад.

**Никола Груевски:** Благодарам,

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани гости, претставници на Медиумите,

На почетокот на ова мое излагање би сакал да изложам една моја разочараност за она што го видов денеска како одговор на интерпелацијата од министерката за надворешни работи. Очекував дека тоа ќе биде во еден стил својствен на оваа власт со силна доза на арогнација, потценување, дури и навреди. Слушнавме дека пратениците пасошите ги користеле за шетање и за шопинзи, можеби некој од личен пример тоа си го знае од минатото кога бил пратеник, можеби и од денешнината кога е министер, меѓутоа, требаше

конкретно да го посочи тука кој за тоа го користи пасошот, а не го користи за унапредување на развојот на Република Македонија. Меѓутоа, навистина жалам што беше пропуштено да се даде едно суштинско и конкретно образложение за одредени силни гафови што беа направени во последниот период во Република Македонија. Пред се главниот повод кој што беше за оваа интерпелација, а тоа беше назначувањето на Џевад Адеми, за амбасадор на Република Македонија во Република Бугарија. Не добивме одговор како е можно човек кој што се наоѓа на црната листа на САД, нашиот стратешки партнер и тоа е ставен меѓу лицата кои што го попречуваат Рамковниот договор, меѓу лица кои што биле членови на ОНА и лица кои што ја загрозуваат стабилноста на Западен Балкан и меѓународниот поредок, значи исклучително ризична група на лица. Како било можно едно такво лице да помине во сите процедури на Министерството за надворешни работи, да биде потпишан од министерката за надворешни работи, да помине на Влада и дури тогаш кога од Бугарија дознаваат што им се подготвува и за да не ја навредат Република Македонија, односно да не ги нарушат односите со Република Македонија даваат информација до локалните медиуми, тие ги вадат статиите за кого станува збор, нашите медиуми пренесуваат од она што се пишува во Бугарија и така целата јавност на еден, да речеме од страна на Република Бугарија прилично културен начин дознаваат за какви процедури и за какво работење станува збор во нашето Министерство за надворешни работи. Со какви бруки се соочуваме кога станува збор за нашата држава.

Навистина ништо не стана збор за тоа како било можно да се помине целата процедура во Министерството за надворешни работи, сите сллужби што се задолжени за тоа, да дојде до министерот, да го потпише тоа министерот, да дојде на Влада, да помине на Влада и во моментот кога треба да се побара агреман тогаш да "светне сијаличката", откако соседната држава ни испраќа сигнал на начин кој што тие го одбрале за најмалку болен, за ненарушување на односите помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. И на сето тоа да се помине така лаконски, така релативизирачки тоа е според мене прилично несериозно. Прилично несериозно за еден министер, а и за оние што го поддржуваат. Се работи за крупен дипломатски гаф, за кој што во другите држави министрите за надворешни работи недвосмислено поднесуваат неотповиклива оставка.

Наместо да го видиме ова почитувани пратеници, ние бевме сведоци да слушнеме за тоа дека сме имале големи успеси со тоа што САД ја признале Република Македонија под уставното име. Јас тука не би се согласил дека причината за тоа беше почитуваната министерка затоа што тоа беше процес во кој што пред се учествуваше нашиот поранешен претседател господинот Борис Трајковски, кој што вложи огромни напори во тој процес, кој што процесот го донесе во самиот финиш, кој што процес можеби дури беше забавен во одреден период за да подоцна се создадат услови и се избере тајминг што не беше таен, беше кажан и од подпаролот на Стејтдепартменот дека се одбира тајминг тоа да се пласира како веќе завршена работа. Така што не е добро така да си ги препишуваме работите од мноштво луѓе што ги работеле и од оние кои што најмногу вложиле труд за оваа работа да си ги пропишуваме само за себе, дури и да сме имале некое одредено учество во целата таа работа.

Исто така, наместо одговор за тоа зошто предлагаме лице што го загрозува меѓународниот поредок за амбасадор, добивме одговор дека наскоро ќе имаме либерализација на визниот режим, меѓутоа, не дознавме што значи таа либерализација. Ова го потенцирам затоа што неодамна одредени европски дипломати преку нашите медиуми ни пласираа дека всушност борбата за таа почетна либерализација е борба тие што имаат дипломатски пасоши, што имаа службени пасоши да не вадат визи за ЕУ. Значи, 200 до 300 луѓе во државата да немаат проблем со вадење визи, иако тоа се визите кои најлесно доаѓаат до визи. Јас сум меѓу нив, сите вие пратениците тука што седите, да не зборувам луѓето што работат во Владата, државните службеници итн., за нив не е некој проблем виза кога имаат некое службено патување или кога треба некаде да заминат. Меѓутоа, два милиони граѓани во Република Македонија имаат сериозен проблем со визите и никој тоа не го потенцира. Борбата на нашата дипломатија била да се најде начин овие 200 - 300 луѓе што биле тука, за нас да се обезбеди работата, за понатаму луѓето нека чекаат во наредните 10-15 години, можеби ако тргнат работите и ќе се ослободат визите. Ќе ве потсетам дека Хрватска доби либерализација целосна на визите во сред војна во 1993 година, и дека во Македонија 2,5 години имаме целосен застој во овој правец. За целосна либерализација на визите односно целосно симнување на визниот режим постојат три технички елементи што треба да ги направи Владата, а подоцна да бара политичка одлука од ЕУ.

Тоа се договорите за реатмисија, за кои што би сакал да слушнам колку договори за реатмисија Владата склучи во последните 2,5 години, откако оваа Влада е дојдена на позиција.

Потоа е обнова на пасошите. 2,5 години читаме по весниците дека не се почитуваат тендерите, нови се отвараат, застој наредните шест месеци, наредните три месеци, меѓутоа, во овие 2,5 години ни стариот тендер чинеше ни новиот тендер чини, така што веројатно овој технички услов сеуште чекаме да се исполни.

Третиот услов беше обновата на граничните премини, односнно нивно осовременување кое што ќе кореспондира со европските стандарди. Не сум забележал дека и тука има некој сериозен напредок. Така што последните две ипол години

граѓаните живеат во некоја надеж, би рекол вирзуелна дека ќе се укинат визите, а всушност ние имаме борба за укинување на визите на 200-300 луѓе во државата кои што во моментов се актуелни политичари, дипломати или се наоѓаат во врвот на државните кругови на Република Македонија.

Од тој аспект не е добро сегашното работење да го оправдуваме со евентуални идни нови чекори, а во овие евентуални идни, нови чекори е дека ќе имало либерализација на визниот режим. Тоа што на Бугарија и се случи уште пред три четири години, уште пред да ги започне преговорите со ЕУ за членство, тоа што и се случи на Хрватска уште додека беше во војна, тоа што на речиси сите Европски држави и се случи со исклучок на Македонија, Србија и Албанија повторно некако ми личи онаа работа како што зборувавме некое време каде и да е тука ќе биде работата ќе тргне.

Исто така, како одговор на сите овие гафови што се случија во нашата дипломатија, она што се случи со лицето Џеват Адеми, со Ирак, со недонесување на закон за надворешни работи и ред други работи како одговор на сето тоа ни се кажува дека голем успех било тоа што сме го поднеле прашалникот и дека повторно тоа се става во некоја група на личен успех на некого.

Почитувани пратеници,

Борбата за развој на Македонија и постигнување на ниво да стане член на ЕУ, е борба која неодамна се води од сите политички структури досега, од сите досегашни Влади, од сите досегашни претседатели во Република Македонија и тешко може со еден таков чекор да се оправдаат редица на гафови за кои што денеска станувашe збор во Парламентот. Невозможно е тоа да се образложи со тоа особено што станува збор само за апликација и одговор на прашањата што исто така може да влезе во една повеќе техничка работа отколку во една суштинска работа особено заради тоа што ние веќе имаме пролонгирање на почетокот на преговорите со ЕУ за зачленување на Република Македонија во ЕУ, односно почеток на моментот кога Македонија ќе има статус на официјален кандидат. Тоа е затоа што, ќе ве потсетам, ако ги најдете дури и изјавите на поединци од оваа Влада некаде 2002 година 2003 година првите навестувања и укажувања беа дека Македонија ќе добие статус на официјален кандидат крајот на 2004 година. Тоа веќе не само што помина, туку од поодамна веќе не се ни зборува, така што може да се забележи само ако некој отвори интернет и се присети на изјавите од 2002 година и 2003 година. Подоцна тргна исто така во оптек дека кандидатурата на Македонијак, односно статусот на официјален кандидат ќе биде во почетокот на 2005 година, па се зборуваше крајот на 2005 година, па сега почна да се зборува почетокот на 2006 година, а веќе има одредени сомневања дека може и 2007 година да фати. Тоа значи дека во државата имаме сериозен застој. Тоа значи дека многу работи што се планирале да се направат во периодот крај на 2002 година и почеток на 2003 година не се направија и затоа се пролонгира рокот во кој што Република Македонија треба да добие статус на официјален кандидат и да ги започне преговорите. Затоа, тоа се одолговлечува. Затоа што стојат реформите, затоа што стојат многу работи и суштински и технички кои што во меѓувреме само се зборуваат а ги нема на сцена.

Во овој контекст би спомнал нешто поврзано со она што беше наведено денеска и за кое што исто така не добивме соодветен одговор, а тоа е случајот со киднапираните и убиени граѓани на Република Македонија во Ирак.

Прво, би напоменал почитувани пратеници . . .

(реакција на пратениците од место)

дека киднапирањето и убивањето на македонците во Ирак не е само нешто што е проблем на нивното семејство. Ние не треба да се извинуваме. Тоа е проблем на државата. Тоа е проблем на семејството нормално, нивни луѓе се убиени, меѓутоа, тоа е сериозен државен проблем, затоа што тие луѓе не беа убиени таму приватно. Тие луѓе не беа убиени заради тоа што тие нешто згрешиле. Тие луѓе почитувани пратеници. . .

(реагирање на пратениците од место)

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам, секој одговара за своите зборови, имате право на реплика и да се подготвите за збор.

Продолжите господине Груевски.

**Никола Груевски:** Тие луѓе беа убиени за да испратат одреден политички сигнал од одредена политичка терористичка групација. Нашата реакција, на нашето Министерство за надворешни работи не само што беше задоцнета туку и ден денеска не е испратена Комисијата која што требаше да ги пронајде телата и достоинствено да се донесат во Република Македонија. И, тоа е дел од таа процедура за која што зборуваме, процедура во која што се изгуби многу време, процедура во период во кој што најпрво се испратија службеници на најниско ниво во Ирак, кои што практично не можеа да издејствуваат нешто повеќе во собирањето на информации за лицата за кои што станува збор.

Исто така би го спомнал во овој контекст недонесувањето на законот за надворешни работи. Значи, двеипол години откако дојде оваа Влада на влас, двеипол години слушаме дека за 3, 4, или најмногу за 6 месеци ќе се донесе нов закон за надворешни работи. Па имавме неколку ситуации кога господинот Стојан Андов поднесе закон за надворешни работи, добро подготвен, добро осмислен и тој беше вратен и одбиен од Парламентот, не затоа што Македонија има подобар, туку затоа што беше ветено од страна на министерката за надворешни работи дека еве, кај и да е за месец, два ќе добиеме нов. Дали некому не му одговараше да се работи по таков нов закон, па свесно ја одолговлекуваше работата, или е нешто друго во прашање, не

добивме како одговор. Двеипол години се чека да добиеме закон по кој што ќе се работи и закон кој ќе биде современ и кој ќе уреди многу прашања, заради кои што имаме денеска проблеми во нашата дипломатија.

Навистина жалам, што за многу работи во излагањето на почитуваната министерка не добивме одговор. Чувме само формулација дека ние работевме и ни го признаа името. Ние работевме, и се случи тоа. Навистина, оваа Интерпелација е нешто што е конкретно, нешто што се работи за конкретни работи. Не чувме даречеме нешто што се однесува за границата кон Косово. Двеипол години исто така се зборува за 6 месеци ќе имаме одбележување на границата кон Косово. Каде е одбележувањето? Па имаше ветувања, второ или трето ветување, до крајот на 2004 година ќе се одбележи границата кон Косово. Сеуште и тоа виси во воздух. Сеуште нема ништо од тоа. Само некои сигнали, позитивни, негативни, надежи, изјави, меѓутоа, конкретно одбележување на границата кон Косово во овие двеипол години не видовме.

Или беше спомнато дека потребно е сите ние заеднички да се бориме за националните интереси и за името во конкретниот случај, за што јас се согласувам. И тоа барање за заеднички настап, кога се работи за 5, 6, клучни интереси, е барање што јас одамна го зборувам. Во 2003 година ВМРО-ДПМНЕ, како политичка партија го повика СДСМ да седнеме и да се договориме за 5, 6 крупни политички прашања, за кои што ќе имаме исти позиции и подеднакво ќе се бориме се разбира, секој во рамките на своите можности. Бидејки една е можноста на некој што е на власт и е во Влада, а друга е можноста на некој што е во опозиција. Меѓутоа, независно од тоа, факт е дека за некои работи треба да имаме заедничка борба, заеднички настап, заеднички напори. Но во конкретниот случај за името, тоа беше конкретен случај. Ќе ве потсетам почитувани пратеници дека во овие двеипол години ниту еднаш опозицијата не е во било кој случај ниту информирана, ниту консултирана за тие преговори. Ниту пак, пратениците во овој Парламент расправаа за некакви преговори, или пак за некакви, како што сега ги нарекуваат дипломатски офанзиви од наша страна. Чувме дека имало дипломатска офанзива од грчка страна и тоа го коментирав дека е добро што Владата не попушти во таа насока. Меѓутоа, потоа чувме дека има дипломатска офанзива од македонска странаа со друг предлог. Дали некогаш бевме свикани овдека во Парламентот, како претставници на народот, да ни биде кажано, или барем да бидеме информирани, за каква дипломатска офанзива станува збор. Што е тоа што го нудиме. Кој го дал мандатот за тоа што се нуди, па макар била и онаа двојна формула, или нешто слично за што не знаеме. Ние двеипол години слушаме само од време на време, преговарачите на Македонија и Грција се состануваат и дека нешто преговараат. И само слушаме дека нема напредок, има мал напредок, се пуштиле некои сигнали, меѓутоа, не чувме што е тоа што двеипол години го понудиле Метју Нимиц, што го понудила грчката страна, што сме го одбиле ние, ако сме го одбиле, што е тоа што нашите го понудиле, или не го понудиле. Значи, двеипол години еден тотален информативен мрак, не само за граѓаните, туку и за членовите на Парламентот. Ние имаме институција затворена седница на Парламентот во крајна линија, на која што може да се разговара по тоа прашање. Но, жалам што во таа насока, навистина, ние немаме некоја сериозна можност, освен, ако не ги следиме грчките весници, односно нашите медиуми да ги пренесуваат грчките медиуми, да дознаеме што понудила Грција, која е нејзината стратегија, каква дипломатска офанзива има, каде отишле, каде лобирале, во Брисел, незнам каде и т.н. Во Македонија 3 до 4 луѓе го имаат тој монопол и сите стрепиме што ќе се случи. Дали ќе им текне утре да попуштат нешто, или да не попуштат, или која стратегија ќе ја одберат. Овој Парламент сега за сега, е само еден нем набљудувач, што се однесува за прашањето за името, би рекол сериозен проблем и проблем на кој што мора да се пристапи сериозно и да бидат вклучени пошироки политички структури и заеднички да настапиме, се разбира, како за неколку други клучни национални прашања, за кои што во тие неколку средби што ги имавме во 2003 година, практично не успеавме ништо конкретно да слушнеме, или да се договориме затоа што се доаѓаше со веќе дефинирани ставови од страна на СДСМ, или евентуално договорени само со партијата ДУИ.

Би спомнал нешто околу економската дипломатија. Исто така и тоа беше зачнато и за тоа не чувме некои сериозни објаснувања. Јас се сеќавам само на неколку изјави на министерката Митрева. Пред две години беше во Израел. Се сеќавам, кога ја заврши средбата со министерот, кажа дека се договориле за многу инвестиции од Израел во Република Македонија.

Јас не сум забележал дека во тој период имало многу инвестиции, иако лично мислам дека тоа не оди на тој начин, да се договараат министрите за надворешни работи за инвестиции во држави кои што имаат пазарно стопанство, меѓутоа, тоа е една работа на која што се сеќавам.

Втората работа е мислам дека со некој министер од Финска имаше средба и тогаш ни кажа дека еве се договоривме за фински инвестиции во Македонија. Меѓутоа, ниту фински инвестиции дојдоа, ниту израелски инвестиции, ниту посериозни крупни инвестиции од било која држава дојдоа во Република Македонија. Навистина, не чувме тука некое посериозно објаснување кои се напорите, значи да ни одговори, бидејки се кажа дека ние неаргументирано настапивме, да ни се одговори на нас како неаргументирани во настапите, кои се тие работи со кои што навистина, економската дипломатија придонела з анекои сериозни инвестиции во Македонија, или било што, што ја

подобрува македонската клима во Македонија, вработувањето и т.н., или конечно донеле крупни инвестиции во Македонија.

Навистина, жалам што имаше ваков површен одговор, би рекол, очекував многу повеќе. Беше спомната дијаспората. Дијаспората е прилично разочарана од она што го гледа како надворешна политика на Македонија. Ставена е на маргините на Министерството. Барем од она што јас одам и јас го слушам во неколку наврати што имав можност во последните години и во Детроит и во други држави, каде што се собираше македонската дијаспора по разни прилики и каде што бев поканет. Тие имаат едно големо разочарување, не само што им се укина агенцијата за иселеништво, не им се дозволи ниту да гласаат за изборите во Република Македонија, овој Парламент го одби тоа. На никој начин не се вклучуваат во политичкиот живот и само од нив се бара ако може да инвестираат во Македонија со сопствени пари, со оваа атмосфера на бизнис клима што ја имаме и ако може да лобираат. Тоа е значи, барањето од нив. Конечно, би го прокоментирал и тоа што навистина ме изненади негативно, тоа што добивме страница и половина одговор од почитуваната министерка, одговор на Интерпелацијата што беше поднесена. Прилично напишана во еден стил во кој што и денеска настапи и во кој што во првата реченица вели дека во овие двеипол години Република Македонија станала играч и угледен партнер на меѓународната сцена. За каков играч станува збор? Односно, кога се споменува тој збор играч, се мисли на сериозен, голем играч што ги врти сите работи во регионот во најмала рака, ако не и пошироко. Меѓутоа, јас тоа не сум го забележал дека сме станале некаков играч. Мене тоа малку жангорски ми личи, отколку речник на дипломација.

Исто така забележав велат дека во ова време не треба да зборуваме за интерпелација, туку треба заеднички јуриш да сме направиле кон нашите ервопски и евроатлански цели. Па токму заради тоа ја правиме оваа интерпелација, да се стават на маса некои работи, кои што не одат, кои што одат бавно, некои работи кои што го рушат угледот на Република Македонија, ја девалвираат Република Македонија, за да заеднички побрзо и поцврсто продолжиме напред кон евроатланските интеграции.

Почитувани пратеници, еве јас толку би зборувал сега за сега. Има уште многу работи за кои што можеме да дискутираме за оваа интерпелација, но, невозможно е се да се исцрпи, така што, ви благодарам на вниманието, па тука сум, доколку има потреба, ќе зборувам повторно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Груевски. Јас се извинувам, со оглед на тоа што сега се вклучив, не знам дали има некој пријавено за реплика од пријавените. Од Анастасовски Иван, заклучно со Никола Апостоловски. Анастасовски, Макрадули, Грковска, Кондарко, Станковска, Гештаковски Ристова и Апостоловски. Три минути има господинот Анастасовски.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам. Почитуван потпретседателе, јас би сакал само да реплицирам во два дела од излагањето на господинот Груевски, каде што јас мислам дека навистина, нема некои допирни точки со работата на министерката Илинка Митрева. Тоа би било еден вид замолница. Повторно од негова страна се експлоатира случајот со киднапираните Кумановци и таа трагедија на тие семејства повторно се разгорува во јавноста за дневно политички цели и би замолил навистина и наредните дискутанти од нивната партија, кои имаат спремно говори, по однос на Интерпелацијата, тој дел да го прескокнат ако сакаат и да не коментираат по однос на таа навистина, голема трагедија. Тоа е моја замолница. А вториот дел е во она што го рече господинот Груевски, либерализација на визниот режим и тука цитираше една изјава. Добро е што тој како пратеник го следи собранискиот канал и од таму сигурно ја има извадено таа изјава на еден од евро пратениците кој дојде од Словенија, а во однос на тоа, највероватно, во меѓувреме се прекина врската помеѓу него и експотпретседателската Ганка, која е дел од тој мешовит комитет и тука не можел да добие права информација.

Значи, тоа што го спомна за либерализација за еден дел за некои 200 луѓе од Република Македонија, всушност, тоа господинот Чашуле во разговор со колегите од Европарламентот бараше покрај дипломатските и службените пасоши, да се направи либерализација и на студентите. Студентите како категорија, а од друга страна, од Евро пратеникот од Словенија беше одговорено, не е добро да се прави сепарација на одредена категорија луѓе, дали по возраст, дали по пол и т.н., добро е тој процес да продолжи за сите граѓани, паралелно, без оглед на кое ниво на функција се или во која општествена положба се во моментот. Значи, генерално за сите граѓани да се продолжи тој процес. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски. Следен за реплика е господинот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Можеби нешто ќе повторам каде што застана господинот Анастасовски. Интерпелацијата согласно Деловникот, како право на група пратеници содржи свое образложение. Соодветниот минситер на кого што е насочена интерпелацијата, дава одговор во однос на она што го пишува во образложението.

За жал, во тој момент претседавачот на Собранието дозволи, господинот Груевски да зборува за надворешната политика во државата во последните 15 години. Мислам дека не можеме тука никако да се договориме, ниту да ја завршиме седницата во некој разумен рок, доколку секој сега се навраќа на надворешната

политика во изминатите 15 години. Има образложение Интерпелацијата и министерката Илинка Митрева одговорила на оние наоди што ги има во Интерпелацијата. За тоа, сега не можеме да зборуваме за границата со Косово, ниту да бараме зошто некој не одговорил на нешто што не е поставено, затоа што некој замислил дека за тоа треба да се зборува во надворешната политика.

Второ, исто како што успехот можеби не треба да си го препишува тековната Влада, сигурно и некои фалинки што фалат не се виновни овие што сега се на власт и да паднеме во некое безсознание да мислиме дека од сега почнуваат лошите работи, а се што било добро е производ на некој што порано го правел и тоа никако не може да води до нешто.

Се согласувам дека треба да имме заеднички теми за крупни прашања, заедно со опозицијата, ама на тие состаноци не треба да се доцни 30 минути, или воопшто, кога не се доаѓа, не може ни да стане збор да се разговара со позицијата. Затоа, мислам дека господинот Груевски ќе го преиспита сето тоа и ќе добие покана од премиерот со релевантните политички партии да се дискутира, ќе дојде и ќе присуствува за тие крупни политички теми што вели. Не е вистина дека СДСМ ветил дека ќе влеземе во Европската унија на крајот од 2004 година. Мислам дека сите тие датуми што ги кажа господинот Груевски не се вистина, ниту пак е вистина и се залажува јавноста дека се пролонгира рокот, каде што ќе сме ја добиле информацијата, или ние нема да сме станале земја кандидат. Во овој момент нема такво нешто официјално од Брисел.

Што се однесува во делот на либерализација на визниот режим, за жал, се парафразира тоа. Се злоупотребува, бидејки не е се исто една група на луѓе, каде што не станува збор само за луѓе со дипломатски и службен пасош, напротив, и студентите и бизмисмените, да се промени ситуацијата во однос на визниот режим и тоа се вика либерализација. Инаку ако не важи за сите, тогаш ќе се укине. Либерализацијата значи постепен пат кон укинување на визите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Следен за реплика е госпоѓица Славица Грковска.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Господине Груевски, апсолутно не можам да се согласам со вашата теза дека Парламентот е нем набљудувач, кога станува збор за прашањето за името. Можеби тоа се должи на вашите чести отсуства од Парламентот, заради некои други обврски, во почетокот на мандатот како советник на една друга Влада, а подоцна од други причини. Меѓутоа, сакам да ја искористам приликата да ве информирам дека парламентарната дипломатија, ние како пратеници ја користиме многу интензивно во насока на лобирање и на наоѓање пријатели низ светот, кои што ќе не подржат во нашата борба за признавање на Република Македонија под уставното име.

Велите дека не можат да се препишат успесите на надворешната политика само на еден човек. Јас се согласувам дека меѓународната позиција на Република Македонија зависи од секој поединец, меѓутоа, за жал, господине Груевски морам да констатирам дека вие тука не сте дале некој придонес, заради тоа што како министер во Владата на Љубчо Георгиевски, Џафери и Андов, не ги испочитувавте меѓународните договори, кои што ги потпишувавте со меѓународните финансиски институции. И благодарение на тоа, Република Македонија 2002 година кога дојде оваа коалиција на власт, практично , првата работа што ја направи е да ја обнови соработката со меѓународните финансиски институции и да се отргне од изолацијата во која што западна благодарение на вас. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Има една минута контра реплика господинот Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам за реплликата и реплиците што беа. Значи, беше спомнато дека во Парламентот се зборува за проблемот со името, ама дека тоа е по комисии и комисиите се борат за името. Не беше мојата поента тоа. Мојата поента беше за одредени чекори што ги прави македонската дипломатија, дали е консултиран Парламентот. Не за тоа дека се бориме за името. Кој и да е во таа комисија, нормално е дека ќе се бори. Но дали таа комисија знае што преговара Македонија. На која позиција се нејзините преговори, кога се вели дека имаме нова дипломатска офанзива. За каква дипломатска офанзива станува збор. Дали за тоа е консултиран Парламентот како тело, а не комисиите. Тоа е основното прашање.

Инаку, кога беше коментирано дека се зборува за последните 15 години, добро е да се види говорот на министерката за колку години станува збор. Јас во тој контекст слушав говор и во тој контекст дискутирав. И кога станува збор, се извинувам, за тоа дека Македонија била изолирана, јас не би се согласил со тоа.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам, на другите реплики можевте да одговорите тогаш кога ви беа дадени.

Следен за реплика е господинот Кондарко.

Повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам, господине Груевски вие цело време во вашиот говор говоревте за гафови и кога говоревте за таканаречениот случај Џевад Адеми и кога говоревте за признавањето на уставното име на Република Македонија.

Меѓутоа, факт е едно. Факт е дека Џевад Адеми не е избран за амбасадор во Република Бугарија. А кога веќе сакате да говорите за гафови, јас ќе ви кажам што е гаф. Гаф е како вие искусен

економист да дадете изјава дека сте усвоиле 520 илјади гласови на локалните избори, или дека се прави харикири, рипајки од 80-дестиот спрат.

**Слободан Најдовски:** Господине Кондарко, реплицирајте директно на дискусијата на господинот Никола Груевски.

**Борис Кондарко:** Да, секако.

Што се однесува до уставното име, господине Груевски, споменавте процеси, споменавте учесници кои учествувале во тоа, меѓутоа, заборавивте себе си да се спомените. Јас не се согласувам со колешката Грковска дека и вие не сте заслужен за уставното име, за признавањето. Меѓутоа, исто така, пропуштивте еден многу битен факт, да го споменете и референдумот, бидејќи според вас референдумот директно придонел за признавањето на уставното име и вие во тоа сигурно верувате, па затоа не ме ни чуди што референдумот не го прогласивте за фалсификат.

Трагично и жалосно е што ја злоупотребувате судбината на загинатите кумановци во Ирак и притоа кажавте еден цитат, што исто така претставува гаф над гафовите дека тие не биле убиени приватно, туку тоа било политички сигнал од некоја терористичка група. Господине Груевски, јас навистина немам коментар, ова сите го слушнавме, сметаме дека вие сте сериозен политичар.

И на крајот, велите дека се договоривме заеднички за здружен настап, за заеднички настап за приоритетите, за нашите државни интереси, каде едно од најкрупните прашања е борбата за признавањето на името, но притоа постојано подметнувате. Господине Груевски, за жал, вие водите политика на подметнување, кога се работи за уставното име, за битката за признавањето на уставното име која е заедничка на сите граѓани, на сите политички партии подеднакво во Република Македонија. Од една страна, ја поддржувате Владата, од друга страна подметнувате дека наводно немала цврст став. Господине Груевски, на таков начин ниту ќе си помогнете себе си за вашата кариера, ниту на Република Македонија ќе и донесете нешто добро со таквата политика.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кондарко.

Господине Србиновски, вас ќе ве замолам да седнете на вашето место и да не дофрлувате од таму.

Следна за реплика е пратеничката Славица Станковска, повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам, потпретседателе.

Колега Груевски, меѓу другото, во вашата дискусија го спомнавте починатиот претседател господинот Трајковски за заслуга што ја има при промовирање на уставното име на Република Македонија. Јас и никој кој сака сериозно да се занимава со политиката не го оспорува тоа, ниту пак сака да му го одземе тоа, иако малку повеќе ова ми личи на злоупотребување на некој кој веќе не е меѓу нас. Но господинот Трајковски беше претседател и во вашето време, но сепак тогаш Република Македонија не беше признаена од САД под уставно име. Многу е чудно како за некои ваши потреби го користете господинот Трајковски, а во некои други случаи целата вина за случајот Љуботен му ја припишувате токму на господинот Борис Трајковски.

Ја спомнавте Република Хрватска и либерализацијата на визниот режим во Република Хрватска. Сигурно и на вас ви е познато, имаме можност да ги следиме телевизиските емисии на Република Хрватска, јас се воодушевувам затоа што секој граѓанин на Република Хрватска започнува и завршува со "Липа наша", за разлика од некои наши, односно ваши сопартијци кои го немаат тоа чувство на припадност и љубов за својата држава, заради тоа што од некои однесувања може да се стекне чувство дека работат против интересите на својата држава. Пред некоја година прочитав дека сега во Република Македонија е намален бројот на луѓе кои се занимаваат со разузнавачка дејност од проста причина што поединци така добро информирајќи ги пласираат во разните медиуми.

Не можам а да не се навратам и на она што многу го злоупотребувате, ниско и нечовечки е да ги користите нашите сограѓани за ваши маркетиншки цели, заради тоа што ја повикавте Владата како најодговорна. Таа ниту ги прати, ниту пак гарантираше. Ние знаеме за дел од единиците што ги испративме и ние учествувавме во тоа и можеме да кажеме дека дел за тоа што го направивме е и наша, да речеме не е вина, туку дел од она што е наше учество во Ирак со единиците е дел и на Парламентот. Но колега Груевски, од сето она што го правите почнувајќи од референдумот наваму, односно од акцијата за референдум па наваму можам да кажам дека вашите заложби за влегување во Европската Унија и НАТО се само декларативни. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Следен за реплика е господинот Кире Гештаковски.

Повелете господине Гештаковски:

**Кире Гештаковски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе реплицирам само на еден дел од говорот на господинот Груевски.

Навистина, оваа Влада, ова Министерство за надворешни работи овие две ипол години работеше напорно. Ме чуди констатацијата на мојот колега дека се доцни со датумите за евроатлантските интеграции. Го кажав примерот за 2002 година и сега ќе зборувам исклучиво за нашиот пат кон НАТО. 2002 година Република Македонија беше раскарана со НАТО, кој беше оквалификуван како агресор на Република Македонија. Само за две ипол години на прагот сме и јас сум убеден дека догодина ќе ја добиеме и поканата за полноправно членство на

Република Македонија во НАТО и никој ништо не ни има попуштено. Никој од меѓународната заедница во никоја од зададените задачи што и се дадени на Република Македонија не и попуштил. Сето тоа Република Македонија крваво го има сработено. Ќе почнам со ред. И опозицијата, и сите граѓани на Република Македонија се согласуваат дека реформите во сферата на одбраната се отидени најдалеку.

Второ, Јадранската повелба под покровителство на САД, што значи заеднички влез на Албанија, Хрватска и Македонија во НАТО, Македонија се избори за лидер во таа Јадранска повелба. Акционите планови што ги изработува два-три пати во годината се окарактеризирани како најдобри во однос на сите останати држави од Јадранската повелба. Учеството во мировните сили на војниците на Армијата на Република Македонија; учеството во борбата против светскиот тероризам и што е најважно исполнувањето на политичките критериуми кои се основа за влез во НАТО, како што е: доследна имплементација на Рамковниот договор, имплементација што следи од 1 јули на Законот за децентрализација, територијална организација и новиот начин на финансирање на локалната самоуправа; доследната соработка со Хашкиот трибунал; реформите во судството и сите оние обврски што ги има преземено Република Македонија, зададени од меѓународната заедница, Република Македонија ќе си ги сработи и ќе го дочекаме датумот, кој се надевам дека ќе биде идната година и поканата за полноправно членство на Република Македонија во НАТО.

И уште една мала забелешка, за последните зборови што ги изговори околу играч на меѓународната сцена, Република Македонија. Не ја омаловажувајте Република Македонија. Навистина сега за прв пат во својата историја Република Македонија има силни сојузници, вистински партнери. Никогаш во својата историја Република Македонија немала такви силни сојузници. Секогаш кога се решавало за судбината на Македонија се решавало без присуство на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

Следна за реплика е госпоѓа Каролина Ристова, повелете.

**Каролина Ристова:** Благодарам, господине потпретседател.

Повторно ќе зборувам на тема аргументирано и информирано критикување. Јас очекував повеќе од дискусијата на господинот пратеник Груевски, особено што е еден од носителите на оваа интерпелација. Најпрво за делот на либерализацијата, ќе се надоврзам на репликата на господинот Јани Макрадули каде што очигледно требаше да му објаснува на Груевски дека има разлика меѓу либерализација и ослободување од визниот режим, меѓутоа, тој се определи за популистички пристап, каде што практично ги манипулира граѓаните дека е потребна либерализација во однос на дипломатските пасоши, што не е точно, освен за државите на Бенелукс и државите што се надвор од Шенгенскиот визен режим, за дипломатските пасоши воопшто не е ни потребно да се прави муабет за либерализација. Либерализацијата е токму за одредени други категории, како прв и основен чекор за целосно ослободување од визниот режим. Но како што кажа и министерката за тоа потоа, па ќе видиме дали имаме конкретни резултати, во кои што сега нема да го убедувам господинот Груевски.

За случајот Адеми, исто така, немојте да ги манипулирате граѓаните. Процедурата воопшто не стигна до агреман, не ни стигна дури ниту до претседателот на државата, туку беше стопиран на Влада. И затоа треба да бидете чесни во тој дел.

Во делот на надворешно-политичките успеси, јас се повеќе имав впечаток, господине Груевски, дека вие патите од некаков садо-мазохистички, да не кажам некрофилски пристап, дека тие успеси просто вас ви сметаат, затоа што се успеси на оваа Влада. Вашиот удел во надворешната политика е удел на "пишман Перо", што би рекол народот, те ја поддржувам апликацијата, те не ја поддржувам апликацијата, те одам во Даблин, те не одам во Даблин. Ништо конкретно како алтернатива, како предлог, како контрааргументација не слушнавме ниту во досегашниот ваш мандат како лидер на опозицијата, или сега еден од лидерите, ниту пак во контекст на она што значи интерпелација. Како што спомнав јас и во говорот, каде се вашите аргументи, во што стагнира македонската надворешна политика. Најголемиот придонес ваш можеби е што некогаш во одредени ситуации не ги кочевте надворешно-политичките потези, а некогаш и тоа не може да се каже, ако гледаме кога тие потези ќе треба да се конкретизираат на домашен терен.

И за економската дипломатија јас наведов бројки на меѓународни договори, кои што се во надлежност на Министерството за надворешни работи, само што тие треба вие да ги читате и проучите, не се ексклузивни. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, госпоѓа Ристова.

Следен за реплика е господинот Апостоловски Никола.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам, господине потпретседателе,

Јас би реплицирал на колегата Груевски во три точки и тоа: На почетокот на своето излагање госопдинот Груевски ја изрази својата разочараност од настапот на министерот за надворешни работи и спомна бруки во Министерството за надворешни работи и несериозност во работењето.

Сакам да го потсетам господинот Груевски дека треба да биде разочаран за бруките и

несериозноста во работењето од страна на нивните амбасадори и конзули кои ги упатија за време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, кога имавме место амбасадори и конзули, пијани рели-возачи и моторџии.

Втората работа:ги спомна киднапираните граѓани од Куманово. Можам да ви укажам, господине Груевски, за таквите случаи да си ја прочитате Женевската конвенција, да си ја земете од Црвен крст на Македонија каде ги има овие конвенции и донесена е 1939 година, а има измени 1965 година, за третманот на ваквите случаи.

И третата работа, што може да се свати двосмислено, го спомнавте укинувањето на визите за време на војната во Хрватска. Дали вие војната во 2001 година, Вашата Влада ја направи да се укинат визите за нашите граѓани бидејќи тоа им ветивте 1998 година на изборите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски.

Завршивме со репликите. За дискусија се јави пратеникот Игор Ивановски.

Повелете господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Колеги пратеници, денеска иако имаме интерпелација која што сите велат дека е конкретна и за конкретна личност, се досега, се надевам дека вклучително и јас, никој не беше конзистентен со обидот да разговара конкретно за една личност или конкретно за една од наведените, ако не за сите работи, во интерпелацијата. Оттука не гледам причина јас да бидам за промена конзистентен, но и тука не гледам некоја посебна пречка со оглед на тоа дека ова е извонредна шанса и претставниците на позиционите и на опозиционите партии да поразговараат за една од клучните политики во државата, а тоа е надворешната политика. Едноставно да продискутираме за тоа каде се движи Република Македонија, сосема објективно да процениме каде сме биле и дали тоа го правиме на најдобар можен начин. Постојат повеќе дефиниции што е тоа надворешна политика, постојат повеќе аспекти кои што таа ја дефинираат, но јас би навел само едно, дека всушност надворешната политика во најголема мера е детерминирана или определена од внатрешните состојби или од внатрешната политика.

И вториот аспект, каде што сакам да го кажам за да бидам конзистентен за она што ќе го говорам е дека самата министерка, или носителот на Министерството за надворешни работи е само еден сегмент од водењето на надворешната политика, само еден сегмент во целиот систем, вклучително и во Владата каде што таа непосредно припаѓа. Оттука сосема објективно, со ризик прифалив за мене да бидам обвинет повторно, како што тоа можеби се случуваше во периодот од 1998 до 2002 година, помалку, но се случуваше и овој период, последниот, да говорам за настаните или за состојбата во Република Македонија во минатиот период, но тоа е потребно од едноставна причина што за да можеме да констатираме дали надворешната политика на Република Македонија во моментот, уште повеќе таа што ќе следи е добра, полоша или воопшто неприфалива за државата, а тоа можеме да го споредиме или да го констатираме единствено ако можеме да го споредиме со еден конкретен период бидејќи политичка реторика може да има секогаш, најчесто со празни аргументи, но во било која наука, вклучително и во политиката, за да можеме да констатираме една работа каква е, треба да ја споредиме. Само за потсетување: Република Македонија во периодот пред 2002 година, или поточно речено во периодот од 2000 до 2002 година, се наоѓаше во класична изолација и тоа беше на многу пати овде споменато. Ние, не од нас самите, од демократската, најчесто опозициона јавност во тоа време, туку и од релевантните меѓународни фактори бевме често пати анализирани и конкретизирани како "пусто острово" не само на Балканот туку и во Европа, ние успеавме во еден краток временски период, значи Владата во периодот од 2000 до 2002 година, да направи ситуација во која ние бевме скарани со целиот свет, едноставно речено изолирани. Релевантните меѓународни институции каде што сакавме да пристапиме ги нарекувавме агресори, се обидувавме странските дипломати кои ние ги повикавма да ни помогнат да ги избркаме и да ги прогласима за персона нон грата. Имавме основани шпекулации дека добар дел од водечките луѓе во тоа време отворено разговараат, на билатерален начин, со одредени претставници од Република Грција каде што влогот е токму уставното име Република Македонија. И можеме да наредиме еден куп примери, би завршил само со два и знам дека може ќе предизвикаат реакции, а тоа се всушност едни два конкретни случаи: првиот случај, т.н. Раштански лозја и во тоа време, но и потоа беше анализиран во едно подруго светло, дека всушност тој случај беше исконструиран, спроведен и реализиран, за жал, со голем број на човечки жртви странски државјани, токму за да Владата во тоа време се обиде да го поправи својот нарушен меѓународен рејтинг, кој што самата и го направи. Значи, воопшто не навлегувам во судската постапка, тоа е во делот на судството или за конкретните личности, зборувам за политиката која што во тој временски период се обиде, можеби, да направи еден ваков случај и за да се обиде да ја поправи сопствената меѓународна позиција. И вториот случај, оној кој што се однесува и е најактуелен во моментов - исто така нема да навлезам во ниеден момент во формално правна смисла, туку во оној дел кој што предизвикува реперкусии во надворешната позиција на Република Македонија, а тоа е обидот актуелниот случај на судскиот процес во Хаг за поранешниот министер Љубе Бошковски и поранешниот припадник на безбеднсоните органи Тарчуловски, што во моментот се води, да се

прикаже како обид на меѓународната заедница да и суди на Република Македонија. Апсолутно не можам да се согласам, со таквиот пристап а кој што најмногу го заговараат претставниците на опозицијата, бидејќи ниту во овој момент во Хаг, ниту пак тоа било замисла, и се суди на Република Македонија. Им се суди на конкретни личности кои во тој момент обавувале државни функции, но не може целата држава да биде предмет на таква анализа, а ќе видиме зошто го говорам тоа.

Држејќи се доследно на мојот принцип дека надворешната политика во најголема мера е огледало на внатрешната состојба и резултат на внатрешните состојби, ги споменувам овие два примера, бидејќи надворешната политика не може да разубави ситуации кои се внатре и тие се случуваат. Токму затоа и лично сметам дека сето она што го наведов дека во тој период со политичките акции, со случајот Раштански лозја или со реториката и обидот за креирање таква перцепција во овој момент, ние ја креираме надворешната позиција и личниот углед на Република Македонија и тоа го споменувам во тој контекст бидејќи тоа е најмалку потребно некоректно и негативно за Република Македонија.

Претставниците на опозицијата кои што во овој момент се потписници на Интерпелацијата, највероjатно се приврзаници на она што владееше во 2002 година, а тоа е теорија на заговори, на меѓусветски конспиративни теории, каде што жртвата е токму Република Македонија. Не гледајќи дека, всушност, тие со своето однесување ја направија Република Македонија залог и жртва на меѓународен план. Сето ова го кажав со ризик да бидам обвинет дека е најлесно да се потсетува на минатото, а најтешко е да се зборува за иднината, за да можеме само на момент да се потсетиме, бидејќи најчесто се забораваат работите, а поминаа само две ипол години каква беше Република Македонија и која беше опозицијата во тој временски период. За две ипол години не може никој од нас да рече дека се направени чуда или дека Република Македонија е влезена во ЕУ и во НАТО. И тоа ако некој го каже, лаже. Но, во исто време никој не може да каже дека во Република Македонија за две ипол години тој имиџ и ситуација која што владееше во тој временски период до 2002 година е драстично променет. Денеска Република Македонија поднесе во изминатиот период поднесе апликација за членство, храбар потег, доби прашања на кои што веќе одговоривме и тоа не од било кој, туку од претседателот на Европската комисија во тоа време Романо Проди. Тоа е политичка порака токму еден претседател на европска комисија да ви ги донесе прашањата, за што не беше случај во Хрватска, а ако грешам корегирајте ме. Република Македонија во рекордно време, за што најмногу заслуга имаат, според мене, не само политичарите, туку администрацијата, која што за прв пат покажа дека можеби има капацитет да спроведе еден сложен процес на одговори на Евро-прашалникот и тоа го направи. Република Македонија може реално, значи не политички, не коњуктурно, туку реално да очекува до крајот на годината да добие позитивно мислење и да го стекне статусот кандидат за членство во ЕУ, кој што исто така сам по себе ќе ни каже дека Република Македонија направила огромен прогрес, но исто така ќе ни даде и голем број на обврски за исполнување кои ние мораме и ќе ги прифатиме за нивно исполнување.

Република Македонија во изминатите две ипол години драстично ја подобри својата позиција на планот на НАТО-интегрирање. Ако до 2002 година НАТО беше агресорот, денеска НАТО е организацијата во која што ние се стремиме да влеземе уште подобро или поточно речено за овие две ипол години успеавме да направиме голем број во квантитативна смисла реформи, а во квалитативна уште повеќе и безбедносниот, но и во цивилниот сектор, што ни дава за право и како Република Македонија и поединечно, но и со влијанието и активностите што се одвиваат во Јадранската група под покровителство на САД, реално очекуваме покана до крајот на 2006 година за членство, а тоа ќе биде реализирано на следниот самит, кој што сеуште во моментов не е закажан. Или пак, ако сакате, доаѓаме до клучните теми на надворешната политика, а тоа е името на нашата држава, за кое што, покрај интеграцијата во ЕУ и НАТО има најголем консензус и помеѓу политичките партии и помеѓу граѓаните, без разлика на етничката припадност. Тоа е процес во кој што Република Македонија во овие изминати две ипол години не случајно, не одненадеж доби сатисфакција во конкретна смисла која што ја повторуваме и треба да ја повторуваме повеќе пати, а тоа е признавањето од страна на САД, политичката поддршка која што ја добивме од страна на најголемиот Парламент во Европа Бундестагот или политички најзрелиот Британскиот Парламент, согласно времето во кое што таму владее демократијата, или пак реалните очекувања тоа да се случи и со Италијанскиот Парламент. Тоа не може да биде резултат, дефинитивно, и тука се согласувам со вас на еден човек, ниту пак некој има претензија да рече дека тоа е резултат на еден човек. Но, тоа дефинитивно не може да биде резултат на една погрешно водена надворешна политика или на погрешно водени состојби на внатрешната политика. Тоа е резултат на еден осмислен процес кој што во овие две ипол изминати години се случуваше и ќе се случува, бидејќи крајната цел е Република Македонија да биде призната од сите со своето уставно име. Во моментов, чинам, 106 држави, а три држави од Советот за безбедност. Се чудам како може претседателот на најголемата, не во моментов, можеби во политичка смисла опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ во својата реторика да користи зборови преговори за името и дека тој наводно знае дека некој нешто преговара, а тој не бил информиран, бидејќи нешто ќе понудел. Само за информација, иако не е тука, во Њујорк не се водат преговорти,

се водат разговори. Тука има квалитативна битна разлика. Разговори околу разликите и тоа со Грција и тоа за употребата на нашето име во рамките на ООН. Крајната цел, бидејќи вели дека не е информиран или дека никој ништо во овој Парламент не го информирал како тоа се води, е доволно да ги прочита само изјавите и да се потсети како тоа изгледа и дека позицијата на Република Македонија е неменлива од онаа од Уставното име на Република Македонија. И тоа е политиката на Република Македонија. Да, разговори, консруктивна улога за надминување на разликите со Република Грција во ООН, но крајната цел е сосема позната и таа е непроменета уште од самиот почеток и тука апсолутно никој нема право, макар на пет минути на оваа говорница или на некое друго место во кратка изјава да ја доведува во дилема или да ја става под знак прашање, со единствената желба да собере политички поени. Ниту во тоа ќе успее, ниту пак тоа е факт.

Како што се вели во Интерпелацијата како основна причина за поднесување на оваа Интерпелација е дипломатскиот скандал, конкретно т.н. наречениот случај Џевад Адеми. Можеме да слушнеме повеќе причини во смисла на неговото објаснување. Некој рече дека тоа е системска грешка во функционирање на системот, други дека тоа е резултат на партиски влијанија, трети дека тоа е дефинитивна грешка внатре во Министерството за надворешни работи. Јас мислам дека ако целта ни е да дојдеме до објективната вистина и верувам дека сите по малку имаат право кога станува збор за тој т.н. случај. Но она што на почетокот пратеникот Стојан Андов, а и тој не е тука, се обиде да го наметне како клучно прашање, не баре тука се суди на некој или се брани, е министерката да признае во која фаза бил самиот случај. Ако тоа е крунското прашање, а се повтори уште неколку пати, јас од тука можам да дадам само одговор дека случајот Џеват Адеми не беше во фаза во која што беа, само за потсетување Филип Петровски, Алајдин Демири, Мирјана Даневска, Коста Стојменовски. Иако е неблагодарно да зборувате за луѓе што не се тука, ова се поранешни тројца амбасадори на Република Македонија и еден конзул и одговорот на прашањето што два три пати се обиде да го постави пратеникот Андов како клучно е следното. Џеват Адеми не беше во фаза каде што може да предизвика проблеми во водењето на надворешната политика. Дека МНР во следниот период ќе треба посериозно, поодговорно и покоординирано да ги води тие постапки и тоа е точно. И тоа не е ништо ново. Тоа треба да важи и мислам дека важи и да не беше овој случај и да не е оваа Интерпелација. Но, да не креираме негативна искривена перцепција дека ова Министерство за надвоешни работи или оваа Влада води партиска или партиски мотивирана политика во наименувањето на амбасадори. Токму затоа ги кажав овие имиња, бидејќи Филип Петровски, за жал беше во последната фаза и тој стана конзул. Знаеме како тој ја водеше својата работа. И Алајдин Демири стана амбасадор во Швајцарија и знаеме што тој правеше, како и Милијана Даневска беше амбасадор , па туку така во дадениот момент се повлече, бидејќи нашла подобра работа. Можеме да дадеме и други примери, за кои што немам намера да ги ставам во табелата на позитивни или негативни, но сакам само да потсетам дека и овие четири имиња и други од типот на Љубиша Георгиевски, Јордан Плевнеш, Мартин Треневски, Горан Рафајловски се имиња на амбасадори наименувани од претходната Влада, кои што во добар дел пред да станат амбасадори биле или министри или советници на премиерот Георгиевски тогаш или градоначалници од политички партии или пратеници и тоа е доволно што говори за пристапот што тогаш се направи. Значи, за да бидеме конзистентни и да говориме за една политика сега што не е точно, треба да се потсетиме само за момент тогаш и толку. И она што вие ме потсетивте дел од овие амбасадори ниту беа вратени во Република Македонија од политички причини, ниту нивниот мандат беше прекинат што говори дека оваа Влада водела конзистентна политика и не се водела од политички или партиски побуди и методи кога станувало збор за овие имиња. Ако тоа било така ќе требаше да го преземе рецептот на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 година и веднаш во првите шест месеци да ги врати сите амбасадори, бидејќи наводно тие биле на СДСМ. Значи, тоа не се случи, бидејќи се водеше од принципот дали конкретните личности се кадарни и умеат на најдобар можен начин да ја претставуваат државата и ако се такви да останат до крај да си ја вршат својата работа, а ако не да се вратат. Апсолутно е исто така некоректно или нелогично да се каже дека во Интерпелацијата со ваквиот начин на функционирање постои дефокусирање на приоритетите. Па, господинот Груевски ќе рече дајте да се договориме за пет-шест национални приоритети. Нема пет-шест национални приоритети, туку има неколку основни и не се пет-шест, за кои што верувам дека нема потреба или апсолутно е апсолвирано прашањето за да разговараме за нив сега во 2005 година. Приоритетите на Република Македонија се општопознати. Република Македонија да стане членка на ЕУ, да стане членка на НАТО-алијансата . Република Македонија да го зачува своето уставно име онака како што треба и на тоа се работи. Значи, таман работа со наводно функционирање на министерката или со овие конкретни наводи овде настанало дефокусирање на приоритетите. Или е ова нелогично и апсурдно, што е така или МНР и самата министерка има толкава моќ што може да направи дефокусирање на приоритетите за што во овој Парламент се разговарало 15 години, во јавноста постои постои апсолутен консензус и сето она што подразбира максимална поддршка. Значи, тоа воопшто не е точно. Можеме да разговараме и многу подолго, а верувам дека распрравата ќе продолжи и утре.

Но, едно е јасно Република Македонија води надворешна политика која што има за крајна цел да ја направи Република Македонија членка на ЕУ, членка на НАТО- алијансата. Република Македонија води политика со која што ја потврдув, значи не од сега стартува, ја потврдува водечката позиција во регионалната соработка во регионот, што е критериум потребен за влез во ЕУ и во НАТО, но исто така критериум битен за нас самите како држава. Република Македонија има и кадровски капацитети и стратегија како да ги спроведе сопствените стратешки интереси. Во тоа Владата позиционите партии ја бараат подршката и се отворени за дебата и дискусија со опозиционите партии, бидејќи тоа е најдобриот начин кога станува збор за државни интереси, затоа што тие не се ексклузивно право ниту на власта, ниту на позицијата, ниту во овој мандат, ниту во било кој што ќе следи. И само доколку така се настапи, кога станува збор за државните стратешки интереси преточени преку надворешната политика, а за нив зборувавме, навистина е потребен објективен, континуиран и искрен пристап, а не водење од тековни, дневни и ситни политички мотиви, кои што претпоставувам дека оваа Интерпелација би требало да ги оствари. Ниту оваа Интерпелација ќе ја промени министерката за надворешни работи, уште побитно нема да ја промени надворешната политика, бидејќи нема потреба за тоа. И, дебатата или дискусијата која што треба да произлезе денеска од оваа седница или од утрешната, е да ни покаже на сите нас дали сме навистина спремни како единки, но и како политички претставници кога ќе стане збор за државни интереси, сите заеднички да работиме. Дека можеме да зборуваме како подобро, како побрзо и поефикасно да ги оствариме, но не да даваме политички квалификации од овој тип.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ивановски.

За реплика се јави господинот Трендафилов Горѓи.

**Горѓи Трендафилов:** Незнам зошто господинот Ивановски, особено во предвечерието на закажаното изрекување на пресудите во случајот Раштански Лозја ја отвори или барем ја спомна во два наврати таа тема и тоа ми дава некакво мислење или впечаток дека тој е доста упатен во тој случај, па затоа би сакал господине Ивановски директно да ми одговорите. Спомнавте дека странски државјани ги загубиле животите во случајот Раштански Лозја, од која земја или од кои земји се тие странски државјани. Не кажавте, само кажавте дека се странски државјани. Кажете ми од која земја или земји се тие странски државјани?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Трендафилов.

Господине Ивановски повелете една минута контра реплика.

**Игор Ивановски:** Господине Трендафилов јас не сум ниту љубител на крими-романи, ниту на некои теории на заговори, она што сигурно можам да ви го кажам е дека дефинитивно сум помалку упатен од вас во целиот случај. Го знам она што го пишува во медиумите и она за кое што делумно можевме да се информираме. Апсолутно не сум упатен дефинитивно во една работа, во судскиот процес. Бидејќи местото не ми е таму. Ако вие нешто знаете, па сакате да го споделите со нас, тоа е ваша работа. Но, она што сакав да го кажам и ќе го повторам, недозволиво беше минатата Влада и тоа не го кажувам како моја констатација и проверете го стенограмот, реков дека постоеја анализи и шпекулации дека тој случај беше конструиран и спроведен од страна на минатата Влада, заради подобрување на сопствениот имиџ пред Меѓународната заедница. Дали е тоа точно или не, или дали луѓето кои денес се во судските процеси се виновни или не, не е работа ниту на Трендафилов, ниту на Игор Ивановски. Тоа ќе се докаже во судовите. Тука треба да бидеме апсолутно растоварени.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ивановски.

Реплика има господинот Флоровски Александар.

**Александар Флоровски:** Потпретседателот требаше да реагира навреме, затоа што дел од изнесените работи апсолутно немаат врска со она што е точка на дневен ред-Раштански Лозја, Љубе Бошковски, конспиративни теории, но само да ви одговорам кратко. Многу е лошо во време на предвечерието кога треба да се донесат судбоносни одлуки за четворица млади луѓе кои ја бранеа Македонската држава, вие да излегувате овде и по една промоција на екс-министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов на покажано ЦД дека е снимено во Драчево, да носите одлуки и однапред да ги осудувате тие луѓе. Тоа е исто како да донесам ЦД од Северина и да ви кажам овде се работи за конспирација, теории на завера, се работи за тоа, тоа и тоа. Дали вие го имате преслушано тоа ЦД и дали знаете за што се работи или сте добро информирани како личен советник од господинот Црвенковски.Од тука ли ви се информациите, и однапред ги осудувате тие што ја бранеа Македонија кога вас никаде ве немаше. Си ги ладевте нозете во Егејско Море.. За тоа ли говорите? За Љубе Бошковски сакам да ви кажам една работа. Судењето на Љубе Бошковски е судење на Република Македонија и не случајно министерката за правосудство ќе оди во посета заедно со јавниот обвинител господинот Прчевски. Мислите дека случајно оди? Па, тој беше министер за внатрешни работи на Република Македонија. Сигурно ќе го скокнете, па ваши коалициони партнери се, нормално е дека ве засега.

Околу теориите на конспирација, јас не сум приврзаник, иако многу имам читано. Но, морам едно да ви кажам и да го знаете. Дека она што се случи во 2001 година, е правено со благослов на

некого однадвор. Дали од Европа, дали од држави преку бара, тоа мора да ви биде јасно. За жал, не сме моќни нешто да направиме, но не беше место да ги спомнувате овие работи тука, а најмалку да говорите за Љубе Бошковски. Да не говорам за Тарчуловски кој буквално преку ноќ го киднапираше вашата власт. Немој да ни држите придики за морал, за патриотизам, за македонштина. Ја почувствувавме и добро ја знаеме кога вие не бевте тука. Вие, госпоѓо, никој вас не ве прашува и ве замолувам немој да реплицирате.

**Слободан Најдовски:** Завршивте ли господине Флоровски?

**Александар Флоровски:** Вие ми зазвонивте.

**Слободан Најдовски:** Не, јас не ви зазвонив вас, ви создадов услови да го искажете она што немаше врска со дискусијата на господинот Ивановски и за да не ве прекинувам, сепак ви дозволив бидејќи ви е прв ден. Но, сакам да ви укажам дека од она што вие реплициравте нема никаква врска со дискусијата на господинот Ивановски.

Господинот Јани Макрадули има процедурално.

**Јани Макрадули:** Без разлика господине потпретседател што му е прв ден, тоа не го амнестира господинот Флоровски дека него сигурно не му е дозволено денеска да прави што сака и еден однос што го имавме во овие две и пол години да си дозволи да го узурпира, или да го промени, или да го сруши. Реагирам како координатор на пратеничката група, затоа што со дисквалификации лично се обраќа на пратеникот од СДСМ и мислам дека тоа не е во ред.

И согласно членот 87 треба да го почитува достоинството на Собранието и на пратениците што се овде избрани. И репликата согласно член 86 треба да биде на она што го искажал некој, да смени навод или да коментира, а не тука да држи политички памфлети што најмногу и донесоа штета на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Една минута има господинот Ивановски.

Вие господине Флоровски немате право на збор. Воопшто не сте пријавени.

Една минута, господинот Ивановски.

**Игор Ивановски:** Господине Флоровски, Македонија сте и вие и јас и сите пратеници во оваа сала и сите што се надвор од оваа сала. И јас не сакам кога ќе прочитам наслов во странските весници, или изјави на други странски политичари врз база на изјавите на вас, претставниците на опозицијата дека во Хаг и се суди на Република Македонија. Во Хаг се суди на конкретни личности кои што биле на конкретни државни функции и државата треба да помогне да се овозможат услови да се дознае вистината, да се докаже дека се виновни, или да се докаже дека не се виновни. Но, во Хаг не и се суди на Република Македонија и не ги прифаќам таквите констатации. Овој пример го земав вклучително и тој претходниот за да ви покажам на конкретен начин како во изминатиот период и како сега успевате да му наштетите на меѓународниот углед на Република Македонија. Тоа е опасноста и за тоа говорев, чисто во контекст на надворешната политика на Република Македонија и она што ние претставуваме во светот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ивановски.

Господине Флоровски имате процедурално нешто? Повелете ако е процедурално.

**Александар Флоровски:** Процедурално како што говореше господинот.

**Слободан Најдовски:** Момент, седнете си на местото да ви го објаснам новиот Деловник.

**Александар Флоровски:** Не треба да ми го објаснувате. Како што дозволувате процедурално и "другите" да говорат, а нема врска со процедурата.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, на господинот Ивановски не му дадов збор процедурално. Господинот Ивановски по новиот Деловник.

**Александар Флоровски:** Јас не го спомнав господинот Ивановски. Говорев за предходните говорници кои ја искористија позицијата на процедурално, а говореа за други работи.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, исклучете го. Седнете си на место да ви го објаснам новиот Деловник.

**Александар Флоровски:** Сакам да имам ист третман како претставниците на позицијата.

**Слободан Најдовски:** Да ви објаснам. На господинот Ивановски вие му реплициравте во времетраење од три минути. Господинот Ивановски има право од една минута на контра реплика на вашата реплика. И господинот Ивановски доби една минута контра реплика и ништо повеќе. Така што немате право на дискусија.

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Господине потпретседателе, почитуван колега Ивановски, морам да го искажам остро мојот протест против бесмисленото и тотално невкусно споредување на некои од амбасадорите на Република Македонија и генералниот конзул Петровски со случајот на господинот Џевад Адеми. Тоа е бегање од одговорноста, од наводите што јасно се назначени во интерпелацијата и тоа значи дека немате одговор за она што е навод во интерпелацијата, па токму заради тоа го скренувате, го дефокусирате вниманието на македонската јавност.

За тоа како водела конзистентна политика и како не се враќале сите амбасадори кои што биле поставени од ВМРО-ДПМНЕ, морам да кажам дека од првиот ден по превземањето на функцијата веднаш се започна со јавни закани и дискредитирање на македонските амбасадори во

повеќе земји пред македонската јавност и во земјите каде што тие работеа. Секојдневно во медиумите се појавуваа имињата на господинот Димитар Димитров, Ѓорѓи Ефремов, Милијана Даневска, Срѓан Керим, Мериме Рушани и да не редам понатаму. И на тој начин не само што се вршеше медиумски линч на нивниот дигнитет, туку во исто време министерката и Министерството го рушеше угледот на македонската дипломатија и македонската држава. После таквите напади ирационално беше нивното понатамошно останување на амбасадорските функции, не можејќи да ја издржат жестоката пресија во медиумите некои амбасадори си поднесоа оставки и си заминаа од Министерството. Ваква појава, почитуван колега не е забележана во историјата на дипломатијата. Последиците од таквиот непромислен потез беа неколку македонски амбасади да останат без амбасадори подолго време меѓу кои и мисијата при Организацијата на обединетите нации повеќе од една година после напуштањето на господинот Срѓан Керим што е неопростива грешка во време кога Македонија се бори за афирмацијата на својата државност и влегување во светската заедница на народите со своето уставно име. За да се избегнеше таа грешка беше доволна минимална патриотска култура на министерката Илинка Митрева без примена на некакви политички, или дипломатски знаења и вештини. Ваквиот политички гаф за Македонија во очите на Светската организација веројатно ќе биде осамен во историјата на организациите на Обединетите нации.

Почитуван колега, бидејќи на тој начин се дискредитираа и амбасадорите и државата во очите на светската јавност им ја лимитираа нивната функција која што им ја доверил претседателот на државата, овој скандал што го направи госпоѓата Илинка Митрева уште тогаш беше доволен да биде сменета од министерската функција.

**Слободан Најдовски:** Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

(Реакции од место на госпоѓата Којзеклиска)

Госпоѓо Којзеклиска, времето за реплики беше одамна завршено кога вие веќе влеговте. Ако сте за дискусија, тогаш може. Да не се објаснуваме јас ќе ви кажам. Веќе имав дадено збор на господинот Трендафилов кој беше веќе пријавен за реплика и репликите беа отпочнати.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас ќе се обидам во мојата дискусија да излезам од овој стереотип, или клише кое што секогаш кога се работи за интерпелација воопшто досега во Република Македонија, одделно за оваа интерпелација денеска на министерката за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева се практикува досега во расправијата на претставниците на парламентарната позиција и опозиција. Јас во мојата дискусија ќе се задржам на три моменти.

Прво, принципиелниот момент, некои фактографски податоци и на крај елементите од самата интерпелација.

Најнапред принципиелно, интерпелацијата е најдемократски чин на парламентарната демократија. И единствена можност е преку интерпелацијата опозицијата да биде рамноправна со политичкото мнозинство. Тоа е единствен начин на кој што преку политичка критика опозицијата ќе и укаже на Владата на Република Македонија во целина, или на поединци од Владата за начинот на нивната работа, за постапките, за процедурата и за грешките евентуални за кои што смета опозицијата дека се направени од страна на министерот. Да се потсети позицијата која што ја бира Владата што ветувала кога народот на Република Македонија и дал доверба на 15 септември и да се потсети исто така што е постигнато од очекувањата од тоа што е политички ветено. Да се разбереме почитувани господа пратеници се работи за политичка Влада на три коалициони партнери кои се должни преку интерпелацијата на пратениците да им дадат отчет, затоа што во секоја парламентарна демократија опозицијата е таа која што ја брани демократијата, опозицијата секогаш владее, односно менаџира со демократијата. И од степенот на дискусиите, особено при интерпелација зависи и степенот на демократичноста, бидејќи во Парламентот ако ние во дискусиите, посебно претставниците на позицијата кои што имаат доверба во македонскиот народ, им ја дал македонскиот народ таа доверба и ги изедначиме сега одговорностите на опозицијата и позицијата, почитувани господа пратеници тогаш навистина ние имаме проблем. Да ве потсетиме, ние загубивме на изборите, затоа седиме на оваа страна од Парламентот, одговорноста е ваша и за тоа ја бараме одговорноста од вас.

Претставниците на политичката позиција, коалиционите партнери во власта исто така имаат можност да извадат бенефит од оваа дискусија, односно да имаат корист од оваа дискусија пред македонскиот народ, да си го покачат својот рејтинг и евентуално да добијат уште еден мандат во 2006 година ако успеат да докажат дека исправно работат. Меѓутоа, треба да покажат чувство на одговорност. За мене лично како пратеник во овој македонски парламент основната вредност на парламентарецот е чувството на одговорност, да ја понесе одговорноста тогаш кога треба да биде и критикуван, без разлика дали е министер, или претставник на позицијата, да се чувствува навреден и со невиден цинизам како што беше досега во сите интерпелации да ни држи тука лекции на претставниците на Парламентот на Република Македонија, министер кој што е избран од Парламентот, а ние сме избрани од народот. И во овие 4 години народот ни дал доверба да ги критикуваме министрите, да ги оправдуваме и тука тој цинизам нема место, покажува дека

Владата е недемократична, дека Владата работи по некој стар терк. Во врска со неколку фактографски работи кои што тука беа споменувани и во одговорот на интерпелацијата и во интерпелацијата и во дискусиите на членовите на македонскиот парламент. На пример, јас ќе дадам две мои, еве да излезам од стереотипот, позитивни забелешки на работата на госпоѓа Илинка Митрева. На пример, за мене е еден прекрасен дипломат, можеби најдобар според мене. Моето лично искуство во Брисел господинот Сашко Стевков лично сум и благодарен што остави за наш претставник таму, затоа што мислам дека неговата заслуга е немерлива за нашето чекорење кон Европската унија. Тој е воспитан со франкофонски дух, тој ги знае душите на луѓето кои што таму работат и многу и помага на Македонија. Тоа е место во Парламентот да се каже за еден човек кој што многу направил за Македонија во овој процес кој што трае од 8 септември 1991 година наваму за доближување на Македонија до Европската унија. Не е временска отсечка во времето на СДСМ, или во времето на ВМРО-ДПМНЕ, нема други засега во политички влади, или во експертската Влада.

Второ, исто така би ја пофалил госпоѓата министер, жал ми е што не е тука за да ги слушне тие пофалби од опозицијата и тоа покажува однос кон опозицијата, дали госпоѓата министер има однос кон опозицијата, или нема, што говорат опозиционите претставници, или пак едноставно каравонот си врви, кучињата лаат, власта си останува. Втората позитивна работа што сакав да ја кажам е тоа дека процесот кон приклучување кон НАТО навистина е во добра фаза. Сега фактографија. Дали некој памети која година беше потпишат Акциониот план за пристапување кон НАТО, 1995, 1998, 2000, 2003, што мислите вие господа пратеници? Случајно некој го потпишал во времето на ВМРО-ДПМНЕ. Што правиме сега? Значи, временската оценка наеднаш станува права линија, значи не е само СДСМ државотворна партија како што порано беше истакнувано, а ВМРО-ДПМНЕ бугарофили, сега не се веќе бугарофили, сега се криминалци, односно некои од нив се криминалци, туку навистина во времето на ВМРО-ДПМНЕ беа направени страшни чекори кон чекорењето кон евроатланската алијанса.Само да ве потсетам, во 1999 година Република Македонија, таа Влада му овозможи на НАТО да го спроведе својот воено акционен план за разрешување на конфликтот на Балканот. Тој е клучниот чекор каде што Република Македонија ги исправи грешките од времето на ембаргото и забелешките кој шверцуваше нафта, кој шверцуваше цигари и кој одеше тогаш за СР Југославија. Тој чин 1999 година ги отвори вратите на Република Македонија кон НАТО. И затоа говорам фактографија, да се потсетиме се работи за процес, а не за заслуга на оделен министер. Министерот има заслуги за тоа што го прави, но има и одговорност да одговара за тоа што не го направил. Значи, чекорењето кон НАТО е позитивна работа и активностите на госпоѓата министер продолжуваат во таа насока, но само во оној дел што значи продолжување на процесот и се разбира и одвојувањето на средствата 8% во Буџетот на Република Македонија. Едно друго министерство кое што тој пат исто така го следи и финансиски средства, чекорењето кон НАТО да се заврши и тука имаме усогласеност помеѓу министерот за финансии, министерот за одбрана и министерката за надворешни работи. Ова го кажувам за да потоа кога ќе зборувам за Европската унија исто така ќе укажам на други моменти. Значи, тука моите позитивни димензии кон работата на госпоѓата министер ги исцрпувам.

Сега, одиме на она што претставува би рекол мое политичко гледиште, мој агол на гледање за улогата на министерката за надворешни работи во овие две и пол години и за самата интерпелација.Најпрво, интерпелацијата не е задоцнета временски и несинхронизирана со темите поради грешка на опозицијата. Интерпелацијата е задоцнета затоа што македонскиот парлемент не работеше два месеци, значи ние немавме можност да ја гледаме интерпелацијата и тука ние имавме локални избори, да се потсетиме македонскиот парламент во тие два месеци се состана само еднаш и тука немаше можност да ја гледаме интерпелацијата. Значи таа е временски асинхрона со темите кои што се таму наведени, затоа што ние не работевме, ние не работевме, македонскиот парламент. Седниците ги закажува спикерот на Собранието господинот Јордановски.Потоа, во врска со она што претставува начин на работа околу Европската Унија. Иста така, ќе потсетам дека, морам да го кажам тоа, сега зборувам за фактографија. Никој од политичкото мнозинство од парламентарната позиција ниту госпоѓата министер досега во овие две и пол години не спомна еден многу битен факт како ние се доближуваме кон Европската унија и кој е клучниот фактор, момент за доближување на Република Македонија кон Европската унија. Тоа е 9 април 2001 година, Луксембург, потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската унија. Тоа е повторно продолжување на процесот. Пред тоа исто така, луѓе разговарале, преговарале да дојдеме до 9 април 2001 година кога повторно случајно во времето на друга влада, на друга политичка констелација, но повторно во интерес на македонскиот народ, бидејќи да не заборавиме, ние сме тука само заради тој народ и госпоѓата министер и господата пратеници кои сме во позиција, или во опозиција или вон Парламентот, а јас сум бил и вон Парламентот, знаеме што се случуваше во Република Македонија од 1994 до 1998 година, па знаеме што се случуваше од 1998 до 2002 година, некој тоа го истакнува понагласено сега кога треба да дискутираме за 1998 - 2002. Мене ми е повеќе во сеќавање 1994 - 1998 кога случајно ние го сменивме името. И наеднаш добивме референца БЈРМ. Но, не сакам да говорам за нешто што

претставува вон делокруг на работење на министерката за надворешни работи. Чекорењето кон Европската унија, значи сакам да заклучам дека е процес во кој што ние во овие две и пол години забавивме, а забавивме затоа што кога го потпишавме Договорот за стабилизација и асоцијација бевме први. Ние бевме прва земја од Западниот Балкан, референцата Западен Балкан кој го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација пред Хрватска. Тогаш бевме први. И во Загреб кога се потпишуваше, тогаш Хрватите беа бесни, беа револтирани, како може една Македонија од југот да биде пред Хрватска.

Сега ние сме зад Хрватска. Според мене тоа е забавен процес. Тоа е компаративна анализа на состојбите во регионот, на состојбите како чекори Македонија кон Европската Унија и што ние како општество, како политички корпус, како политички партии, како Парламент и Влада сме направиле заедно, нашите стратешки пријатели, како што ги имаат Хрватите стратешки пријатели германците, што ние направивме за нас некој да постави ултимативно барање дека Република Македонија треба да биде примена и тоа гордо го поднесоа тоа барање, а ние го поднесовме некако, така, со молба дека ако не не примат ќе се распадне Македонија. Затоа говорам дека тука сме забавени и тоа е факт. Не сме повеќе први. Тоа е голема работа.

И уште еднаш да ве потсетам зошто сме забавени.

На 15 октомври 2002 година Македонија стана 146 членка на Светската трговска организација. Тоа е надворешна политика, отвореност на меѓународната трговија. Пред Хрватска, повторно ќе кажам. Кога ние станавме членка, Хрватска не беше членка. И тука сме поназад и во меѓународната трговија и во котирањето на рејтингот на Република Македонија на берзите и секаде во оценките на големите, оние кои даваат оценка за кредитниот рејтинг, за сите оние рејтинзи, политичкиот рејтинг, сигурносниот рејтинг на земјата каде што тие пласираат капитал. Едноставно во тој процес, ние полека забавуваме, а треба да се потсетиме, на 1 ноември 2002 година беше формирана коалиционата Влада на СДСМ, ДУИ и ЛДП. Досега поминаа рамно 30 месеци. Значи ви останува, почитувани господа пратеници од позицијата, многу малку. До јуни имате можност за работа. Од јуни почнуваат одморите 2006 и после се парламентарните избори. Имате уште најмногу 14 месеци работа. Значи една година и два месеци. Едноставно не можете тоа што сте го испуштиле сега да го надоместите, затоа што немате време. Тоа е факт. Колку и да се убедуваме тука тој процес неповратно одминува. И ако Македонскиот народ повторно ви даде доверба, јас како почитувач на демократијата, ќе го почитувам тоа, повторно вие политички да ги менаџирате професиите и тогаш тој процес да го продолжите. Ако не ви даде доверба, не ќе може да кажете утре, како македонсика опозиција, дека само вие во ваше време и само СДСМ направил се околу ЕУ и НАТО. Јас ви кажав фактографија дека не е така, тоа не е вистина, а фактографските бројки се непорекливи. Фактите се голи, колку и да сакате да ги облекувате и да ги фризирате.

Сега во делот на името. Јас го загатнав тоа затоа што, ќе ми дозволи господинот претседател, се враќаме во времето назад во сите дискусии. Ние ставаме една точка, 2002 година како репер и викаме Република Македонија во меѓународна изолација. Како тогаш Европската Унија има потпишано договор за стабилизација и асоцијација, 2001 година. Како господинот Крис Патен, тогашниот прв човек ни дозволи ние да имаме референца, да бидеме прва земја во Западен Балкан, да потпишеме договор за стабилизација и асоцијација, пред Хрватска, пред Србија. Тоа никогаш не било во историјата Република Македонија да биде пред Хрватска и Србија, уште од времето на СХС. Значи, треба да гледламе со отворени очи и назад и напред. Во тој контекст прашањето за името, јас и забележувам воопшто на македонската дипломатија и на министрите од времето кога јас сум бил во Владата, а и сега, зошто ние не го кажеме тоа отворено зошто министерот за надворешни работи на Република Македонија докрај не ја разви Резолуцијата во Обединетите нации. Што зборува таа резолуција. Како се решава името Република Македонија? Единствено преку преговори со Републолика Грција, никако на друг начин. Така што и со Резолуцијата, а Резолуцијата е непореклива во ОН. Затоа ние не можеме да го решиме името. Не се тоа разговори. Не се тоа пријателски дискусии и кафе муабет со грците. Едноставно ние сме должни во договор со грците да најдеме формула за македонското име. Господинот Глигоров како претседател на Република Македонија тоа го доведе до едно ниво каде што ја наметна двојната формула, Република Македонија за цел свет, преговори со Република Грција за односите меѓу Македонија и Грција и кон тоа се движи и оваа Влада. Не отстапува од тоа. Кон тоа се движеше и господинот Керим, после беше и господинот Чашуле, кон тоа се движеше и госпоѓа Митрева која беше член на Коалиционата Влада, нужност заради воената состојба во Република Македонија, сите заедно бевме во таа неприродна парламентарна демократичност, во коалициона Влада, после Рамковниот договор. Значи нема тука што да додадеме или што да одземеме. Можеме само временски да констатираме. Ако така ги гледаме работите, одговорноста тогаш можеме да ја релативизираме и тогаш може да постапуваме принципиелно, тогаш можеме да постапуваме човечки и да разбереме дека во даден момент и во тој простор и во тој момент не може да има разрешница. Но, тоа треба да се каже искрено, тоа треба да се каже со достоинство, тоа треба да се каже со почит. Ние не сме тука фрлени на патот. За нас некој гласал, за нас некој човек го

дава својот глас, го дал своето демократско право во негово име тука да зборуваме. Мислам дека тоа е најголемиот недостиг на овој Парламент, па и на оваа Влада, вклучително и на министерот за надворешни работи кој смета дека со држење на лекции, за тоа што сега опозицијата не направила, а можела да направи, заслужува да и се каже дека, исто така и таа како министер во овој македонски парламент, била и таа парламентарец во опозиција, многу нешто не направила, а тоа е искрено, достоинствено, до крај да ги расветли фактите околу името и признавањето на името. И затоа ќе кажам, не пореклив е фактот, постои жив сведок, господинот Керим го изјави тоа за договорот помеѓу претседателот на САД, господинот Буш и нашиот трагично починат претседател Трајковски, за признавањето на Република Македонија под уставното име. Господинот Трајковски е дел од македонскиот политички живот. Трагично и прерано премина, но неговата заслуга мора да се признае, независно дали тој бил предложен од ВМРО-ДПМНЕ, едно време беше само граѓанин на Македонија, а после беше во кохабитација со СДСМ. Но, факт е, заслужува тоа да се каже дека тој, а постојат живи сведоци, е најзаслужен за признавањето на Република Македонија од САД под уставното име, со должна почит на Министерството за надворешни работи на Република Македонија и сето она што таа го првела за да го поттикне тој процес. Но, не можеме да избегаме од вистината за фактографијата затоа што наеднаш тогаш политички немаме предност. Наеднаш, не сме само ние заслужни, како што не бевме ние само заслужни за Договорот за стабилизација и асоцијација. Постоела некоја македонска опозиција која во тој момент исто така опоменувала, предупредувала, но ние сме биле тие кои сме го потпишале и тоа останува во историјата. Јас бев на потпишувањето со СТО. Тој е голем чин за Македонија, не е битно кој бил таму. Битно е дека тоа е направено. Македонија е потписник на Договорот за стабилизација и асоцијација, од таму произлегуваат обврски и права. Ние имаме права по Договорот за стабилизација и асоцијација и тука веќе се наметнува правото да поднесеме кандидатура за членка во ЕУ. И тука можеме да дискутираме за тоа колкави се заслугите на госпоѓата министер.

Сега околу Законот.

Ние треба да кажеме дека од постоењето на незазвисна суверена и самостојна Република Македонија немаме закон за надворешни работи. Тоа е факт. Меѓутоа, зошто пак се враќаме на 1998-2002 година, дека и тогаш немало закон. Тогаш немало закон,ама две години по ред имавме Косовска воена криза 1999 година и после тоа излегувањето од Косовската воена криза, Пакт за стабилност, Бодо Хомбахт, па потоа господинот што е сега во пактот за стабилност, а 2001 година беше воениот конфликт, па можеби има некое оправдување иако нема оправдување. Меѓутоа, сега да се говори, еве сега законот е поднесен. Две ипол години одиме во просперитет, велиме. Зошто кога тој закон беше предложен од господинот Стојан Андов тој не беше веднаш иницииран во парламентарна процедура, кога знаеме дека ние немаме закон за надворешни работи, а тој закон за надворешни работи е многу битен за Република Македонија затоа што госпоѓата министер знае, имаше една иницијатива од Министерството за економија во 2001 година, за трговските аташеа на Република Македонија во амбасадите. За тоа се согласувам со господинот Ивановски дека надворешната политика на Република Македонија произлегува од она што е внатре огледало е на внатрешната состојба на Република Македонија, а нас покрај политичкиот момент, ние заборавме, почитувани господа пратеници, најболна точка ни е економскиот момент. Ние сме малечка земја, ние сме земја која има проблеми во економијата која има огромен број на невработени, која има сиромаштија и тука е проблемот на македонската економија, како да ги надмине тие гранични бариери, не природната географска поделеност до портовите на Белото море и како да излезе во светот со промоција на својот економски потенцијал. Тоа може да го направи само преку трговски аташеа во амбасадите, а тоа не се решава веќе две ипол години. Никој за тоа не размислува. Нема тука оправдување. Затоа зборував за тие 2,8% во буџетот за НАТО. Како можеме да издвоиме 2,8% во буџетот за НАТО, а не можеме во МНР да додадеме 0,3 % за 42 трговски аташеа во македонските амбасади ширум светот. Тука е проблемот и тука лежи одговорноста на соодветниот министер кој не соодветно на потребите на Република Македонија на надворешно трговски план ги решава и разрешува проблемите на промоција на Република Македонија и покрај политичката адаптација, би рекол на Република Македонија во тој процес и економски да ја прикаже Република Македонија и да ја адаптира во тој, би рекол високо развиен, пред се западен свет. Ние немаме амбасади во Африка и во Латинска Америка, имаме амбасади во високо развиените западни земји, земјите од славјанскиот свет и земјите од прекуокеанот. Во тој контекст мислам дека треба да проговориме и за една многу битна точка која можеби е болна за сите нас. Тоа е точката околу позиционирањето на Република Македонија во етаблирање на европскиот вредносен систем на македонска почва.

Ние донесувајќи закон за децентрализација на Република Македонија по политички етнички критериуми, денес ни се случи пратеничката група да поднесе закон во кој бара поништување на изборите во чисто етничките средини и да го напушти македонскиот парламент. Македонските граѓанин, преку невладина организација која исто така е дел од европското чекорење, Светскиот македонски конгрес, собраа потписи за одржување на референдум, не порекливо европско право, каде што политиката нема место, каде граѓанинот владее. Тука не може политиката

да држи лекции, не можете вие сами да решавате за вашата судбина. Опозицијата, не велам дека не згреши во политичката артикулација на тоа. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Горчев имате уште 5 минути и вратете се на точката.

**Марјан Ѓорчев:** Господине претседателе вие изгледа не ме слушате.

**Љупчо Јордановски:** Јас ве слушав. Зборувавте за законот за поништување на изборите. Јас не гледам што тоа има врска со интерпелацијата.

**Марјан Ѓорчев:** Има врска. Вие не ме слушавте. Цело време.

**Љупчо Јордановски:** Не, не. Јас веќе 15 минути ве слушам. Имате уште 5 минути, бидејќи во 17,00 часот завршуваме.

**Марјан Ѓорчев:** Тогаш ќе продолжам утре со дискусија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжете утре. Тоа е ваше право.

Благодарам.

Бидејќи имаме уште 4 минути до 17,00 часот, тука ја прекинуваме денешната седница.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот)